РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

**Филозофски факултет**

**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР**


– МАГИСТЕРСКИ ТРУД –

# ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ИСЛАМСКА СОРАБОТКА - МОБИЛИЗИРАЧКИ И ОБЕДИНУВАЧКИ ФАКТОР НА ИСЛАМСКИТЕ ДРЖАВИ ВО НАДМИНУВАЊЕ НА МЕЃУРЕЛИГИСКИ СУДИР


**Ментор:**
**проф. д-р Рина Киркова**

**Изработила:**
**Надица Лешникоска**



Скопје, 2017 година

## СОДРЖИНА

ГЛАВА I – ВОВЕД .......... 3
1.1. Формулирање на проблемот на истражувањето .......... 3
1.2. Предмет на истражувањето .......... 7
1.2.1. Дефинирање на основните поими .......... 7
1.3. Цели и задачи на истражувањето .......... 14
1.3.1. Научна цел .......... 14
1.3.2. Практична цел .......... 14
1.3.3. Задачи на истражувањето .......... 14
1.4. Хипотези на истражувањето .......... 15
1.5. Варијабли на истражувањето .......... 16
1.6. Методи на истражувањето .......... 16
1.7. Општествено - научна оправданост на истражувањето .......... 17

ГЛАВА II - Анализа на Организацијата за исламска соработка .......... 19
1. Осврт кон Организацијата за исламска соработка како меѓународна организација .......... 19
2. Формирање и развој на Организацијата за исламска соработка .......... 24
2.1. Создавање на Организацијата за исламска соработка .......... 28
2.2. Карактеристики на Организацијата за исламска соработка 31
3. Анализа на Повелбата на Организацијата за исламска соработка .. 33
4. Организациска структура .......... 37
4.1. Примарни органи .......... 38
4.1.1. Помошни тела на примарните органи .......... 42
4.2. Секундарни органи .......... 43
5. Членство во Организацијата за исламска соработка .......... 49
5.1. Влијателни земји .......... 51
6. Декларација од Каиро за човековите права во исламот .......... 53
7. Десетгодишни програми за акција на Организацијата за исламска соработка .......... 58
7.1. Десетгодишна програма за акција 2005-2015 година .......... 58
7.2. Десетгодишна програма за акција 2016-2025 година .......... 62

ГЛАВА III - Исламот како обединувачки или разединувачки фактор на Организацијата за исламска соработка ... 67
1. Исламот како религија ... 68
1.1. Сунитски ислам ... 71
1.1.1. Фракции на сунитскиот ислам ... 72
1.2. Шиитски ислам ... 77
1.2.1. Фракции на шиитски ислам ... 78
1.3. Одразот на сунитско - шиитското вековно ривалство врз исламскиот свет и врз Организацијата за исламска соработка ... 84
2. Шеријатот и Организацијата за исламска соработка ... 86

ГЛАВА IV - Организацијата за исламска соработка како глобален и регионален фактор ... 95
4.1. Организацијата за исламска соработка како глобален фактор ... 96
4.2. Организацијата за исламска соработка како регионален фактор . 102
4.2.1. Саудиско - иранскиот конфликт како предизвик за Организацијата за исламска соработка ... 102
4.2.2.Граѓанската војна во Јемен како нов предизвик за Организацијата за исламска соработка ... 111
4.3. Имликации на концептот Умет врз единството на Организацијата за исламска соработка како меѓународна организација ... 114

ГЛАВА V - Заклучок ... 118
Библиографија ... 124

# ГЛАВА I

# ВОВЕД

## 1.1. Формулирање на проблемот на истражувањето

Во поновата историја, по сé изгледа, речиси и да нема подобар пример за проучување на новите облици на влијание на религијата врз надворешната политика и меѓународните односи од развојот и дејствувањето на Организацијата за исламска соработка. Исламот по католицизмот, кој со векови гради политичко влијание, денес е единствената светска религија која има институционализирано влијание на меѓународен план. Тоа, пред сé, е резултат на инхерентната поврзаност на оваа религија со правото и политиката, како и на универзалистичките постулати врз кои тој е втемелен како вера.

Нејзиното формирање, постоење и дејствување директно е изградено врз Куранскиот концепт на Умет, односно заедницата на исламски верници, и има свое историско упориште во исламската политичка институција калифат. Тоа го потврдува и истакнатиот пакистански политиколог Нур Ахмад Баба, кој смета дека „идејата за единство на муслиманите, чие највидливо историско изразување беше калифатот, претставува интегрален дел на политичката филозофија на исламот, а нејзина современа манифестација е Организацијата за исламска соработка“ [1].

Појавувањето на Организацијата за исламска соработка како глобален меѓународен фактор на светската политичка сцена се случи во периодот на крвавите судири на територијата на поранешна Југославија во почетокот на деведесеттите години на минатиот век, особено во Босна и Херцеговина, кога оваа панисламска организација „летна“ до височини кои ѝ беа непознати

[1] Oliver Potežica, *Organizacija islamske konferencije OIK*, http://www.islambosna.ba /forum/politika-i-aktuelnosti/oliver-potezica-organizacija-islamske-konferencije - oik/ ? wap2

дотогаш. Зошто, по улогата на нем посматрач во Иранско - ирачката осумгодишна војна во осумдесеттите години и во Заливската војна во 1990 година, во која сепак на страната на сојузничките сили во војната против Ирак учествуваа голем број муслимански земји, таа за првпат во својата историја се здоби со право да расправа за едно од најзначајните светски прашања. Како меѓународен фактор беше „изедначена со другите светски сили на Лондонската конференција за Југославија“ на која, за жал, застапуваше најрадикални, наеднострани и најектремни ставови што, наместо да водат кон политичко решение, придонесоа за натамошна ескалација на војната во Босна и Херцеговина.

Нејзиниот глас на светската политичка сцена подоцна сé почесто и погласно почна да се слуша, особено кога станувaше збор за прашања кои ги тангираа муслиманските земји и народи, односно во кои исламскиот фактор играше значајна улога како, на пример, во воената интервенција на НАТО против некогашна Сојузна Република Југославија во 1999 година поради ситуацијата на Косово, воената интервенција на НАТО во Авганистан и војната против режимот на Садам Хусеин во Ирак. Посебно место во нејзината надворешно - политичка активност од самото нејзино формирање имаа и сé уште имаат случувањата на Блискиот Исток, односно на израелско - палестинскиот конфликт и односите на Израел со неговите арапски соседи. Во последниве години, пак, во фокусот на нејзиното интересирање беа случувањата во арапскиот свет и промените што ги донесе тнр. „Арапска пролет” во Тунис, Либија и Египет. Но, сепак, најголемото внимание ѝ беше и сé уште ѝ е насочено кон граѓанската војна во Сирија, каде што застана на страната на противниците на режимот на претседателот Башар ал Асад [2]. Токму војната во Сирија, но и онаа во Ирак, во сета светлина го покажа главниот проблем со кој се соочува Организацијата за исламска соработка, а тоа е повеќе од 1300-годишната поделба и нетрпеливост меѓу главните фракции во исламот - шиитите и сунитите. Бидејќи огромното мнозинство земји - членки на оваа асоцијација се доминантно сунитски држави, тие во Сирија застанаа на страна на доминантното сунитско население наспроти

[2] Алавитите се подрупа на шиитите, односно религиско малцинство кое брои околу 1,7 милиони припадници или околу 10 -12 % од сириската популација.

Алавитите, шиитска подгрупа, чиј припадник е и самиот сириски претседател Башар ал Асад. Слична е и ситуацијата во Ирак, каде што шиитите се дури меѓу 60 - 65 насто од вкупното ирачко муслиманско население, додека, пак, сунитите се меѓу 32 - 37 насто [3]. Токму таа поделеност и нетрпеливост меѓу сунитите и шиитите и нивната борба за превласт во исламските земји е главната причина за меѓуверски конфликти во исламските земји што сериозно се одразува дејствувањето на Организацијата за исламска соработка.

Но, и покрај тоа, таа во изминатиот период се здоби со „дефинирано“ место во современата меѓународна заедница, воспоставувајќи и одржувајќи постојани и регулирани односи со другите меѓународни субјекти, без оглед на тоа дали станува збор за меѓународни организации, како што е Организацијата на Обединетите нации, или значајни држави какви што се: Руската Федерација, Кина, Соединетите Американски Држави и други земји.

Организацијата за исламска соработка во изминатиов период се потврди како меѓудржавна организација втемелена врз припадноста на иста вера, но која игра значајна улога во меѓународната политика. Но, од друга страна, како што веќе нагласивме, токму таа втемеленост на припадноста нејзините земји - членки на една религија, поконкретно на исламот со сите негови теолошки и доктринарни карактеристики, е нејзиниот главен ограничувачки фактор. На тоа, секако, влијае испреплетеноста меѓу духовната и световната компонента во современите религиско - политички движења во исламскиот свет и во секоја исламска земја одделно, како и разликите во геополитичките, геоекономските, геостратегиските, културните и идеолошките позиции од кои секоја исламска земја им пристапува на одделни аспекти или на целината на феноменот на исламот. Покрај тоа, во никој случај не смее да се маргинализира фактот дека процесот на јакнење на исламскиот фактор во светот има своја опачина која се изразува преку заживување и проширување на исламскиот фундаментализам, чиј најекстремен облик е тероризмот кој е најголемата опасност за безбедноста и на самите исламски земји.

[3] Central intelligence agency, *The world factbook*, https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/iz.html#People

Токму тука започнува и формулирањето на ова истражување. Во него најпрвин се анализирани причините и поводот за основањето на Организацијата за исламска соработка, односно на нејзината претходничка - Организацијата на исламската конференција во 1969 година, потоа нејзиниот речиси петдецениски развој, како и нејзините најважни активности. Исто така, се анализирани нејзиното место и улога во современите глобални меѓународни односи, односно колкава е нејзината моќ да влијае врз процесите што се случуваат на меѓународната сцена и колку таа е способна, како втора по големина глобална меѓународна заедница, да придонесе за зачувување на мирот и безбедноста во светот и за спречување на конфликти од најразличен вид, вклучувајќи ги и меѓурелигиските судири. Ова посебно е важно имајќи ги предвид растечкиот исламизам и радикализам, кои своето грдо лице го покажуваат преку терористичките напади не само во исламските земји, особено во Ирак, Авганистан, Пакистан, Турција, Јемен, Либија, туку сé повеќе и во Европа и Соединетите Американски Држави. Тоа покажува колку оваа организација, која се темели врз базичните начела на Куранот, е способна да се справи со различните радикални и екстремистички толкувања на исламот, кој сé повеќе се користи како средство за остварување на разни идеолошки и политички средства.

Исто така, поради создавање на поцелосна слика на Организацијата за исламска соработка во истражувањето беше опфатена и областа на човековите права, бидејќи токму таа е една од ретките меѓународни асоцијации, која се занимава со заштитата на човековите права, но само во исламските земји. Впрочем, како што Обединетите нации можат да се пофалат со Универзалната декларација за човекови права, така Организацијата за исламска соработка може да се пофали со Декларацијата од Каиро за човековите права во исламот, донесена уште во 1990 година.

Придонесот од истражувањето има теоретско значење во насока на запознавање со една од најголемите и најважни меѓународни и меѓудржавни организации во современиот свет - Организацијата за исламска соработка, како и со нејзината улога на мобилизирачки и обединувачки фактор на исламските земји, но и како значаен фактор во меѓународните односи за зачувување на глобалниот мир и светската безбедност, до толку повеќе што таа многу малку е позната во нашата јавност.

## 1.2. Предмет на истражувањето

Истражувањето е направено врз основа на влијанието на Организацијата за исламска соработка како меѓудржавна и меѓународна организација, која има 57 полноправни земји - членки во кои исламот е мнозинска, државна или малцинска верска конфесија, во меѓународните односи за надминување на меѓурелигиски судири. Основни сегменти на истражувањето се нејзините надлежности, правни прописи и акти, како и нејзината активност како организација во заштитата на исламските човекови права. Анализата на нејзиното досегашно дејствување и развој, акциите што ги спроведе и ги спроведува таа, како и на Декларацијата од Каиро за човековите права во исламот од 1990 година, треба да покажат колку оваа организација како единствена меѓународна и меѓудржавна асоцијација во современиот свет, која е формирана и дејствува врз верска (исламска) основа, може да биде успешен инструмент за надминување на проблемите со верска конотација.

### 1.2.1. Дефинирање на основните поими

Од аспект на истражувањето од посебно значење ќе бидат следниве поими, наведени по азбучен ред:

**Агресија** - поведение со кое се нанесува штета врз телото и/или врз душата на друг човек. Агресија има за цел лична егоистична полза и/или за својата група. Таа е поведение преку кое единката се обидува да се справи со физичка или со психичка повреда. Агресивноста е предиспозиција за избор на агресивни и натпреварувачки поведенија како спротивност на алтернативни поведенија [4].

**Декларација од Каиро за човековите права во исламот (CDHRI)** - декларација на земјите - членки на Организацијата на исламска соработка донесена во Каиро, Египет, на 5 август 1990 година. Таа дава преглед на исламската перспектива во однос на човековите права и го афирмира

[4] Олга Мурџева - Шкариќ, *Ненасилна трансформација на конфликти*, Филозофски факултет, Скопје, 2007, стр. 8.

исламскиот шеријат како единствен извор. Декларацијата има за цел да дава „општи насоки за земјите - членки на Организацијата за исламска соработка во областа на човековите права" [5].

**Демократија** - Демократијата претставува облик на управување каде што државната власт произлегува од луѓето. Зборот демократија води потекло од старогрчките зборови „demos" што значи народ и „kratos" што значи власт. Демократијата е нужно облик на владеење, а не облик на ограничување на власта. Демократијата се залага за општото добро, еднаквост и социјална правда за сите.

**Идентитет** - индивидуално или групно чувство за себеси. Тоа е резултат на самосвесноста дека „јас" или „ние" поседуваме особини како ентитет, кој не разликува „мене" од „тебе" и „нив" од „нас" [6].

**Ислам** (арапски: إسلام) или **мухамеданство** - монотеистичка аврамска религија која потекнува од учењето на пророкот Мухамед во VII век. Се заснова на верата во еден Бог (арап. Алах), избраноста на Мухамед за божји пратеник, предодреденоста на човечката судбина, наградата за добри дела и казната за лошите, судниот ден и воскреснувањето на мртвите. Постулатите на исламот се објавени во Куранот, светата книга на исламот.

**Исламофобија** - Зборот „исламофобија" настанал од зборовите „islam" и „fobi" што значи страв од исламот и омраза кон исламот. Претерано преувеличена претстава за исламот, т.е. дека исламот е религија која води кон негативното однесување и дека присуството на муслиманите во општеството представува закана и опасност за него. Исламофобијата е термин кој означува предрасуди или дискриминација кон исламот и муслиманите. Во употреба се јавува во средината на осумдесеттите години од минатиот век.

**Калифат** или **хилафет** (арапски: خلافة) - облик на владеење во кој врховен владетел е законски наследник на Мухамед, избран меѓу најпобожните и најобразовани муслимани. Таквиот облик на владеење не е

[5] *Cairo Declaration on Human Rights in Islam*, Aug. 5, 1990, U.N. GAOR, World Conf. on Hum. Rts., 4th Sess., Agenda Item 5, U.N. Doc. A/CONF.157/PC/62/Add.18 (1993) [English translation]. http://www1.umn.edu/humanrts/ instree/cairodeclaration.html

[6] Huntington P. Samuel, *Who are we? America's Great Debate*, London Free Press, 2005, p.21.

наследен. Наследството на муслиманските царства, кои постоеле во исламскиот свет, обично се опишани како „калифати“. Калифат претставува суверена држава на сите муслимански верници или уми. Во најраните денови првиот калифат, Праведниот калифат, покажал елементи на непосредна демократија (Шура). Во почетокот тоа го воделе учениците на Мухамед и семејството, како продолжение на религискиот систем што го вовел тој.

**Конфликт** - ситуација во која се инволвирани најмалку две страни (поединци, групи, држави) и кои се стремат кон цели кои се некомпатибилни од самиот почеток или се стремат кон една иста цел која, меѓутоа, може да биде постигната единствено од една страна [7].

**Култура** - потекнува од латинскиот збор „colere“, што значи одгледува, облагодарува. Во најширока смисла значи целесообразна нега, преработка, обработка, оспособување и усовршување на една работа. Во потесна смисла, „култура“ значи процес на човекова интервенција врз природно дадените предмети и објекти и нивно приспособување на човековите потреби. Таа е севкупност на човековите материјални и духовни остварувања и артикулација на неговите историски и индивидуални религиски облици на изразување.

**Куран** или **Кур'ан** (арапски: قرآن al-qur'ān) - света книга на Исламот. Муслиманите веруваат дека Куранот е објава на Божјите зборови и кулминација на Божјата објава на човештвото преку Божјиот пратеник Мухамед. Пренесувањето траело 23 години преку ангелот Габриел (ар. Џибрил). Куранот е поделен во 114 поглавја кои се нарекуваат сури и кои содржат различен број на стихови - ајети (знаци). Тој претставува единствен и најважен столб во развојот на исламската цивилизација во животот на муслиманите како заедница и како поединци. Тој е и извор на теологијата, законодавството, општествените односи, правилата на однесување во трговските и личните односи и во секојдневниот живот. Во него се дефинира исламскиот верски закон - шеријатот, кој интерпретиран преку исламското право (ар. фикх) со помош на хадисот (зборовите и делата на Мухамед) се обидува да ги насочи животите на муслиманите во согласност со исламот. Куранот е и стандард и модел на пишаниот и говорен арапски јазик.

---

[7] Митко Котовчевски, *Етиологија на вооружените конфликти*, Скопје, 2007, стр. 23.

Муслиманите Куранот го нарекуваат и „Кур′ан“„Книга“„Последен тестамент“„Последна Божја објава“„Божја објава“ или „Откровение“.

**Меѓународна организација** - облик на институција која се однесува на еден формален систем на правила и цели, односно е рационален административен инструмент, кој има „техничка и материјална организација: конституција, локални поглавја, физичка опрема, машини, амблеми (белези), постојано седиште, персонал, административна хиерархија” [8].

**Мир** - отсуство на војна и состојба меѓу државите. Од позиција на мировните студии се разликуваат два аспекта на мирот: негативен - кој претставува состојба во која нема употреба на директно физичко насилство, и позитивен мир - кој претставува состојба во која се остварува интеграција и подразбира дека употребата на насилство како средство за решавање на конфликти е исклучено [9].

**Предрасуди** - вид ставови кои не се засноваат на валидно искуство, ниту на рационални аргументи. Тие се однесуваат на ирационална сомнителност или омраза кон одредена група луѓе, раса или религија и често се базираат на општествени стереотипи, а во најекстремна варијанта резултираат со укинување на човековите права или давање незаслужена предност на некои групи. Предрасудите се тенденциозни генерализации, афективно се оптоварени и многу се отпорни на промени [10].

**Религија** - збир на културни системи, системи на верување и погледи на свет кои се однесуваат на човекот и на неговиот однос кон Бога и светот кој го опкружува. Религијата има потреба да ги објасни потеклото и смислата на животот, човекот и универзумот. Практиките на различните религии можат да содржат: проповеди, богослужење, принесување жртви, различни обреди, празници, иницијации, начини на погребување на покојникот, склучување брак, медитација, музика, уметност, танц и други аспекти на човечката култура. Меѓутоа, постојат примери на религии за кои некои или многу од овие аспекти на верување или практика се отсутни.

---

[8] Clive Archer, *International organization*, Routledge, 3 edition, London & New York, 16 august 2001, p. 2.

[9] Лидија Георгиева, *Творење на мирот - мирот, безбедноста и конфликтите по Студената војна,* Филозофски факултет, Скопје, 2007, стр. 107.

[10] *Tolerancija odnosno poštivanje različitosti*, http://www.skole.hr/ucenici/ss?news_id=9637

Поимот „религија“ настанал од латинскиот глагол „religiere“ - „да се поврзе”. Овој термин прв го употребил Лактанције, христијански филозоф од IV век, говорејќи за врската на човекот со природата, другите суштества и Бог.

**Религиозен фундаментализам** - религиозна позиција која бара јасно почитување на религиозните верувања. Тоа многу често резултира со нетолеранција кон другите религии и верници, но и кон припадниците на сопствената религија што не се придржуваат до овие фундаментални вредности.

**Слобода на религијата** или **религиска слобода** - принцип кој ја поддржува слободата на секој поединец или заедница, приватно или јавно, да ја манифестираат својата религија или верување преку подучување, почитување и вршење обреди. Таа најчесто подразбира и слобода на промената на сопствената религија, односно право да не се практикува никаква религија. Правото на „напуштање” или престанување на членството во сопствената религиска заедница - апостаза - исто така се смета за една од темелните религиски слободи. Религиската слобода е право не само да се верува, туку и право да не се верува. Современиот концепт на религиските слободи подразбира слобода на религијата, но и слобода од религијата. Слободата на религијата во поголемиот дел во денешниот свет се смета за едно од основните човекови права и како такво е кодифицирано во членот 18 на Универзалната декларација за човековите права на Обединетите нации.

**Сунитски ислам** - (од арапскиот збор: سـنة, „суна” што значи зборови и дела, сунитство), најголем огранок на исламот. Сунитскиот ислам најчесто се смета како ортодоксен облик на исламот. Него го следат меѓу 85% и 90% од сите муслимани во светот. Сунитските муслимани (арапски: أهل السـنة والجماعة) се „верници кои го следат сунетот на пратеникот Мухамед и го сочинуват мнозинството на уметот“ [11]. Најчесто се нарекуваат сунитски муслимани, сунити или суни и се сметаат за единствени вистински муслимани.

**Тероризам** - зборот „терор” (terreur) со значење систем, режим на страв, потекнува од периодот на јакобинската диктатура на француската буржоаска револуција (1789-1794). Според Волтер Леквер, тероризам е однапред смислено, намерно, систематско убивање, заканување и заплашување со цел

[11] John L. Esposito, *Sunni Islam*, *The Oxford Dictionary of Islam*. Oxford: Oxford University Press, ed. 2014.

да се предизвика страв кај невините луѓе за да се оствари политиката или тактичката предност, а вообичаено да се влијае врз јавноста [12].

**Ума** или **Умет** (арапски: أمة) - арапски збор што значи заедница или нација. Во исламот ума или умет значи заедница на сите верници (ummat al-mu'mimin) и со самото тоа на целиот исламски свет. Во денешниот арапски јазик зборот ума се користи во облик кој означува модерно поимање на нацијата, како на пример: al-Umam al-Muttahida, (Обединети нации) [13].

**Човекови права** - поим кој се однесува на концептот кој се базира врз идејата дека човековите суштества имаат универзални природни права или статус независно од правната јуридистикција или другите одредувачки фактори, како што се етникумот, државјанството и полот. Човековите права се однесуваат на сите луѓе, затоа што од „да се биде човек" не можат да се откажат, изгубат или одземат. Човековите права се неотуѓиви. Тие за првпат беа признати во Универзалната декларација за човекови права во 1948 година и му припаѓаат на секој член на човековото семејство без оглед на пол, раса, националност, социо-економска група, политичко мислење, сексуална ориентација или кој било друг статус.

**Џихад** - зборот „џихад" е изведен од арапскиот збор „Jihada" што значи „да се стреми против сопствената склоност кон зло". Џихадот во исламската терминологија значи да се „стреми за подобрување на општеството". Го вклучува значењето да се стреми кон борба против злото, тиранијата и угнетувањето. Муслиманите го користат зборот „џихад" за да опишат три различни видови на борба: внатрешна борба на верникот да живее надвор од муслиманска вера, борба за изградба на добро исламско општество и света војна - војна за одбрана на исламот, па дури и со сила ако е тоа потребно.

**Шеријат** - правна норма која претставува збирка на сите прописи од областа на верското и световното право врз чија основа се уредени односите во исламската заедница. Шеријатот е божествен закон на исламот, а толкување на тој закон е фикх, односно судството. Шеријатот се однесува на

---

[12] Митко Котовчевски, *Национална безбедност на Република Македонија*, (*Втор дел: Внатрешни извори на загрозување на националната безбедност*), Македонска цивилизација, Скопје, 2000, стр. 39.

[13] *Islamic terminology*, http://islamic-dictionary.tumblr.com/post/4353858659/ummah-arabic

секоја димензија на животот, вклучувајќи ги семејните односи, законот за наследство, даноците, прочистувањето од загаденост и молитвата.

Шеријатското право е право кое се заснова врз исламската религија и Куранот како основен извор на правото. Тоа е едно од петте основни големи правни системи, како што се: европско-континенталното, англо-саксонското (тнр. common law), индиското и кинеското. Бидејќи се смета за објавена Алахова волја, односно Алахови прописи претставени во стиховите на Куранот, тоа се доживува како заокружен правен систем, совршен и непроменлив. Во него е одредено што е праведно и дозволено (халал) и што е забрането (арам).

**Шиитски ислам** (арапски: شيعة) - втор по големина огранок на исламот. Според историското потекло, шиитите ги признаваат братучедот на Мухамед Али и неговите потомци за единствени полноправни наследници на Мухамедовата световна и духовна власти (калифи и имами). Верниците најчесто се нарекуваат шиитски муслимани или шиити. Тие веруваат дека Али е директниот наследник и водач на сите муслимани по смртта на Мухамед, додека, пак, сунити сметаат дека Абу Бакр, првиот калиф по Мухамед, легитимно го добил водството над муслиманите. Оваа разлика во мислењето се случила во 632 година и тој раскол остро ги поделил овие две муслимански традиции во многу верувања и активности. За разлика од сунитите, шиитите сметаат дека Куранот е единствена основа на верата. Зборот на Куранот е „вечен израз на божество", а нејзината повремена објава е поврзана до Бога избрани носители (имами). И додека во сунитскиот ислам, основата на верата е согласноста на заедницата, кај шиитите носители на верскиот авторитет се имамите, во кои постојано се препородува светлосното јадро на божествената природа. Според ортодоксното учење, таа инкарнација (арап: хулул) се пренесува во семејството на Мухамед, односно на Алиевите потомци, до дванаесетто колено.

## 1.3.Цели и задачи на истражувањето

### 1.3.1.Научна цел

Истражувањето е иницирано за да се добијат релевантни показатели од кои треба да се добие одговор на прашањето: Дали Организацијата за исламска соработка, како дел од системот на глобални меѓународни и меѓудржавни организации, располага со средства и капацитет за зачувување на глобалниот мир и светската безбедност? Исто така, истражувањето ги презентира и анализира активностите на Организацијата во борбата против етничката, верската и расната дискриминација, како и против најголемото зло на денешницата - верскиот екстремизам и милитантен исламизам. Сето тоа е во функција на главната цел: дали е оправдано или не нејзиното постоење.

### 1.3.2. Практична цел

Резултатите добиени од ова истражување покажуваат дали, колку и на кој начин Организацијата за исламска соработка како меѓудржавна асоцијација на земјите од тнр. исламски свет, придонесува за заштита и унапредување на човековите права и за промоција и унапредување на верската толеранција и дијалогот меѓу мнозинското муслиманско население и верските малцинства во земјите - членки, како и меѓу муслиманското малцинство и мнозинското немуслиманско население во другите делови на светот. Трудот, всушност, покажува колку оваа панисламска организација е способна да биде значаен меѓународен фактор во решавањето на меѓуверските судири во земјите - членки, но и на глобално ниво.

### 1.3.3. Задачи на истражувањето

- Анализа на формирањето, развојот, структурата и дејствувањето на Организацијата за исламска соработка;

- Анализа и критички осврт на темелните документи на Организацијата за исламска соработка (Повелбата на Организацијата за исламска соработка, Декларацијата од Каиро за човекови права и двете десетгодишни програми за акција);

-Анализа и критички осврт на религиозната компонента на Организацијата за исламска соработа;

- Утврдување на способноста на Организацијата за исламска соработка да ги штити правата и интересите на нејзините земји - членки во меѓународните односи;

- Дали и колку Организација за исламска соработка може да игра улога на актер во решавањето на одредени конфликти кои имаат верска компонента.

## 1.4. Хипотези на истражувањето

### Општа (генерална) хипотеза:

Организација за исламска соработка, како меѓудржавна организација на земјите од исламскиот свет, поседува капацитет да претставува мобилизирачки и обединувачки фактор на исламските држави во насока на надминување на меѓурелигискиот конфликт кој е производ од прогресорот на верскиот екстремизам и милитантен исламизам.

### Посебни хипотези:

- Организацијата за исламска соработка како меѓудржавна организација на земјите од исламскиот свет поседува капацитет да биде мобилизирачки и обединувачки фактор на исламските држави.

- Организацијата за исламска соработка како мобилизирачки и обединувачки фактор може да влијае за надминување на меѓурелигискиот конфликт кој е производ од прогресорот на верскиот екстремизам и милитантен исламизам.

## 1.5. Варијабли на истражувањето

### Независни варијабли:

- Организацијата за исламска соработка е меѓународна организација во која исламот е државна, мнозинска, или малцинска религија.
- Таа се смета за колективен глас на муслиманскиот свет, кој работи врз зачувувањето и заштитата на интересите на муслиманскиот свет.

### Зависни варијабли:

- Организацијата за исламска соработка е биде главен мобилизирачки и обединувачки фактор на земјите од исламскиот свет.
- Таа е единствена меѓународна организација во современиот свет која дејствува врз верска основа.

## 1.6. Методи на истражувањето

За реализација на ова истражување неопходно е да бидат применети соодветни методи, техники и инструменти кои ќе овозможат собирање, средување, обработка и анализа на податоците. Од методолошка гледна точка истражувањето е од мешан карактер, односно има квалитативен и квантитативен приод, што ќе овозможи поголема искуствена и емпириска евиденција, како и контрола за надминување на одредени грешки сѐ со цел да се зголеми неговиот квалитет. Во ова истражување методолошката рамка ја сочинуваат општите научни методи кои го определуваат дескриптивниот карактер на истражувањето. При примената на истражувачките методи посебно место ќе имаат следниве научно - истражувачки методи:

**Компаративна метода** - споредба на условите за членство во Организацијата за исламска соработка и во другите меѓународни организации, пред сѐ, во Организацијата на Обединетите нации.

**Метода на историска анализа** - ќе се користи за да се даде историски приказ на условите и причините за формирањето на Организацијата за

исламска соработка, на нејзиниот развој и дејствување, како и на нејзините карактеристики и организациска структура.

**Каузална метода** - ќе се користи заради воочување на причинско - последичната врска меѓу независните варијабли и зависните варијабли.

**Анализа на содржина** - анализа на темелните документи на Организацијата за исламска соработка: Повелбата и Декларацијата од Каиро за човековите права во исламот, основните правни акти, декларациите од самитите, двете десетгодишни програми за акција, како и на шеријатското право врз кое се темелат сите нејзини документи. Се предвидува и анализа на научни трудови со иста или слична тематика.

## 1.7. Општествено - научна оправданост на истражувањето

Организацијата за исламска соработка, и покрај тоа што е една од најголемите и најзначајни меѓународни организации во современиот свет, која на меѓународната сцена активно дејствува уште од 1969 година, многу малку или речиси е непозната во нашата научна јавност. За неа може да се слушне или да се прочита само кога се одржуваат нејзините самити, министерски конференции или, пак, кога реагира на одредени случувања поврзани со исламскиот свет. Главната причина за тоа најверојатно лежи во нејзината „неексклузивност" во однос на многу поатрактивни за следење и истражување теми, како што Европската унија и процесите на европската интеграција, НАТО и евроатлантското партнерство, односите Исток - Запад и сл. Впрочем, тоа најдобро го потврдува бројот на трудовите што во последниве години се објавени за овие теми, додека, пак, за Организацијата за исламска соработка, но и за случувањата во исламскиот свет, освен кога станува збор за воени конфликти, речиси не е напишан ниту збор.

Токму во тој факт лежи и општествената и научна оправданост на овој труд насловен како „Организацијата за исламска соработка како мобилизирачки и обединувачки фактор во односите на исламските држави во надминување на меѓурелигиски судир", бидејќи спаѓа меѓу ретките чија основна тема се токму оваа организација и случувањата во исламскиот свет, кои сѐ повеќе ја преокупираат меѓународната јавност, но и нашата јавност, до

толку повеќе што македонското општество е мултиетничко и мултиконфесионално и во кое припадниците на исламската религија играат значајна улога. Иако овој труд нема претензии да биде единствениот кој се занимава со оваа меѓународна организација на исламските држави и како таков да даде одговор на сите прашања и дилеми, сепак ќе биде поттик за натамошни истражувања и на натамошни трудови, со што ќе биде збогатена литературата за оваа значајна меѓународна асоцијација, која треба да фрли светлина врз оваа сега сé уште не допрена тема за истражување.

# ГЛАВА II

# АНАЛИЗА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ИСЛАМСКА СОРАБОТКА

## 1.Осврт кон Организацијата за исламска соработка како меѓународна организација

Денешниот сé повеќе глобализиран свет на прагот на третот милениум се соочува со сé поизразената верска, национална и друга нетрпеливост, чија можна разврска би можела да има трагични, ако не апокалиптични последици врз современата цивилизација. Впрочем, тоа најдобро го потврдуваат крвавите судири на просторот на поранешна Југославија во почетокот на деведесеттите години на минатиот век, крвопролевањата во Руанда, војната во Ирак, а потоа и во Авганистан, како и веќе шестгодишната крвава граѓанска војна во Сирија која, покрај огромниот број жртви и разурнувања, ја предизвика и најголемата бегалска криза со која се соочува Европа по Втората светска војна. Иако како главни причини за воените конфликти се наведуваат политички, економски, геостратегиски и други интереси, нивниот главен корен лежи во вековната нетрпеливост меѓу двете најголеми светски религии - христијанството и исламот, но и меѓу ограноците во самите религии, како што се католицизмот и православјето во христијанството, и сунитите и шиитите во исламот.

Освен што културата е универзална потреба, истовремено е израз на партикуларноста, па оттаму неспорно е и тоа дека културната различност има сериозен конфликтен потенцијал. Низ историјата сме сведоци на низа конфликти и војни од различен вид во кои светските меѓународни организации, директно или индиректно, учествувале во постигнувањето и решавањето на проблемите, без оглед на составот на нивното членство, вера, култура и јазик. Меѓународните организации, како што се Организацијата на Обединетите нации, НАТО, ОБСЕ и др. со своето директно учество во кризните подрачја, сознанијата и искуствата од Првата и Втората

светска војна, како и повеќедецениската Студена војна, нé наведуваат на заклучокот дека цивилизациите се на работ на помирување. Но, исто така, дел од цивилизацијата е и религијата. Согледувајќи ги минатите и актуелните настани од религиски аспект, кои земаат во себе и различни идеологии под слоганот „во името на", може да се констатира дека религиите воопшто не се помирени. Токму затоа, меѓународната заедница, свесна за опасноста што во себе ја носи верската нетрпеливост, постојано се обидува да изгради мостови на соработка и дијалог меѓу религиите, бидејќи сé повеќе станува јасно дека најопасните конфликти ќе бидат токму меѓу луѓето кои им припаѓаат на различни култури и културни ентитети. Во тоа, несомнено, најголема и незаменлива улога игра Организацијата на Обединетите нации, но и други меѓународни и меѓудржавни глобални и регионални асоцијации.

Една од нив која, токму поради својата природа, може да одигра значајна улога во надминувањето на меѓурелигиските конфликти, пред сé, во исламскиот свет, но и да помогне во помирувањето меѓу христијанството и исламот, е Организацијата за исламска соработка или, како што се нарекуваше до 28 јуни 2011 година, Организација на исламската конференција. Таа е меѓудржавна асоцијација во кои исламот е државна, мнозинска или малцинска религија. Како таква таа е единствена меѓународна организација во современиот свет која е формирана и дејствува врз верска основа [14]. Впрочем, таа самата себеси се смета дека е „колективен глас на муслиманскиот свет" и дека работи на „зачувување и заштита на интересите на муслиманскиот свет во духот на промоцијата на меѓународниот мир и хармонија" [15].

Нејзини членки можат да бидат само оние земји кои себе си се сметаат за исламски, односно оние земји кои со сопствена волја го прифатиле членот 5 на Повелбата на Организацијата за исламска соработка дека „само исламските земји можат да бидат членки на Организацијата" [16]. Токму затоа таа може да биде силен мобилизирачки и обединувачки фактор не само во

[14] Oliver Potežica, *Organizacija islamske konferencije*, Nova srpska politička misao, http: //starisajt.nspm.rs/Debate/2006_opotezica-oik.htm
[15] Исто.
[16] *Organization of Islamic Cooperation Charter*, http://www.oic-oci.org/oicv3/page/?p_id=53&p_ref=27&lan=en

односите меѓу самите исламски земји, туку и во нивните односи со другите земји и меѓународни организации. Впрочем, во преамбулата на Повелбата на Организацијата за исламска соработка е истакната политичката платформа која послужи за собирање и организирање на исламските земји на меѓународен план. Во неа посебно е нагласено дека земјите - членки се уверени оти нивната заедничка религија претставува силен фактор на зближување и солидарност на исламските народи; дека се решени да ги зачуваат духовните, моралните и социјално - економските вредности на исламот, кој останува еден од најважните фактори во остварувањето на прогресот на човештвото; дека се решителни да ги зацврстат врските на братско и духовно пријателство кое постои меѓу своите народи, како и да ги зачуваат слободата и придобивките на заедничката цивилизација; дека се определени да ги обединат своите напори во создавањето на сеопшт мир кој ќе може да гарантира безбедност, слобода и правда за сите исламски народи и народите на целиот свет; како и дека ја потврдуваат приврзаноста кон Повелбата на Организацијата на Обединетите народи и основните права на човекот, бидејќи целите и принципите на Повелбата на Обединетите нации се основа за плодна соработка меѓу сите народи [17].

По Обединетите нации, според бројноста на земјите - членки, таа е втора меѓудржавна организација. Со 57 полноправни членки и пет земји - набљудувачки, таа брои една петина од вкупното светско население, односно околу 1,6 милијарди луѓе. Во неа членуваат земји од четири континенти: Азија, Африка, Европа и Јужна Америка, што само по себе ја прави глобален фактор во меѓународните односи. Таа има постојана делегација при Обединетите нации и е најголема меѓународна организација надвор од системот на Обединетите нации.

Организацијата за исламска соработка може да се смета како сеопшта меѓународна организација, бидејќи нејзината дејност се однесува на сите облици на надворешните активности на нејзините држави - членки, но и како меѓународна организација на посебно заинтересирани држави, бидејќи нејзините членки се исламските држави. Имајќи го предвид фактот дека во неа членуваат

[17] *Organization of Islamic Cooperation Charter*, http://www.oic-oci.org/oicv3/page/?p_id=53&p_ref=27&lan=en

земји од четири континенти, таа не може да биде одредена како регионална, но не може ни како универзална меѓународна организација, бидејќи нејзиното членство го сочинуваат оние земји кои себеси се сметаат за исламски.

Таа ги поседува сите конститутивни елементи на меѓународните организации. Имајќи ги предвид нејзината институционална структура, нормативниот систем, активностите и членството, може да се констатира дека таа е слична на другите меѓудржавни организации, како што се: Организацијата на африканското единство и Организацијата на американските држави или, пак, во помала мера, на Арапската лига.

Според класификацијата на меѓународните организации на Клиф Арчер, која тој ја темели на три елементи: членството, целите и активностите и структурата [18], Организацијата за исламска соработка, според членството, е меѓудржавна организација основана од владите на земјите - членки, а според широчината на членството, таа може да се вброи меѓу глобалните меѓународни организации, бидејќи нејзини членки се земји од повеќе континенти.

Според целите и активностите, пак, Организацијата за исламска соработка во нејзиниот основен документ ги наведува областите во кои таа е активна, како што се: политиката, економијата, социјалните проблеми, културата, човековите права, здравјето итн.

Разгледувајќи ја структурата на Организацијата на исламска соработка, според класификацијата на Арчер која се темели на правниот статус на органите на членките, станува збор за меѓудржавни органи, а според функцијата на органите, за меѓудржавни: водечки и егзекутивно - управувачки органи [19].

Амблемот на Организацијата за исламска соработка содржи три главни елементи кои ги рефлектираат нејзината визија и мисија, инкорпорирани во Повелбата. Овие елементи се: Каба (позната и како Големата Каба, зграда во центарот на најсветата џамија на исламот Ал-Масџид ал-Харам во Мека, Саудиска Арабија), Светот, (т.е. глобусот) и Полумесечината. Одлуката за ново лого беше прифатена на 28 јуни 2011 година за време на 38-та седница на Советот на министрите за надворешни работи во главниот град на

[18] Содржано во Clive Archer, *International organization*, Routledge, 3 edition, London & New York, 16 avgust 2001.
[19] Исто.

Казахстан, Астана, на кој и самата организација го промени своето име од Организација за исламска конференција во Организација за исламска соработка, во која официјални јазици се арапскиот, англискиот и францускиот јазик.

Во своето речиси петдецениско постоење, Организацијата за исламска соработка од првиот собир во 1969 година помина пат од еден ад хок состанок на лидерите на исламските држави до денешна модерна меѓународна организација со дефинирано место и субјективитет во меѓународните односи, со развиена и стабилна институционална структура и сопствен правен и административен систем, со дефинирани политички цели и со планирани и координирани активности [20]. Истовремено, растеше и нејзиното влијание врз меѓународните односи, како на глобален план, така и во контекст на развојот на ситуацијата во одделни региони. Тоа е поврзано со развојот на самата организација на институционален, административен, организациски и функционален план.

Организацијата за исламска соработка денес е развиена и динамична меѓународна организација и претставува фактор и признат субјект во меѓународните односи, чие значење не смее никако да се потцени, но ни да се пренагласува. Зашто, втемеленоста на припадноста на нејзините земји - членки на една религија, поконкретно на исламот, несомнено се покажа како еден од главните ограничувачки фактори за остварување на нејзините цели, но и за нејзиното функционално дејствување. Главната причина лежи во поделеноста на исламот на две главни фракции, сунити и шиити, и нивната нетрпеливост која оди дури до таму да се негираат едни со други и да се сметаат за главни непријатели, како и отворениот амонизитет и ривалството меѓу нејзините највлијателни земји - членки, пред сé, меѓу сунитска Саудиска Арабија и шиитски Иран, чиј политичко - религиски судир се прели во повеќето земји на Блискиот Исток, во кои тој се претвори во крвави меѓумуслимански, односно сунитско - шиитски, вооружени судири со огромни жртви, разурнувања и реки несреќни бегалци. Сето ова има негативно влијание и врз самата Организација за исламска соработка, која не успеа да

[20] Oliver Potežica, *Organizacija islamske konferencije*; Nova srpska politička misao, http://starisajt.nspm.rs/Debate/2006_opotezica-oik.htm

се покаже како стабилизирачки фактор во исламскиот свет, туку остана само нем набљудувач на крвавите граѓански војни во Сирија и во Јемен, на свирепоста на тнр. Исламска држава, на сунитско - шиитските судири во Ирак, Авганистан и Пакистан, како и на најголемото зло на денешницата - тероризмот, особено оној што има предзнак на исламистички. А, сево ова може да има и катастрофални последници по нејзиниот опстанок. Но, во секој случај, Организацијата за исламска соработка е фактор кој мора да се смета во секоја посериозна анализа на меѓународните односи.

## 2. Формирање и развој на Организацијата за исламска соработка

Како официјален датум на формирањето на Организацијата за исламска соработка, односно како што се нарекуваше до 28 јули 2011 година Организација на исламската конференција, се смета 25 септември 1969 година кога беше одржан Првиот исламски самит во главниот град на Мароко, Рабат. Меѓутоа, оваа организација не е создадена преку ноќ, бидејќи пред тоа се одвиваа повеќедецениски процеси кои доведоа до нејзиното формирање. Може дури и да се каже дека до формирањето на оваа меѓудржавна исламска организација дојде по полувековни настојувања, по укинувањето на калифатите во 1924 година [21], да се зајакнат и да се продлабочат единството и соработката меѓу муслиманите во светот во смисла на обновување на Уметот, односно на „заедницата на муслиманите" [22].

Првите чекори во потрагата по нов симбол на исламскиот Умет, односно „заедница на муслиманите", место калифатот почна да ги прави исламското свештенство, односно улемата, што е и разбирливо ако се има предвид дека степенот на политичката свест на муслиманските маси во тоа време беше релативно низок. Како непосреден повод за тоа беше одлуката на турскиот претседател и татко на модерна Турција Кемал Ататурк во 1924

[21] Калифат е исламска теократска држава, односно феудална арапско - муслиманска држава, создадена според учењето на пророкот Мухамед.

[22] Ummah е арапски збор кој означува заедница или нација. Во исламот ummah (или уммет) значи заедница на сите верници (ummat al-mu'mimin), односно на целиот исламски свет. Фразата ummah wahida („една заедница") во Куранот се однесува на целиот исламски свет. Во денешниот арапски јазик зборот ummah се користи се во облик кој означува модерно поимање на нацијата.

година за укинување на калифатите, која беше примена со огромно незадоволство и со жестоки критики на муслиманите во светот. Поради тоа, истата година поголем број истакнати исламски научници организираа собир во Каиро на кој беше формиран Секретаријатот на Големиот исламски конгрес за калифат. Меѓутоа, оваа идеја не наиде на поширока поддршка во исламскиот свет и остана нереализирана.

Речиси истовремено хашемитскиот шариф од Мека Хусеин ибн Али, кој во 1916 година прогласи независност на регионот Хиџаз во денешна Саудиска Арабија [23], а себеси се прогласи за исламски калиф, во Мека организира меѓународна конференција, на која беше усвоена „Повелбата за исламско единство", во која беше истакнато дека „обединувањето на Арапите е предуслов за остварување на единството на муслиманите" [24]. Но, иницијативата на овој хашемитски емир и предок на денешниот јордански крал Абдулах ибн Хусеин не наиде на поддршка, до толку повеќе што набргу по одржувањето на овој собир беше потиснат од вахабитската династија Ал Сауд, која и денес владее во Саудиска Арабија.

Следните иницијативи доаѓаат само две години подоцна, во 1926 година, кога беа одржани две посебни исламски конвенции, во Каиро и во Мека. Иницијатори беа тогашните владетели на Египет кралот Фуад и кралот на султанатот Неџт, кој се наоѓаше во средишниот дел на денешна Саудиска Арабија, Абдел Азиз ибн Сауд, кој во 1924 година го освои тогашното независно Кралство Хиџаз со што ги удри темелите на денешна Саудиска Арабија. На овие собири беа разгледувани прашањата за обновување на калифатите и за исламското единство, а на конвенцијата во Мека беше донесена и одлука за формирање постојано тело „Светски исламски конгрес" (Mutamar al Alam al Islami), кое своите состаноци требаше да ги одржува во Мека за време на годишниот аџилак. Меѓутоа, бидејќи ги оствари своите

[23] Хиџаз денес е регион во западниот дел на Саудиска Арабија, кој во почетокот на XX век краток период функционираше како независна држава. Имено, во 1916 година Шариф Хусеин ибн Али прогласи независност на Хиџаз, но неговата власт во 1924 година беше урната од Ибн Сауд, владетел на соседниот регион Најд, кој потоа го формира Кралството на Хиџаз и Најд. Од него подоцна беше формирано Кралството Саудиска Арабија.

[24] Oliver Potežica, *Organizacija islamske konferencije OIK*, http://www.islambosna.ba /forum/politika-I aktuelnosti/oliver-potezica-organizacija-islamske-konferencije - oik/ ? wap2

непосредни политички цели, кралот Абдел Азиз ал Сауд престана да му посветува поголемо внимание на дејствувањето на „Светскиот исламски конгрес“, поради што второто заседание на оваа панисламска асоцијација го организира Големиот муфтија на Палестина Хаџи Мухамед Амин ал Хусеини во 1931 година во Ерусалим [25]. На собирот, на кој учествуваа претставници на 25 земји, беа формирани повеќе постојани тела на Конгресот.

Непосредно пред Втората светска војна беа одржани уште две исламски конвенции: во 1935 година во Женева и во 1939 година во Каиро, која беше наречена „Муслиманска интерпарламентарна конференција за Палестина“.

Напорите за панисламско организирање особено се интензивираа веднаш по завршувањето на Втората светска војна, кога и повеќето исламски држави се ослободија од колонијалното ропство и се стекнаа со независност, пред сé, од Велика Британија и Франција. Така, во 1946 година Египет се обиде да формира „Исламска лига“, но обидот беше неуспешен. Со неуспех заврши и обидот на Јордан да формира „Унија на плодната полумесечина“ во 1949 година, како и иницијативата на Пакистан во истата година да создаде „Организација на муслиманскиот народ“. Од друга страна, пак, во 1949 година во пакистанскиот град Карачи беше обновена работата на „Светскиот исламски конгрес“. Во тоа време беа формирани и првите исламски добротворни и хуманитарни организации, а во 1949 година во Карачи беше одржана и Првата исламска економска конференција. Само една година подоцна во главниот град на Иран, Техеран, беше одржана и Втората исламска економска конференција.

---

[25] Хаџи Мухамед Амин ал Хусеини (1893-1974), кој потекнува од познато семејство на исламски научници од Ерусалим, предводеше повеќе востанија против британската колонијална власт во Палестина и во Ирак. Во Втората светска војна, неговото ангажирање доведе до создавање на СС дивизии на Муслиманите од Босна и Херцеговина и на Албанците од Косово, поради што Врховниот воен суд на поранешна Југославија го осуди како воен злосторник на три години затвор и одземање на граѓанските права. Неговата активност во нацистичка Европа беше предмет на интересирање на Нирнбершкиот суд за воени злосторства. Меѓутоа, тој доби азил во Египет и југословенските барања за негова екстрадиција беа одбиени, пред сé поради противењето на Велика Британија. (Oliver Potežica, *Organizacija islamske konferencije OIK*, http://www.islambosna.ba/forum/politika-i-aktuelnosti/oliver-potezica-organizacija islamske- konferencije - oik/ ? wap2)

Сепак, првиот вистински чекор во создавањето на меѓудржавна организација на исламските земји претставуваше формирањето на „Генералниот исламски конгрес“ во 1955 година, на иницијатива на Египет, Саудиска Арабија и Пакистан. Меѓутоа, и покрај тоа што овие три земји во 1956 година ја ратификуваа Повелбата на Конгресот и што Анвар ел Садат, кој подоцна стана и претседател на Египет, беше наименуван за генерален секретар, оваа организација, чии активности првенствено беа насочени во областа на образованието и културата, престана да дејствува на почетокот на шеесеттите години на минатиот век.

Во тој период ја бележиме и активноста на „Светскиот исламски конгрес“, кој одржа две седници: во 1962 во Багдад и во 1964 година во Могадиш, од кои беше упатен апел за создавање меѓународна асоцијација на исламските држави. Во меѓувреме, пак, во Мека беше формирана „Светската исламска лига“ (Rabita al Alam al Islami) како широка асоцијација на исламските невладини организации, која првенствено го собираше исламското свештенство (улемата). „Рабита“ на својата годишна конференција во април 1965 година усвои резолуција со барање за одржување исламски меѓудржавен самит.

Но, токму во тој период дојде до израз сé позабележителниот ангажман на Саудиска Арабија на панисламската платформа и таа набргу стана предводник и главен промотор на активностите за конечно создавање панисламска меѓудржавна организација. Овие напори на Саудиска Арабија несомнено беа поврзани со политичкиот подем на принцот - престолонаследник Фејсал ибн Абдел Азиз ал Сауд, кој во 1964 година го собори од власта својот брат, кралот Сауд ибн Абдел Азиз ал Сауд. Кралот Фејсал беше уверен дека силното политичко и меѓународно инсистирање на исламот директно е поврзано со опстанокот на власт на саудиската династија. Поради тоа, тој влезе дури и во отворен идеолошки и политички судир со египетскиот претседател и неприкосновен лидер на арапскиот свет во тој период Гамал Абдел Насер. Тој на социјалистичките и панарапските идеи на Насер ја спротивстави идејата за создавање „Исламски комонвелт“, која беше изнесена на седницата на „Светскиот исламски конгрес“ во Могадиш. Меѓутоа, неговите напори за создавање „Исламски пакт“, кои беа

највидливи во периодот од крајот на 1965 до почетокот на 1967 година, беа прекинати поради поразот арапските земји во јунската војна со Израел во 1967 година, по што дојде до помирување меѓу Саудиска Арабија и Египет и другите тогашни арапски социјалистички земји [26].

Покрај напорите на саудискиот крал Фејсал, во тој период и Малезија покрена политичка и дипломатска иницијатива за создавање меѓудржавна организација на исламските земји. По многу напори и одложувања, малезискиот премиер Тунку Абдул Рахман конечно успеа да организира состанок, кој беше одржан на 21 април 1969 година во Куала Лумпур и на кој присуствуваа сто делегати од 23 муслимански земји. Тоа, всушност, беше првата меѓудржавна конференција за исламот, бидејќи делегатите на овој собир ги претставуваа владите на своите земји. На овој собир беа разгледувани, пред сé, верски прашања и беше донесена одлука вакви конференции да се одржуваат еднаш годишно.

## 2.1. Создавање на Организацијата за исламска соработка

Само пет месеци подоцна беше свикан првиот состанок на врвот на исламските земји во главниот град на Мароко, Рабат, на кој беа удрени темелите на Организацијата на исламската конференција, односно на Организацијата за исламска соработка, како што се нарекува од 2011 година. Непосреден повод за одржувањето на Првиот исламски самит, како што го нарекуваат состанокот во Рабат, беше пожарот во џамијата Ал - Акса кој на 21 август 1969 година во окупираниот дел на Ерусалим го подметна Австралиецот Дени Мајкл Роан, припадник на Евангелистичката христијанска секта „Црква Божја". Но, за муслиманите во светот овој настан, кој тие го доживеаја како најголем удар кој исламскиот свет го претрпе по укинувањето на калифатот, главен виновник беше Израел. Токму амонизитетот и отвореното непријателство на исламските земји, пред сé, на арапските кон еврејската држава, кои се провлекуваат од нејзиното формирање во 1948

[26] Кралот Фејсал беше убиен во 1975 година во атентатот што го изврши принц на владејачката саудиска династија. Но, на своите браќа Халид, Фахд и Абдулах бин Абдел Азиз, подоцнежните саудиски кралеви, во наследство им го остави натамошниот развој на Организацијата на исламската конференција како една од најважните негови придобивки.

година и израелско - палестинските односи не само што беа непосреден повод и причина за формирањето на Организацијата за исламска соработка, туку се и еден од главните белези на нејзиното дејствување во изминатиов период.

Главен иницијатор за свикување на состанокот беше претседателот на „Светскиот исламски конгрес" Хаџи Мухамед Амин ал Хусеини, кој им упати телеграма на сите исламски лидери во која бараше најитно свикување исламски самит. И покрај големите несогласувања кои беа искажани на состанокот на министрите за надворешни работи на Арапската лига на 25 август 1969 година во Каиро, беше прифатено инсистирањето на Саудиска Арабија и на Мароко дека „прашањето на Ерусалим е проблем на целиот исламски свет, а не само на арапските земји". Токму тоа ги натера лидерите на исламските земји да ги надминат разликите и да се соберат на Првиот исламски самит, кој беше одржан од 22 до 25 септември 1969 година во Рабат. Покана за учество им беше упатена на шефовите на држави на 35 исламски земји, но присуствуваа 25 делегации, од кои десет на највисоко ниво. Состанокот немаше претходно утврден дневен ред, бидејќи домаќинот Мароко се плашеше дека и најмалото несогласување можеше да го загрози одржувањето на Самитот, пред сé, имајќи го предвид фактот што многу исламски земји сé уште не беа подготвени својата тешко и крваво стекната независност да ја стават на олтарот на универзалистичката теорија за исламскиот Умет [27].

На самитот во Рабат, покрај прашањето за ослободување на „исламскиот свет град Ерусалим и заштита на светата џамија Ал Акса", беше разгледана и можноста за усвојување „Исламска повелба" и за институционализирање на соработката меѓу исламските држави, односно за создавање постојани тела на меѓународната конференција на исламските земји, која ќе има континуирана меѓународна активност. Но, на состанокот беа искажани голем број несогласувања, така што беше донесена одлука идната година да биде одржана конференција на министрите за надворешни

[27] Oliver Potežica, *Organizacija islamske konferencije OIK*, http://www.islambosna.ba /forum/politika-i-aktuelnosti/oliver-potezica-organizacija-islamske-konferencije - oik/ ? wap2

работи во Саудиска Арабија, која ќе биде посветена исклучиво на конституирањето на меѓудржавна организација на исламските земји. Оваа прва исламска министерска конференција беше одржана од 23 до 25 март 1970 година во саудискиот град Џеда. На неа присуствуваа делегации на 22 исламски земји, кои донесоа голем број одлуки за институционална изградба на првата панисламска меѓудржавна организација. Посебно значајни беа одлуките кои се однесуваа на одржувањето редовни годишни состаноци на министрите за надворешни работи, како и на формирањето Генерален секретаријат на Организацијата на исламската конференција, кој ќе ги координира активностите на исламските земји. На состанокот за прв генерален секретар на Организацијата беше избран малезискиот премиер Тунку Абдул Рахман, кој поради тоа поднесе оставка на својата дотогашна функција. Исто така, беше решено привремeното седиште на Секретаријатот да биде во Џеда до, како што беше истакнато, „ослободувањето на Бејт ул Макадис, односно Ерусалим, каде што ќе биде преселено“ постојаното седиште на Организацијата [28]. Министрите го усвоија и првиот буџет на Организацијата во висина од 450 илјади долари, кој се однесуваше на 1971 година, а беше донесена и одлука секоја земја во него да уплати по 10.000 долари. Беа разгледани и прашањата за основање новинска агенција, исламска банка и исламски културни центри. Поради сето ова, може да се каже дека Организацијата на исламската конференција де факто беше формирана на министерскиот состанок во Џеда.

Посебно место во историјата на Организацијата за исламска соработка има Третата конференција на министрите за надворешни работи, која беше одржана од 29 февруари до 4 март 1972 година во Џеда. На неа, по жестока и долга дебата, беше усвоена Повелбата на Организацијата на исламската конференција и беа донесени одлуки за формирање на Исламската банка за развој, на Меѓународната исламска новинска агенција и на исламските културни центри во неисламските земји. Исто така, беше усвоен и официјалниот назив - Организација на исламската конференција, а до крајот на 1972 година повеќе од половината од 30 земји - потписнички на Повелбата

---

[28] Oliver Potežica, *Organizacija islamske konferencije OIK*, http://www.islambosna.ba /forum/politika-i-aktuelnosti/oliver-potezica-organizacija-islamske-konferencije - oik/ ? wap2

на Организацијата на исламската конференција ги депонираа ратификациските инструменти во Генералниот секретаријат на Организацијата со што нејзиното постоење беше и формално правно завршено и верификувано.

Повелбата подоцна беше ревидирана и надополнета со амандманите усвоени на Третиот исламски самит во Мека и во Таиф во 1981 година и на Шестиот исламски самит во главниот град на Сенегал, Дакар, во 1991 година. Во 2005 година, пак, највисоките органи Организацијата донесоа одлука за менување на Повелбата за да се „одржи чекор со процесите во современиот свет". Овие динамични определби на Организацијата беа посебно видливи во програмските документи на Генералниот секретаријат, како и во формирањето посебна ад хок комисија од еминентни личности од исламскиот свет и повеќе други експертски тела, чија задача беше да го подготват нацртот на новата повелба. Тоа и се случи на Единаесетиот самит, кој беше одржан на 13 и 14 март 2008 година во главниот град на Сенегал, Дакар, на кој беше усвоен текстот на новата повелба на Организацијата на исламската конференција.

Посебно значење во историјата на Организацијата за исламска соработка има и 19-та министерска конференција која беше одржана на 5 август 1990 година во Каиро, бидејќи на неа беше усвоена познатата Декларација за човечките права во исламот, која претставува своевидно прилагодување на човековите права на шеријатскиот закон.

Од историско значење е и 38-та министерска конференција, која беше одржана од 28 до 30 јуни 2011 година во главниот град на Казахстан, Астана, пред сé, поради тоа што на него дотогашната Организација на исламската конференција го промени името во Организација за исламска соработка.

## 2.2. Карактеристики на Организацијата за исламска соработка

Организацијата за исламска соработка е единствената меѓународна организација која е формирана и дејствува врз верска основа. Нејзини членки се и можат да бидат само државите во кои исламот е државна, мнозинска или малцинска религија. Имајќи го предвид токму овој факт, оваа

панисламска организација, според степенот на отвореност за стапување во членство, е единствената глобална меѓународна организација во современиот свет која може да се окарактеризира како затворена организација, бидејќи нејзини членки можат да бидат само исламските земји. Но, очигледно, ако се земе тоа како хендикеп, не ѝ пречи според бројноста на земјите - членки, според бројноста на населението кое живее во нејзините земји - членки и според географската положба на државите кои членуваат во неа, да биде втора меѓународна организација во светот, веднаш по Организацијата на Обединетите нации. Сепак, токму фактот дека нејзини членки можат да бидат само исламските земји ѝ оневозможува да претендира на атрибутот регионална организација, ниту пак да се смета за универзална меѓународна организација.

Во однос на овластувањата со кои располага и обемот на тие овластувања, Организацијата за исламска соработка е делиберативна, односно наднационала меѓународна организација, а во однос на својствата на своите членки таа е меѓудржавна организација [29]. Имајќи ја предвид континуираноста на извршувањето на активностите станува збор за постојана меѓународна организација.

Како субјект на меѓународното право, Организацијата за исламска соработка поседува свои права и обврски во согласност со меѓународното право. Таа самостојно дејствува во однос на другите субјекти на меѓународното право и трети правни лица и е автономна во однос на државите - членки, што се искажува во распределбата на надлежностите меѓу органите на Организацијата и земјите - членки. Притоа, треба да се истакне дека за утврдувањето на нејзиниот субјективитет огромна улога одигра Спогодбата за имунитети и привилегии за Организацијата на исламската конференција, која стапи во сила во 1972 година и со која беше одреден меѓународноправниот субјективитет на Организацијата во меѓународните односи, како и тнр. дипломатски субјективитет, кој по својата содржина, форма и цел е идентичен со дипломатскиот субјективитет на

[29] Oliver Potežica, *Organizacija islamske konferencije OIK*, http://www.islambosna.ba/forum/politika-i-aktuelnosti/oliver-potezica-organizacija-islamske-konferencije - oik/ ? wap2

Организацијата на Обединетите нации и на некои други меѓународни и регионални организации [30].

Сево ова недвосмилено покажува дека Организацијата за исламска соработка, како траен облик на институционализирано комуницирање на исламските држави заснован врз повеќестран договор и со посебен статус и постојани органи, денес и организациски и институционално е поразвиена од која било друга меѓудржавна организација, освен од Организацијата на Обединетите нации.

### 3. Анализа на Повелбата на Организацијата за исламска соработка

И покрај тоа што Организацијата за исламска соработка, односно Организацијата на исламската конференција, како што се нарекуваше до 28 јули 2011 година, беше формирана на 25 септември 1969 година, требаше да поминат речиси три години за таа да го добие својот основачки документ - Повелбата. Таа беше усвоена на Третата министерска конференција, на која впрочем беше и усвоен и официјалниот назив на Организацијата - Организација на исламската конференција.

Самото усвојување на Повелбата, како впрочем и самото формирање на Организацијата, беше одбележано со остри поделби и полемики меѓу земјите - членки, карактеристични за тој период во исламскиот свет. Имено, во седумдесеттите години на минатиот век меѓу муслиманските земји постоеше многу остра поделба меѓу тнр. прогресивни земји, чија политика беше базирана врз националистички платформи, и конзервативните и прозападни земји, од кои некои водеа изразита исламистичка политика. Овие идеолошко - политички разлики дојдоа до израз и во дебатата што беше водена околу усвојувањето на текстот на Повелбата. Жестоки расправи беа водени за речиси сите членови на Повелбата, а најголемиот проблем се појави кога пет земји: Сирија, Чад, Турција, Индонезија и Либан одбија да прифатат, како што истакнуваа, „верски документ каков што е Повелбата на

---

[30] Oliver Potežica, *Organizacija islamske konferencije OIK*, http://www.islambosna.ba/forum/politika-i-aktuelnosti/oliver-potezica-organizacija-islamske-konferencije - oik/ ? wap2

ОИК", под изговор дека таа е во спротивност со нивните устави. Подоцна, сепак, Сирија и Чад ја ратификуваа Повелбата.

Повелбата досега претрпе неколку измени и надополнувања. Првата интервенција беше извршена со усвојувањето на амандманите на Третиот исламски самит одржан во 1981 година, а потоа следуваше и онаа на Шестиот исламски самит во 1991 година. Во 2005 година, пак, беше донесена одлука за менување на Повелбата за да се оддржи чекор со „процесите во современиот свет". За таа цел беше подготвен нацрт на новата повелба чија конечна верзија беше усвоена на Единаесетиот исламски самит, одржан во 2008 година.

Повелбата се состои од 18 глави во кои се наведени целите и принципите на Организацијата (глава I), членството (глава II), органите и нивните надлежности (глава III - XIII), соработката со исламски и други организации (глава XIV), мирното решавање на споровите (глава XV), буџетот и финансирањето (глава XVI), деловникот за работа и гласање (глава XVII) и завршните одредби, привилегии и имунитети (глава XVIII) [31].

Преамбулата, пак, ја содржи политичката платформа која е основа за собирање и организирање на исламските земји на меѓународен план. Во неа посебно се нагласува дека земјите - членки се уверени оти нивната заедничка религија претставува силен фактор на зближување и солидарност на исламските народи; дека се решени да ги зачуваат духовните, моралните и социјално - економските вредности на исламот, кој останува еден од најважните фактори во остварувањето на прогресот на човештвото; дека се решителни да ги зацврстат врските на братско и духовно пријателство кое постои меѓу своите народи, како и да ги зачуваат слободата и придобивките на заедничката цивилизација; дека се определени да ги обединат своите напори во создавањето на сеопшт мир кој ќе може да гарантира безбедност, слобода и правда за сите исламски народи и народите на целиот свет; како и дека ја потврдуваат приврзаноста кон Повелбата на Организацијата на Обединетите народи и основните права на човекот, бидејќи целите и

[31] *Organization of Islamic Cooperation Charter*, http://www.oic-oci.org/oicv3/page/?p_id=53&p_ref=27&lan=en

принципите на Повелбата на Обединетите нации се основа за плодна соработка меѓу сите народи [32].

Од оваа политичка платформа произлегуваат и главните цели на Организацијата за исламска соработка кои беа дефинирани во Повелбата и кои, како што беше наведено, се содржани во глава II, од кои најзначајни се:

- зацврстување на исламската соработка меѓу земјите - членки;

- зачувување и заштита на заедничките интереси и поддршка на легитимните цели на земјите - членки и координирање и обединување на нивните напори во однос на предизвиците со кои се соочува исламскиот свет во целина;

- почитување на правото на самоопределување и немешање во внатрешните работи и почитување на суверенитетот, независноста и територијалниот интегритет на секоја земја - членка;

- обезбедување активно учество на земјите - членки во глобалните процеси, донесување политички, економски и социјални одлуки за обезбедување на заедничките интереси;

- промовирање на меѓудржавните односи врз основа на правдата, меѓусебното почитување и добрососедството заради обезбедување глобален мир, безбедност и хармонија;

- потврдување на нивната поддршка на правата на народите што се утврдени во Повелбата на Обединетите нации и меѓународното право;

- усогласување на постапките заради зачувување на светите места, поддршка на борбата на палестинскиот народ и помош во остварувањето на неговите права и ослободување на неговата територија;

- зајакнување на внатрешната исламско - економска и трговска соработка со цел да се постигне економска интеграција и формирање исламски заеднички пазар, и - соработка во борбата против тероризмот во сите негови форми и манифестации, организираниот криминал, трговијата со дрога, корупцијата, перењето пари и трговијата со луѓе.

---

[32] *Organization of Islamic Cooperation Charter*, http://www.oic-oci.org/oicv3/page/?p_id=53&p_ref=27&lan=en

Во остварувањето на овие цели Повелбата утврдува и принципи кои земјите - членки се должни да ги почитуваат. Тие принципи се:

- сите земји - членки се обврзуваат на целите и принципите на Повелбата на Обединетите нации;

- земјите - членки се суверени, самостојни и еднакви во своите права и обврски;

- сите земји - членки ќе ги решаваат споровите на мирен начин и ќе се воздржат од употреба или закана за употреба на сила во нивните односи;

- сите земји - членки се обврзуваат да ги почитуваат националниот суверенитет, независноста и територијалниот интегритет на другите земји - членки и ќе се воздржат од мешање во внатрешните работи на другите;

- сите земји - членки се обврзуваат да придонесат за одржување на меѓународниот мир и безбедноста и да се воздржат од мешање во меѓусебните внатрешни работи што се наведени во Повелбата на Организацијата, Повелбата на Обединетите нации, меѓународното право и меѓународното хуманитарно право;

- како што е споменато во Повелбата на Обединетите нации, ништо што не е содржано во Повелбата ќе ги овласти Организацијата и нејзините органи да интервенираат во прашања кои се суштински во рамките на домашната јурисдикција на која било држава или во врска со неа;

- земјите - членки ќе ги почитуваат и ќе и промовираат на национално и на меѓународно ниво доброто владеење, демократијата, човековите права и основните слободи, како и владеењето на правото, и

- земјите - членки ќе настојуваат да се заштити и зачува животната средина [33].

Иако на Повелбата на Организацијата за исламска соработка ѝ недостасува нормативен карактер, правната одлика на принципите содржани во неа може да се смета како декларација на постојаните општи принципи на меѓународното право. Затоа, таа е обврзувачки документ за земјите - членки поради тоа што има декларативен ефект за повторување на универзално

[33] *Organization of Islamic Cooperation, Charter*, http://www.oic-oci.org/oicv3/page/?p_id=53&p_ref=27&lan=en

прифатени принципи на меѓународното право и на обичајното меѓународно право во конститутивен инструмент.

## 4. Организациска структура на Организацијата за исламска соработка

Организациската структура на Организацијата за исламска соработка во изминативе повеќе од пет децении беше постојано надоградувана и проширувана. Со извршената ревизија и надополнување на Повелбата на Третиот исламски самит се создаде правна рамка за постепено претворање на Организацијата во модерна и витална меѓународна асоцијација, без оглед на слабостите во нејзината работа, посебно кога станува збор за ефикасноста во донесувањето и во спроведувањето на одлуките. Тие константни слабости беа условени од големата хетерогеност на нејзините земји - членки, како и од други проблеми со кои се соочува исламскиот свет, како што се: притисоците на големите сила, новите облици на колонијализам, бескомпромисниот ривалитет и острата политичка поделеност меѓу одделни исламски земји, длабоките економски разлики меѓу нив и др.

Но, и покрај тоа, Организацијата за исламска соработка во изминатиов период успеа да стане траен облик на институционализирано комуницирање на исламските држави заснован на повеќестран договор, со посебен статус и со постојани органи, во чии рамки се одвиваат процесите на мултилатерално преговарање и заедничко донесување одлуки на државите - членки во разни области на меѓународната соработка.

Органите и телата преку кои Организацијата за исламска соработка ги спроведува своите активности се одредени со нејзината Повелба и со другите документи. Тие органи, тела, институции и механизми се толку многубројни и разновидни што со право може да се зборува за „систем на Организацијата за исламска соработка“, кој во многу потсетува на „системот на Организацијата на Обединетите нации“ [34].

Со Повелбата се одредени основните органи задолжени за остварување на заедничките цели, како и нивните надлежности, обврски,

[34] Oliver Potežica, *Organizacija islamske konferencije*, Nova srpska politička misao, http://starisajt.nspm.rs/Debate/2006_opotezica-oik.htm

организациски облици и процедури според кои ги извршуваат своите активности. Врз основа на документите органите и телата на Организацијата за исламска соработка условно можат да бидат поделени на примарни и секундарни.

## 4.1. Примарни органи на Организацијата за исламска соработка

Примарни органи се оние политички, административно - технички и судски органи кои се основани со самата Повелба [35]. Примарните политички органи ги чинат претставници на сите земји - членки и тие се овластени, во рамките на своите надлежности и во согласност со однапред утврдена процедура, да донесуваат одлуки и препораки кои ги обврзуваат земјите - членки.

Примарни органи според Повелбата на Организацијата за исламска соработка се:

1). Самитот на шефови на држави или влади на земјите - членки, односно Исламскиот совет;

2). Советот на министри за надворешни работи;

3). Генералниот секретатијат,

4). Меѓународниот исламски суд на правдата.

*Самитот на шефови на држави или влади на земјите - членки*, односно како што се нарекуваат *Исламски совет*, е највисоко политичко и раководно тело на Организацијата. Се состанува на секои три години да разгледува и да донесува политички одлуки и да обезбедува насоки за сите прашања кои се однесуваат на остварувањето на целите, како и други прашања од интерес на самите земји - членки и на Уметот. Подготовката на агендата на свикување на Советот е направена од страна на Советот на министрите за надворешни работи со помош на Генералниот секретаријат. Вонредните седници се одржуваат во зависност од барањето на Уметот за да се разгледаат прашања од витално значење за координирање на политиката на Организацијата. Вонредната седница може да се одржи по препорака на Советот на

[35] *Organization of Islamic Cooperation, Charter*, http://www.oic-oci.org/oicv3/page/?p_id=53&p_ref=27&lan=en

министрите за надворешни работи, на иницијатива на една од земјите - членки или од генералниот секретар, под услов таквата иницијатива да има поддршка на просто мнозинство од земјите - членки.

Второ политичко тело на Организацијата за исламска соработка според важноста е *Советот на министрите за надворешни работи*, кој се состанува еднаш годишно, но по потреба и вонредно. Овој орган се смета за најважно оперативно - политичко тело, „одговорно за одредување и спроведување на политиката" на Организацијата, за што усвојува соодветни резолуции, декларации, акциони програми и слични правни документи. Вонредната седница, исто како и на Исламскиот совет, може да биде на иницијатива на која било членка или на генералниот секретар, доколку за тоа е постигнато просто мнозинство од земјите - членки. Министерскиот совет во рамките на своите надлежности донесува одлуки и решенија за прашања од заеднички интерес, спроведува цели и основи на политиката на Организацијата, го разгледува напредокот на спроведените одлуки донесени на претходните самити, ги разгледува буџетот и другите финансиски и административни извештаи на генералниот секретар и на помошните органи, презема соодветни мерки за прашања кои влијаат врз една или повеќе земји - членки на нивно барање, препорачува поставување на нов орган или комитет, избира генерален секретар, како и помошници сакретари во согласност со членовите 16 и 18 на Повелбата на Организацијата и разгледува други прашање за кои смета дека се соодветни и го засегаат Уметот.

*Генералниот секретаријат*, пак, е управно - административен орган на Организацијата, кој во изминатиот период значително се разви на организациски, административен, фукционален и нормативен план [36]. Тој е формиран на Првата исламска конференција на министрите за надворешни работи што беше одржана во Џеда, Саудиска Арабија, во 1970 година. Генералниот секретаријат е раководен од генералниот секретар, кој е главен административен службеник на Организацијата. Овој орган е задолжен за спроведување на резолуциите и одлуките усвоени на самитите и на министерските состаноци. Генералниот секретаријат е должен на политичките органи на Организацијата да им поднесува редовни извештаи за

[36] *General Secretariat*, http://www.oic-oci.org/oicv3/page/?p_id=38&p_ref=14&lan=en

своите активности. Покрај тоа, тој се грижи и за спроведувањето на Правилникот за работа на Организацијата и на нејзините органи, како и за одлуките на примарните политички органи. Спроведувањето на задачите и активностите на Генералниот секретаријат е поделено по сектори, организирани во вид на генерални дирекции кои ги раководат помошниците на генералниот секретар.

*Генералниот секретар* се избира од страна на Советот на министрите за надворешни работи на период од пет години, со можност за реизбор на уште еден мандат. Тој се избира од редовите на државјаните на државите - членки во согласност со начелата на рамномерна географска застапеност, ротација и еднакви можности за сите земји - членки, во зависност на компетентноста, интегритетот и искуството. Во неговите надлежности спаѓаат: насочување на вниманието на надлежните органи за прашања кои можат да послужат или да им нанесат штета на целите на Организацијата; следење на спроведувањето на одлуките, резолуциите и препораките донесени од Исламскиот совет и од други состаноци; обезбедување на земјите - членки со работни документи и меморандуми за спроведување на одлуките, резолуциите и препораките донесени од органите на Организацијата; координирање на работата на релевантните органи; подготвување на буџет - програмата на Генералниот секретаријат; промовирање на комуникацијата меѓу земјите - членки за да се олеснат консултацијата и размената на ставови, како и ширење на информации кои можат да бидат од значење; доставување годишни извештаи до Советот на министрите за надворешни работи за работата на Организацијата.

За спроведување на резолуциите и одлуките на Исламскиот совет и на Советот на министрите за надворешни работи, генералниот секретар може да назначи и специјални претставници. Таквите состаноци, заедно со мандатот на специјалните претставници се вршат со одобрение на Советот на министрите за надворешни работи.

Назначувањето на вработените во Генералниот секретаријат го врши генералниот секретар меѓу државјани од земјите - членки, во зависност од нивната надлежност, интегритет, квалификации и пол според начелото на рамномерна и правична географска застапеност. Тој, исто така, може да назначи и експерти на привремена основа. Во извршувањето на своите

должности генералниот секретар, помошниците секретари во Генералниот секретаријат, како и вработените не смеат да прифатат инструкции од која било влада или орган, освен на Организацијата.

Во своето повеќе од петдецениско постоење Организацијата за исламска соработка имаше десет генерални секретари, сметајќи го актуелниот Ијад Амин Мадани, кој стана десети генерален секретар на 1 јануари 2014 година [37]. Тој го наследи Екмеледин Ихсалоглу од Турција, кој на чело на Организацијата беше од 2004 до 2014 година и кој беше најгласен секретар кој повика на колективна акција на исламските земји за борба против исламскиот екстремизам. Исто така, тој беше првиот генерален секретар кој беше избран со тајно гласање [38].

*Меѓународниот исламски суд на правдата*, пак, е главен судски орган на Организацијата, со седиште во Кувајт уште од 1987 година. Тој беше основан на Самитот на Исламскиот совет во 1987 година, откако во сила стапи неговиот статут [39]. Меѓународниот исламски суд на правдата се состои од седум судии, секој избран со мандат од четири години со право на уште еден избор. Не постојат двајца членови на Судот кои се од иста националност. Претседателот и замeникот претседател се избираат од истата група. Членовите на Судот се избираат од редот на муслимани од земјите - членки на Организацијата кои ги исполнуваат стандардите утврдени во членот 4 на статутот на Судот. Судиите се избираат со тајно гласање од страна на Советот на министрите за надворешни работи, а за да бидат избрани за судии кандидатите мора да добијат апсолутно мнозинство на

[37] Организацијата за исламска соработка (Организацијата на исламската конференција) од нејзиното формирање до денес имаше десет генерални секретари:

1. Тунку Абдул Рахман (Малезија): (1971-1973)
2. Хасан ал-Тухами (Египет): (1974-1975)
3. др. Амаду Карим Гае (Сенегал): (1975-1979)
4. мр. Хабиб Чати (Тунис): (1979-1984)
5. Саед Шарифудин Пирзада (Пакистан): (1985-1988)
6. др. Хамид Алгабид (Нигер): (1989-1996)
7. др. Азедин Лараки (Мароко): (1997-2000)
8. др. Абделуахед Белкезиз (Мароко): (2001-2004)
9. проф. др. Екмеледин Ихсаноглу (Турција) (2005 -2014)
10. Ијад бин Амин Мадани (Саудиска Арабија) (2015 -)

[38] *Profile: Organisation of the Islamic Conference*, Sunday, 26 December 2010, http://news.bbc.co.uk/2/hi/middle_east/country_profiles/1555062.stm

[39] *Resolution No.49/25-p on the International Islamic court of justice,* http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/oic/polres5.htm

гласови од сите земји - членки. Судиите уживаат еднакви привилегии и имунитет како и другите претставници на Организацијата, а можат да бидат разрешени само со едногласна одлука на другите членови на Судот. Неговите одлуки се сметаат за валидни само ако при нивното донесување се присутни најмалку пет судии.

Во надлежностите на Судот спаѓаат: разгледување релевантни прашања од страна на земјите - членки; толкување на билатерални и мултилатерални договори; разгледување прашања од меѓународното право; решавање спорови меѓу земјите - членки и сл. Судот во својата работа се потпира врз шеријатското право како основно право и тој е првиот меѓународен судски орган кој го усвојува како таков. Користењето на шеријатското право ги илустрира капацитетот и флексибилноста на муслиманскиот закон за да даде одговори од социјална и културна потреба. Одлуките на Судот се обврзувачки, конечни и без право на жалба, а земјите - членки мора да ги признаат неговите пресуди како обврзувачки. Судските одлуки се донесуваат на арапски јазик, кој е примарен за Судот, како и на француски и англиски јазик.

### 4.1.1. Помошни тела на примарните органи на Организацијата за исламска соработка

Исто така, постојат посебни облици и механизми за дејствување на примарните политички органи, а тоа се комитетите, како што се: постојаните комитети, Извршниот комитет и Комитетот на постојани претставници [40].

1. Со цел да се координира и зголеми акцијата на Организацијата, усогласувајќи нејзините гледишта и ставови со конкретни резултати во различни области на соработка, како што се политичката, економската, културната, социјалната, духовната и научната, таа формира повеќе *постојани комитети*, како што се: Комитетот Ал Кудс (Al Quds Committee) [41], Постојаниот комитет за информативни и културни прашања (COMIAC), Постојаниот комитет за економска и трговска соработка (COMCEC) и

[40] *Standing Committees*, http://www.oic-oci.org/oicv2/page/?p_id=172&p_ref=58&lan=en

[41] Комитетот Ал Кудс има и своја самостојна агенција Бејт Мал Ал Кудс, со седиште во Казабланка.

Постојаниот комитет за соработка на полето на науката и технологијата (COMSTECH), кои се речиси на министерско ниво, а некои од нив се раководени и од шефови на држави [42].

2. *Извршниот комитет* на Организацијата го сочинуваат актуелниот претседавач на Исламскиот совет, претседавачот на Советот на министрите за надворешни работи, земјата - домаќин на генералниот штаб на Генералниот секретаријат и генералниот секретар на Организацијата за исламска соработка. Главна задача на овој орган е да се подобри способноста на Организацијата да дејствува поефикасно и побрзо на прашањата од меѓународен интерес на нејзините земји - членки.

3.*Комитетот на постојани претставници*, во кој членуваат амбасадорите на земјите - членки кои се акредитирани во Џеда, Саудиска Арабија, исто како и Извршниот комитет, има задача да ја подобри способноста на Организацијата да дејствува поефикасно и побрзо на прашањата од меѓународен интерес на нејзините земји - членки. Начинот на работа на Комитетот, чие формирање беше предвидено во членот 13 од Повелбата, е детерминиран од Советот на министрите за надворешни работи.

Покрај примарните органи кои се одредени со Повелбата, во изминатите децении беа создадени и голем број тела, институции и механизми во рамките на системот на Организацијата за исламска соработка и под нејзина закрила со што, исто така, се потврдуваше меѓународниот субјективитет на оваа организација.

## 4.2. Секундарни органи на Организацијата за исламска соработка

Секундарни органи се сите оние органи и институции кои дејствуваат во правец на остварување на целите на самата организација на културно, научно, правно, финансиско, спортско, технолошко, информативно, образовно, професионално, социјално, хуманитарно и други полиња. Станува збор за тела кои се формирани или врз основа на посебни одлуки на примарните органи или му се приклучени на системот на Организацијата.

---

[42] *Standing Committees*, http://www.oic-oci.org/oicv3/page/?p_id=172&p_ref=58&lan=en

Секундарните органи се делат на: субсидијарни, односно помошни органи; специјализирани институции и органи и придружни институции, кои се признати од Советот на министрите за надворешни работи.

1. *Субсидијарните органи*, всушност, се помошни посебни оперативни тела формирани во рамките на Организацијата за исламска соработка во согласност со одлуките донесени од Исламскиот совет или од Советот на министрите за надворешни работи [43]. Земјите - членки автоматски стануваат членови на овие органи. Нивната основна цел да им помогнат на земјите - членки во нивниот економски, социјален и културен развој на национален, регионален и исламски (колективен) план. Нивниот буџет го одобрува Советот на министрите за надворешни работи.

2. И *специјализираните институции и органи* како помошни посебни оперативни тела се формирани во согласност со одлуките донесени од Исламскиот совет или од Советот на министрите за надворешни работи, но за разлика од субсидијарните, членството во нив не е задолжително и е отворено за сите земји - членки [44]. И тие имаат значителен степен на самостојност во својата работа, а нивните буџети се формално - правно одвоени од буџетот на Генералниот секретаријат, а се одобрени од советодавни законодавни тела определени од нивниот статут.

3. *Придружните институции* се лица или тела чии цели се во согласност со целите на Повелбата на Организацијата за исламска соработка и се признаваат како институции од страна на Советот на министрите за надворешни работи. Членството во нив е задолжително и отворено за органите и институциите на сите земји - членки. Тие се целосно независни во својата работа, а нивните буџети се целосно одвоени од буџетите на Генералниот секретаријат, субсидијарните органи и специјализираните

---

[43] Постојат шест субсидијарни органи: Центар на исламските земји за статистика, економија, социјални истражувања и обука - SESRIC (Анкара); Центар за истражување на исламската историја, уметност и култура - IRCICA (Истанбул); Исламски универзитет за технологија - IUT (Дака); Исламски центар за развој на трговијата - ICDT (Казабланка); Исламска академија на верско-правни науки -IIFA (Џеда) и Фонд на исламската солидарност - ISF(Џеда).

[44] Специјализирани институции и органи на Организацијата за исламска соработка: Исламска банка за развој - IDB, Исламска организација за образование, наука и култура - ISESCO, Исламска радиодифузна унија - IBU, Меѓународна исламска новинска агенција - IINA, Исламски комитет на Меѓународната полумесечина - ICIC, Организација за наука, технологија и иновации - STIO.

институции [45]. На овие институции може да им се додели статус на набљудувач врз основа на одлука на Советот на министрите за надворешни работи.

Покрај овие органи, Организацијата за исламска соработка има и *Независна постојана комисија за човекови права* (IPHRC) која, како еден од главните органи во областа на човековите права, претставува независно стручно тело со советодавен капацитет. Таа, всушност, е целосно функционален механизам за човекови права кој во својата работа се раководи според пет водечки принципи: комплементарност, интроспекција, приоритизација, поединечен пристап и кредибилитет. Кога станува збор на нејзината мисија и цели таа покрива широк спектар на активности, како што се: давање совети на сите тела кои донесуваат одлуки во врска со прашања од областа на човековите права; преземање на студии и истражувања во областа на човековите права; унапредување на човековите права и основни слободи во земјите - членки, како и на основните права на муслиманските малцинства и заедници во земји кои не се членки на Организацијата за исламска соработка во согласност со општо признати норми и стандарди за правда и еднаквост; промовирање и јакнење на човековите права во земјите - членки преку обезбедување на „техничка соработка и помош во областа на човековите права и подигање на свеста“.

Оваа комисија има 18 членови избрани според начелото на рамномерна и правична географска застапеност. Членовите на Комисијата се именуваат

[45] Придружни институции: Исламска комора за трговија, индустрија и земјоделство - ICCIA, Организација на исламските главни и други градови - OICC, Исламска федерација на спортска солидарност – ISSF, Светска федерација на арапските и исламските меѓународни училишта – WFAIIS, Организација на исламските бродосопственички асоцијации – OISA, Исламска конференција на Младинскиот форум за дијалог и соработка - ICYF-DC, Меѓународна унија на муслиманските извидници – IUMS, Федерација на консултанти на исламските земји - FCIC, Академија на науки на исламскиот свет - IAS, Институт за стандарди и метрологија на исламските земји – SMIIC, Меѓународен исламски универзитет Малезија - IIUM, Асоцијација на даночните органи на исламските земји – ATAIC, Генерален совет на исламските банки и финансиски институции – CIBAFI, Федерација на градежници на исламските земји – FOCIC, Компјутерска екипа на Организацијата за исламска соработка за итна реакција - OIC-CERT, Исламска асоцијација за цемент – ICA, Унија на недвижности на исламските земји - REUOS и Организација на исламските радиодифузни регулаторни тела – IBRAF.

од страна на нивните влади, а се избираат од Советот на министрите за надворешни работи за период од три години со право на уште еден мандат [46].

Како посебни тела на Генералниот секретаријат треба да се споменат, меѓу другите, Одделението за Палестина и Ал Кудс (Ерусалим), Исламското биро за воена координација со Палестина, Бирото за исламски бојкот на Израел, Одделението за муслимански малцинства, како и Одделот за „Да́ав", кој ја координира работата на различните исламски организации задолжени за прашањата за ширење на исламот, мисионерството, исламската пропаганда, дејствувањето на верските организации, хуманитарните активности и други слични прашања. Во рамките на Секторот за ширење на исламот и мисионерството е формирано посебно тело под назив „Фронт за заедничка акција на исламските земји". Во рамките на Генералниот секретаријат работи и Меѓународното биро, кое го сочинуваат Постојаната посматрачка мисија на Организацијата за исламска соработка во Обединетите нации во Њујорк и Постојаната посматрачка мисија на Организацијата за исламска соработка во Обединетите нации во Женева, како и Постојаното претставништво за Авганистан со седиште во пакистанскиот град Карачи [47].

Покрај тоа, Организацијата за исламска соработка, освен на политичко поле, во изминатиот период ги проширувaше своите активности и на други области. Притоа, беа институционализирани и нови облици на соработка во разни области како, на пример, редовни конференции на министрите за информирање, на министрите за култура, на министрите за наука, на министрите за образование, на министрите за туризам и други постојани облици на работа. Истовремено, беа одржани и повеќе тематски конференции на високо ниво посветени на различни прашања од пошироко значење за исламските земји, како што се: Конференцијата за заштита на правата на децата, Конференцијата посветена на елиминацијата на расната дискриминација или, пак, Конференцијата за проблемот на бегалците.

---

[46] *The Independent Permanent Human Rights Commission Organization of Islamic Cooperation*, http://www.oic-iphrc.org/en/about/.
[47] *Departments*, http://www.oic-oci.org/oicv3/page/?p_id=53&p_ref=27&lan=en

Кон крајот деведесеттите години на минатиот век, земјите - членки на Организацијата за исламска соработка почнаа да воспоставуваат и да развиваат и парламентарна соработка. Во главниот град на Иран, Техеран, во 1999 година беше одржана основачката конференција на Парламентарната унија на земјите - членки на Организацијата на исламската конференција, во која членуваат претставници на парламентите на 47 земји, а постојаното седиште на оваа унија е во Иран. Односот меѓу самата Организација и Парламентарната унија не е јасно прецизиран, но сепак може да се заклучи дека станува збор за две меѓународни организации кои имаат исти земји - членки, собрани околу слични цели, но на поинакви принципи.

Покрај органите, организациите и институциите кои се наоѓаат во системот на Организацијата за исламска соработка, во соработка и во директна координација со неа или дури под нејзина индиректна закрила работат голем број меѓународни и регионални исламски асоцијации и тела. Многу автори сметаат дека Третиот исламски самит претставува пресвртница во дејствувањето на исламските организации во светот и нивното поврзување врз заедничка панисламска платформа, што за последица ги имаше и има сé поинтензивниот настап и активности на Организацијата за исламска соработка и на исламскиот фактор воопшто во светот [48]. Така, на пример, на сите собири на Организацијата активно учествуваат претставници на „Светската исламска лига“ (Рабита), „Исламскиот европски совет“ од Лондон, „Светскиот исламски конгрес“ од Карачи, „Светското собрание на муслиманската младина“ одРијад и „Меѓународната исламска добротворна фондација“ од Кувајт. Овие организации се третираат како тела во рамките на системот на Организацијата за исламска соработка или како полноправни посматрачи, а не како гости или поканети претставници на други организации. Покрај тоа, таа има развиена соработка и со другите исламски организации, како што се: „Меѓународната исламска организација за помош“ со седиште во Џеда, „Акциониот комитет за исламски прашања во Велика Британија“, „Светскиот совет за џамии“ и „Европскиот совет за џамии“ и некои други

[48] Oliver Potežica, *Organizacija islamske konferencije*, Nova srpska politička misao, http://starisajt.nspm.rs/Debate/2006_opotezica-oik.htm

организации, кои на нејзините собири учествуваат во својство на поканети гости.

Организацијата за исламска соработка, како што може да се види, поседува мошне разграната организациска структура, која е многу слична на онаа на Организацијата на Обединетите нации. Меѓутоа, и покрај тоа, таа „пати" од структурни проблеми, кои мошне негативно се одразуваат врз нејзиното дејствување како „колективен глас на муслиманските земји" на меѓународната сцена. Таква каква што е, таа нема никакво обврзувачко влијание врз своите земји - членки и во суштина се потпира врз нивната добра волја да ги спроведуваат нејзините одлуки и резолуции. Тоа е последица на фактот што таа има мошне слаб наднационален механизам, поради што повеќе наликува на „институционализација на серија консултативни механизми", отколку на самостојно моќно меѓународно тело. Нејзиниот ограничен правен субјективитет дополнително е влошен и поради принципот на немешање во внатрешните работи, суверенитетот, независноста и територијалниот интегритет на земјите - членки, кој оневозможува каков било ефекасен чекор кон консолидација на оваа транснационална исламска заедница.

Затоа, и покрај разгранатата организациска структура, таа се соочува со слаба структура во смисла на моќта што треба да ја поседува, а токму тоа е една од причините зошто не може да се пофали со ефективна имплементација на нејзините политики на национално ниво. Тоа е и причината што таа своите одлуки ги донесува со консензус, кој многу често го одолжува процесот на нивното донесување што сериозно се одразува врз нивната ефикасност, бидејќи поради нивното ненавремено донесување тие многу често немаат никакво дејство. Тоа, пак, доведе до појавата на чувство на сомневање кај земјите - членки во нејзината способност да биде, пред сé, фактор во надминувањето на споровите меѓу самите земји - членки, но и во решавањето на глобалните проблем како претставник на „исламскиот свет".

Освен тоа, Организацијата за исламска соработка постојано се соочува и со финансиски и кадровски проблеми, кои сериозно влијаат врз нејзиното дејствување. Огромното мнозинство од нејзините членки, особено оние од Африка, се мошне сиромашни и не се способни финансиски да придонесуваат,

така што Организацијата е принудена да се потпира на „добрата волја" на нејзините најбогати земји кои, пак, тоа го користат за остварување на нивните егоистички интереси и цели што мошне негативно се одразува врз нејзиното единство.

## 5. Членство во Организацијата за исламска соработка

Организацијата за исламска соработка како меѓународна организација има 57 полноправни земји - членки, како и пет земји со набљудувачки статус. Членството е утврдено во самата Повелба на Организацијата, во која се истакнува дека која било држава - членка на Обединетите нации која има муслиманско мнозинство и ја почитува Повелбата на Организацијата за исламска соработка може да поднесе барање за членство [49]. Притоа, децидно се истакнува дека членки на Организацијата можат да бидат само муслиманските земји или оние што по сопствена волја го прифатиле членот 5 на Повелбата. Но, има и такви земји - членки кои според уставот се декларираат како секуларни (на пример, Турција), или во кои муслиманите се само малцинство (Уганда, Бенин, Мозамбик и др.), или, пак, во кои претседателот на државата задолжително е христијанин (Либан), при што како критериум се зема нивното прифаќање токму на членот 5 и на тој начин себеси се одредиле и како муслимански земји. Барањето за членство се усвојува со консензус од страна на Советот за министрите за надворешни работи, врз основа на утврдени критериуми.

Но, токму фактот дека само муслиманските земји можат да бидат нејзини членки е нејзиниот главен ограничувачки фактор и тоа ја дефинира како затворена организација, за разлика од Обединетите нации која е универзална меѓународна организација.

Во Повелбата е предвидено и која земја може да има статус на набљудувач во Организацијата за исламска соработка. Одлуката ја донесува Советот на министрите за надворешни работи само со консензус и врз основа на договорените критериуми на Советот. Статус набљудувачи имаат пет

[49] *Organisation of Islamic Cooperation, Charter,* http://www.oic-oci.org/ oicv2/page/?p_id=53&p_ref=27&lan=en

земји: Босна и Херцеговина (1994), Централноафриканската Република (1996), Кралството Тајланд (1998), Руската Федерација (2005) и Турската Република Северен Кипар (1979).

Статус на набљудувач можат да имаат и меѓународни организации, а одлуката за доделување на статусот и за нив ја донесува Советот на министрите за надворешни работи. Овој статус засега го имаат Обединетите нации (1976), Движењето на неврзаните земји (1977), Арапската лига (1975), Африканска унија (1977) и Организацијата на економска соработка - OECD (1995). Покрај нив, статус на набљудувачи уживаат и муслиманските организации Мороскиот национално - ослободителен фронт (1977), Парламентарната унија на земјите - членки на ОИС (2000) и Форумот на младите на исламската конференција за дијалог и соработка (2005) [50].

Статус на набљудувач можат да имаат и невладини организации кои учествуваат во меѓународни активности кои не се во спротивност со целите на Повелбата, но под услов нивниот статус да не е оспорен од државата во која се наоѓа нивното седиште. Но, притоа невладината организација која ужива статус на набљудувач мора да воспостави канцеларија што ќе ја претставува колективно и да организира активности во врска со Организацијата.

Инаку, во досегашното постоење на Организацијата забележани се и повеќе случаи на неуспешни обиди на некои земји за стекнување полноправно членство или набљудувачки статус. Најилустративен е случајот на Индија, која повеќе пати изрази желба да стане набљудувач, но поради упорното спротивставување на соседен Пакистан, таа и натаму е надвор од Организацијата, иако е втора земја во светот по бројноста на муслиманско население. Официјален Исламабад, и покрај поддршката што ја има Индија од повеќе земји - членки, вклучувајќи ја дури и Саудиска Арабија, упорно опстојува на ставот дека набљудувачкиот статус на Индија ќе ги наруши принципите на Организацијата според кои држава - аспирант не смее да биде во постојан конфликт со земја - членка, како и дека и покрај тоа што во Индија живеат 175 милиони муслимани, тие се само 10 % од нејзиното вкупно

[50] *Observers*, Organisation of Islamic Cooperation, http://www.oicoci.org/oicv3/page/?p_id=179&p_ref=60&lan=en

население. Меѓутоа, основната причина лежи во повеќедецениskiот индиско - пакистански спор околу статусот на спорниот регион Кашмир.

И Филипини се пример за неуспешно приближување. Иако официјална Манила поднесе официјално барање за добивање статус на посматрач уште во 2008 година, поради упорното одбивање на Мороскиот народно - ослободителен фронт (МНЛФ), кој има набљудувачки статус, нејзиното барање и до ден - денес не е решено, иако во 2009 година доби силна поддршка од Индонезија, Иран, Малезија и Обединетите Арапски Емирати.

Без одговор се сé уште и барањата за добивање набљудувачки статус на Шри Ланка, Србија, Непал и Конго (2008), како и на Белорусија (2010), Бразил (2011) и Кина (2012).

### 5.1. Влијателни земји во Организацијата за исламска соработка

Во формирањето на Организацијата за исламска соработка клучна улога одигра Саудиска Арабија. Токму поради тој факт таа е вклучена во сите самити и тела на Организацијата, а покрај задолжителните финансиски придонеси обезбедува и голем број на доброволни прилози. Во декември 2005 година Саудиска Арабија донираше една милијарда долари на Фондот за сиромашни што беше креиран во рамките на Исламската банка за развој. Саудиска Арабија носи со себе клучна симболична улога во обликувањето на текот на Организацијата, но и во муслиманскиот свет воопшто. Имајќи го предвид фактот дека во Саудиска Арабија се двете свети места, Мека и Медина, кои се сметаат за центар на исламот, може да се каже дека ќе остане клучна во водството и одбраната на исламските интереси. Кралот Абдула беше главниот архитект на Самитот во Мека, на кој беше одобрен Десетгодишниот план за акција на Организацијата.

Покрај Саудиска Арабија, која сé повеќе покажува отворени претензии да биде не само лидер во Организацијата, туку и во целиот исламски свет, Иран несомнено е една од највлијателните членки на Организацијата за исламска соработка. Како предводник на шиитите тој дури е и во отворен конфликт со сунитска Саудиска Арабија токму околу самото лидерство во исламскиот свет, што подоцна ќе биде пошироко елаборирано. Покрај тоа, и

тој, како и Саудиска Арабија, обезбедува високо ниво на задолжителни и доброволни финансиски прилози за Организацијата, активно е ангажиран на самитите и игра голема улога на глобално ниво.

И Пакистан е една од највлијателните земји - членки во Организацијата за исламска соработка, до толку повеќе што одигра важна улога во зајакнувањето на соработката меѓу муслиманските држави со своето активно учество во програмите и активностите на Организацијата. Напорите на Пакистан добија големо признание од целото членство, кога станува збор за критични прашања како што се: Палестина, Авганистан, Џаму и Кашмир, Босна и Херцеговина, Косово и други. Повеќе пати беше домаќин на конференции и собири на Организацијата, а во оваа земја се лоцирани и седиштата на повеќе комитети и институции на Организацијата.

И посветеноста на Малезија кон Организацијата е континурана. Таа е активен учесник во политичките, економските и техничките прашања што влијаат врз исламската заедница. И покрај нејзиното незадоволство од внатрешната разединетост меѓу членките, постојано поттикнува и дава идеи и средства за да се обликува Организацијата за исламска соработка како поефикасна организација во меѓународните односи на светската сцена. Уште од вонредната седница на Советот на министри за надворешни работи за тероризам одржана на 3 април 2002 година, Малезија намерно ги нагласува целите кои треба да се постигнат за борба против тероризмот како колективен одговор од земјите - членки, како и на погрешната перцепција за поврзување на исламот со тероризам.

Во јуни 2003 година Турција беше домаќин на состанокот на Советот на министри за надворешни работи, сигнализирајќи ја својата намера да игра поактивна улога во оформувањето на панисламските политики. Исто така, иницираше повеќе дипломатски потези за клучната улога во обликувањето на политиката на муслиманските држави кон Израел. Од 57 земји - членки денес само единаесет имаат дипломатски односи со Израел. Турција е првата муслиманска земја што го призна Израел во 1984 година и одржуваше добри односи сѐ до 2010 година, кога односите меѓу двете земји нагло се влошија по упадот на израелските морнарички командоси на турскиот брод „Мави мармара“ кој во мај 2010 година превезуваше помош за Палестинците во

блокираниот појас Газа, при што загинаа девет турски активисти [51]. Меѓутоа, на 27 јуни 2016 година, по шестгодишен длабок јаз, повторно беа нормализирани односите меѓу двете земји [52]. Покрај тоа, Турција беше организатор и домаќин на последниот Тринаесетти исламски совет, кој беше одржан во април во Истанбул, на кој турскиот претседател Таип Реџеп Ердоган отворено покажа амбиции за лидерство во исламскиот свет.

Покрај овие држави, значително влијание со придонес во буџетот имаат и Кувајт, Обединетите Арапски Емирати и Либија.

## 6. Декларација од Каиро за човековите права во исламот

Покрај Повелбата, која е основачки и базичен документ, Декларацијата за човековите права во исламот несомнено е најзначајниот документ на Организацијата за исламска соработка. Усвоена е на 5 август 1990 година, на последниот ден на 19-та конференција на министрите за надворешни работи на земјите - членки на Организацијата на исламската конференција, одржана во главниот град на Египет, Каиро. Нејзиното донесување се оценува како исламски одговор на Универзалната декларација за човековите права што ја усвои Генералното собрание на Обединетите нации на 10 декември 1948 година во Париз и која Саудиска Арабија одбиваше со децении да ја прифати поради, како што постојано се истакнуваше, не земањето предвид на културниот и религиозниот контекст на незападните земји. Токму таа, придружена од Иран и од Судан, беше главниот иницијатор за донесување посебна декларација за човековите права во исламот, која ќе биде одраз на реалната состојба во исламскиот свет. Во прилог на тоа беше и тврдењето на новите ирански власти по Исламската револуција во 1981 година дека Универзалната декларација е неприфатлива, бидејќи се темели на

[51] *Izraelski dužnosnik: Izrael i Turska dogovorili normalizaciju odnosa*, 26.06.2016 http://www.vecernji.hr/svijet/izraelski-duznosnik-izrael-i-turska-dogovorili-normalizaciju-odnosa-nakon-krvavog-napada-2010-1094988

[52] *Kraj višegodišnje krize: Turska i Izrael objavili pomirenje*, ponedeljak, 27. jun 2016, http://www.rts.rs/page/stories/sr/story/10/svet/2366431/kraj-visegodisnje-krize-turska-i-izrael-objavili-pomirenje.

„секуларната интерпретација на еврејско - христијанската традиција која не може да биде прифатлива во муслиманските држави" [53].

Декларацијата од Каиро претставува важен обид за кодификација на шеријатските начела во областа на човековите права и слободи [54]. Се состои од 25 членови со кои се регулирани разни права кои ги препознава и ги гарантира шеријатското право. Во преамбулата на Декларацијата се изразува надеж дека таа ќе им послужи како општ водич на државите - членки на полето на човековите права. Притоа, се идеализира историската улога на исламскиот Умет, кој е единствен во состојба да обезбеди решенија за хроничните проблеми на материјалистичката цивилизација. Според Декларацијата, човековите права и слободи се составен дел на исламот и, бидејќи имаат Божји извор, никому не му е дозволено да ги суспендира во целост или делумно, крши или игнорира. Дури почитувањето на човековите права претставува акт на побожност, а нивното занемарување или кршење гнасен грев. Иако не се наведуваат конкретни курански пасажи со кои се втемелува потеклото на човековите права, за разлика од Општата повелба за човековите права во исламот [55], тие се проткаени во сите членови на Каирската декларација. Мошне лесно може да се препознае куранската основа на првиот член, но и на другите делови на Декларацијата, во кој се прокламира дека никој нема предност над другиот, освен врз основа на побожноста и добрите дела [56].

Но, токму верската основа на Декларацијата од Каиро е нејзиниот основен ограничувачки фактор и таа, за разлика од Универзалната декларација за човекови права, се однесува само на човековите права на муслиманите, а нејзиното дејство е ограничено само на земјите - членки на Организацијата за исламска соработка. Впрочем, уште во првиот параграф на Преамбулата самоуверено се потврдува супериорноста на исламот во однос

---

[53] *Cairo Declaration on Human Rights in Islam - Diverges from the Universal Declaration of Human Rights in key respects,* EuropeNews, December 01 2007, http://en.europenews.dk/Cairo-Declaration-on-Human-Rights-in-Islam-Diverges-from-the-Universal-Declaration-of-Human-Rights-in-key-respects-78272.html

[54] Enes Karić, *Ljudska prava u kontekstu islamsko - zapadne debate*, Pravni centar, Sarajevo, 1996, str. 275-283.

[55] Општата повелба за човековите права во исламот е усвоена на 19 септември 1981 година, на состанокот на УНЕСКО во Париз и претставува прв значаен современ обид на исламските научници да одговорат на многубројните дебате за неспоивоста на исламот и човековите праваг. (mr. hfz. Elvir Duranović, *Deklaracije o ljudskim pravima u islamu,* Jun 11, 2015, http://documents.tips/documents/deklaracije-o-ljudskim-pravima-u-islamu-elvir-duranovic.html#)

[56] Enes Karić, *Ljudska prava u kontekstu islamsko - zapadne debate*, Pravni centar, Sarajevo, 1996, str. 275-283.

на другите религии кои воопшто не се споменуваат. За разлика од Универзалната декларација, според која сите религии и култури се еднакви, уште во самиот почеток на Декларацијата од Каиро јасно се нагласува дека светот е поделен на муслимани и неверници. Впрочем, тоа најилустративно го потврдува членот 1 во кој јасно се вели дека: „сите човечки суштества формираат едно семејство, чии членови се обединети со нивната покорност кон Алах и потеклото од Адам"[57] и дека „сите човечки суштества се поданици на Алах" [58], со што Декларацијата ги доведува муслиманите во супериорна позиција во однос на немуслиманите, односно неверниците. И покрај тоа што, според член 1 на Декларацијата, сите „мажи се еднакви во однос на човековото достоинство и основни обврски и одговорности, без никаква дискриминација врз основа на раса, боја на кожата, јазик, вера, пол, религија, политичка припадност, социјален статус и други размислувања" [59], сепак, најмногу сакани од Алах се „оние кои се најкорисни за неговите неговите поданици и никој нема надмоќ над друг, освен врз основа на побожност и добри дела" [60] што, покрај тоа што говори за контрадикторноста на самиот член 1, покажува дека само муслиманите, односно оние кои веруваат во Алах, имаат привилегирана позиција во однос на другите. А, токму таа привилегирана позиција, која во реалноста има разни појавни облици, е потенцијален извор на недоразбирања, па дури и конфликти, меѓу муслиманите и, како што се вели, неверниците, па дури и меѓу самите муслимани.

Целосното потпирање на Декларацијата врз шеријатското право како единствена нејзина основа уште повеќе го потврдува нејзиниот ограничувачки карактер. Таа ги признава само оние човекови права кои се во согласност со него. Тоа најдобро и недвосмислено го потврдува нејзинот претпоследен 24 член во кој децидно се вели: „Сите права и слободи наведени во оваа декларација се предмет на исламскиот шеријат" [61]. Улогата на исламскиот закон како единствен извор на правно мислење, пак, уште

[57] *The Cairo declaration on human rights in islam, article 1*,http://www.oic-oci.org/english/article/human.htm
[58] Исто.
[59] Исто.
[60] Исто.
[61] *The Cairo declaration on human rights in islam, article 24*, http://www.oic-oci.org/english/article/human.htm

подецидно е потврдена во последниот 25 член, кој тврди дека „исламскиот шеријат е единствениот извор на референцата за објаснување или разјаснување на секој член на оваа декларација" [62]. А, токму овие два члена повеќе од јасно ја потврдуваат нејзината суштина. Потврда за тоа е тоа што во членот 22 се ограничува слободата на говорот за она што е во спротивност на исламскиот закон: „Секој има право да го изрази своето мислење слободно на начин што нема да биде во спротивност со принципите на шеријатот" [63], па дури и вршењето јавна функција, според Декларацијата, мора да биде во согласност со него.

Токму шеријатското право е и причина што Декларацијата од Каиро не му посветува внимание на почитувањето на меѓународните стандарди за човековите права и во сферата на слободата на религијата. Напротив, таа никаде не ги споменува верските слободи и можноста за промена на религијата, туку во членот 10 само се потенцира дека „исламот е религија од недопрена природа", како и дека „забрането е да се врши каков било облик на принуда на човекот или да се искористи неговата сиромаштија или незнаење за да се преобрати во друга религија или атеизам" [64]. Во членот 5, пак, се вели дека, и покрај тоа што се забрануваат какви било ограничувања при стапувањето во брак кои произлегуваат од „расата, бојата на кожата или националноста", сепак, религиската припадност е онаа што го ограничува тоа право, бидејќи токму таа е решавачкиот фактор при склучувањето на брак [65].

И токму тука лежи најважната разлика меѓу Универзалната декларација за човековите права и Декларацијата од Каиро во однос на религијата. Универзалната декларација нема никаква врска со религијата, таа ниту ја отфрла, ниту ја прифаќа, туку им дава слобода и право на избор на поединците, додека, пак, Декларацијата од Каиро ја глорификува исламската религија, а со самото тоа не само што ја ограничува слободата на избор на верските уверувања, туку промената на религијата се смета за еден од најголемите гревови за кој, според шеријатот, казната е смрт.

---

[62] *The Cairo declaration on human rights in islam, article 25*, http://www.oic-oci.org/english/article/human.htm
[63] *The Cairo declaration on human rights in islam, article 22*, http://www.oic-oci.org/english/article/human.htm
[64] *The Cairo declaration on human rights in islam*, article 10, http://www.oic-oci.org/english/article/human.htm
[65] *The Cairo declaration on human rights in islam, article 5*, http://www.oic-oci.org/english/article/human.htm

Декларацијата од Каиро е критикувана и поради тоа што не ја потврдува еднаквоста меѓу мажите и жените, односно ја потенцира супериорноста на мажите врз жените. И покрај тоа, што во членот 6 на жените им се гарантира еднаквост со „мажот во човековото достоинство", но не и еднаквост во другите работи, како што е одговорноста за „одржување на благосостојбата на семејството", право кое исклучиво им припаѓа само на мажите [66].

Освен тоа, некои критичари, меѓу кои најгласен е специјалниот пратеник на генералниот секретар на Обединетите нации за превенција од геноцид Адама Диенг, тврдат дека оваа декларација сериозно му се заканува и на меѓукултурниот консензус, врз кој се базираат меѓународните инструменти за човековите права и дека дозволува толерирање на дискриминација против немуслиманите и жените [67]. Според Диенг, Декларацијата од Каиро има намерно ограничувачки карактер во однос на одредени основни човекови права и слободи до тој степен што одредени основни одредби се дури и под законските стандарди што се во сила во голем број муслимански земји и дека го користи шеријатот како „капак" за да се оправда легитимноста на практиката, како што е, на пример, телесното казнување, кое ги напаѓа интегритетот и достоинството на човекот.

Декларацијата за човековите права во исламот, и покрај сите недостатоци, сепак, претставува силен морален поттик на државите - потписнички да ги гарантираат и да ги штитат прокламираните човекови права. Но, за жал, нема законска сила. Меѓутоа, таа е важна поради фактот дека во исламскиот свет сé повеќе заживува дискурсот за човековите права, па макар и да се засновани на шеријатот [68].

---

[66] *The Cairo declaration on human rights in islam, article 6*, http://www.oic-oci.org/english/article/human.htm

[67] *Cairo Declaration on Human Rights in Islam - Diverges from the Universal Declaration of Human Rights in key respects*, EuropeNews, December 01 2007, http://en.europenews.dk/Cairo-Declaration-on-Human-Rights-in-Islam-Diverges-from-the-Universal-Declaration-of-Human-Rights-in-key-respects-78272.html

[68] mr. hfz. Elvir Duranović, *Deklaracije o ljudskim pravima u islamu*, Jun 11, 2015, http://documents.tips/documents/deklaracije-o-ljudskim-pravima-u-islamu-elvir-duranovic.html#

## 7. Десетгодишни програми за акција на Организацијата за исламска соработка

### 7.1. Десетгодишна програма за акција на Организацијата за исламска соработка 2005 - 2015 година

Меѓу самите земји - членки на Организацијата за исламска соработка постојат огромни разлики, пред сé, во степенот на економската развиеност, кои создаваат големи и непремостливи разлики меѓу нив, кои сериозно влијаат врз самото единство на Организацијата. Така, некои од нејзините членки уште во седумдесеттите години на минатиот век на светската сцена се појавија како лидери во областа на енергетиката, инфраструктурата, телекомуникациите и финансиите, како што се: Саудиска Арабија, Кувајт, Обединетите Арапски Емирати, Катар, Бахреин, Малезија, Иран, Либија и др. Но, повеќето од нив, особено земјите - членки од африканскиот континент, како што се: Сомалија, Чад, Мали и др., и натаму се соочуваат со сериозни политички, социо-економски, културни и научни предизвици кои сериозно влијаат на „единството, мирот, безбедноста и развојот на самата организација" [69]. Тоа беше и една од причините саудискиот крал Абдула ибн Абдулазиз, кој се сметаше за еден од лидерите на Организацијата, да иницира вонреден самит на Организацијата на кој лидерите за земјите - членки требаше да ги разгледаат проблемите на солидарноста меѓу земјите - членки и да се покрене заедничка исламска акција чија цел е да се „одговори на предизвиците со кои се соочува муслиманскиот Умет во XXI век". Плод на таквата иницијатива беше донесувањето на Десетгодишната програма за акција на Организацијата на исламската конференција за периодот 2005 - 2015 година на Третиот вонреден самит на Исламскиот совет, одржан на 7 и 8 декември 2005 година во саудискиот град Мека, при што беше истакнато дека земјите - членки треба решително да соработуваат за да се соочат со овие предизвици и да преземат неопходни иницијативи за нивно надминување [70].

[69] *Ten – year programme of action to meet the challenges facing the muslim ummah in the 21st century, Third extraordinary session of the Islamic summit conference*, http://www.oic-oci.org/ex-summit/english/10-years-plan.htm
[70] Исто.

Притоа, беше нагласено дека тие се уверени во можноста оти муслиманскиот Умет може да ја постигне својата ренесанса и да се зајакнат врските на исламската солидарност, како и да се покажат вистинската слика и благородните вредности на исламот и неговиот цивилизациски пристап.

Во Програмата за акција се ревидираат предизвиците со кои се соочува муслиманскиот свет денес, како и начините и средствата што ќе послужат како практична и употреблива програма за сите членки на Организацијата на исламската конференција, на која ѝ беше дадена централната улога во спроведувањето на новата визија и целите за муслиманскиот свет.

Програмата ги идентификува најважните предизвици со кои се соочува муслиманскиот свет денес, како и начините и средствата кои ќе бидат употребени на објективен и реален начин за реализација на изводлива и употреблива програма за сите земји - членки. Во нејзиниот фокус се повеќе области, но акцентот беше ставен врз воспоставувањето на вредностите на умереност и толеранција во рамките на Уметот и борбата против екстремизмот, насилството, исламофобијата и тероризмот [71]. Притоа, се повикува на исламска солидарност преку заедничка исламска акција за сите прашања кои влијаат на земјите - членки, вклучувајќи ги и прашањата на реформи во Организацијата на Обединетите нации, проширувањето на членството на Советот на безбедност и поддршката на кандидатурите на земјите - членки на Организацијата во меѓународните и регионалните организации.

Во рамките на оваа заедничка акција се бараше зголемување на напорите за ставање на крај на израелската окупација на палестинските територии окупирани во 1967 година во согласност со резолуциите на Обединетите нации за палестинското прашање. Заедно со Повелбата, Програмата го афирмира неотуѓивото право на самоопределување на палестинскиот народ, кој е под странска окупација, и повикува на итно воспоставување суверена и независна палестинска држава со Ал-Кудс Ал-Шариф (Ерусалим) како главен град, како и на заштита на сите муслимански

[71] *Ten – year programme of action to meet the challenges facing the muslim ummah in the 21st century, Third extraordinary session of the Islamic summit conference*, http://www.oic-oci.org/ex-summit/english/10-years-plan.htm

свети места што се наоѓаат во него, при што се нагласува дека Ал-Кудс останува примарен фокус на Организацијата [72].

Во Програмата посебно место им се дава на унапредувањето на економската и трговската соработка меѓу земјите - членки и на Исламската развојна банка. Притоа, преку координирани напори за намалување на сиромаштијата во муслиманскиот свет, Програмата повикува на помош на земјите погодени од природни катастрофи, поддршка за развојот и намалувањето на сиромаштијата во Африка, особено во Сомалија, преку градење капацитети, отпишување на долговите и посебни програми утврдени од меѓународната заедница. Таа, исто така, стави голем акцент и врз развојот на науката, новите технологии, реформите во образованието, особено врз напорите за описменување и за унапредување на човековите права и, особено, правата на жените во исламот. Токму затоа, Програмата предвидува формирање независно постојано тело за унапредување на човековите права кое, под името Независна постојана комисија за човекови права, беше формирано дури во 2011 година [73]. Таа, како што се истакнува во нејзиниот статут, ќе работи врз унапредувањето на човековите права и ќе ги поддржи напорите на земјите - членки за консолидирање на граѓанските, политичките, економските, социјалните и културните права во согласност со Повелбата на Организацијата за исламска соработка.

Што се однесува, пак, на унапредувањето на правата на жените во земјите - членки, Организацијата за исламска соработка, спроведувајќи ја Програмата, започна процес за воспоставување специјализирана организација за развој на жените во ОИК (OIC Women Development Organisation). Основната цел на оваа специјализирана организација за развој на жените, која беше основана 2009 година со седиште во Каиро, е „развој и унапредување на улогата на жените во земјите - членки на Организацијата, со капацитет, вештини и градење на компетентност, преку различни механизми, вклучувајќи обука, едукација и рехабилитација, во согласност со исламските

[72] *Ten – year programme of action to meet the challenges facing the muslim ummah in the 21st century, Third extraordinary session of the Islamic summit conference*, http://www.oic-oci.org/ex-summit/english/10-years-plan.htm
[73] Исто.

принципи и вредности" [74]. Токму базирањето врз исламските принципи и вредности е она што на оваа организација ѝ дава ограничувачки карактер во однос на UN Woman, специјализирана организација на Обединетите нации за родова еднаквост и еманципација на жените, формирана во 2010 година која, пак, се базира врз универзалните човекови права и се залага, меѓу другото, за елиминирање на дискриминацијата на жените и девојките, еманципација и јакнење на улогата на жените и еднаквост меѓу жените и мажите како партнери и корисници на развојот, човековите права, хуманитарните права, мирот и безбедноста [75], без оглед на етничката, верската и расната приданост.

Но, несомнено како еден од најголемите успеси на Десетгодишната програма за акција беше формирањето на *Опсерваторијата за исламофобија* при Генералниот секретаријат на Организацијата, чија главна задача е подигнување на свеста за опасностите од исламофобија и следење на сите негови форми и манифестации со покренување структурален дијалог за промовирање на вистинските вредности на исламот, како и подготвување годишни извештаи. Првиот извештај на Опсерваторијата беше презентиран на Единаесеттиот Исламски самит во 2008 година, одржан во Дакар. Досега Опсерваторијата, заклучно со 2015 година, изготви осум годишни извештаи за состојбата со исламофобијата во светот [76].

Во Програмата, покрај борбата против исламофобијата, се потенцира и борбата против екстремизмот, насилството и тероризмот при што, покрај острата осуда, се нагласува дека тероризмот е глобален феномен кој не е поврзан со која било религија, раса, боја на кожата или земја и се разликува од легитимниот отпор против странската окупација, кој не санкционира убивање невини цивили.

Десетгодишната програма за акција на Организацијата за исламска соработка заврши кон крајот во 2015 година и нејзината реализација беше оценета како успешна. Во извештајот за нејзиното спроведување, што беше презентиран на 40-от состанок на Советот на министрите за надворешни

---

[74] *Statute of the OIC Women Development Organization*, http://www.oic-oci.org/english/convenion/Statue_of_the_oic_women_development_org_en.pdf
[75] *About UN Women*, UN Women, http://www.unwomen.org/en/about-us/about-un-women
[76] *Islamophobia*, Islamophobia observatory, http://www.oic- oci.org/oicv3/page/?p_id=18 &ref=61&lan=en&x_key=islamophobia

работи, одржан во 2013 година, се истакнува дека со Програмата, Организацијата за исламска соработка беше сведок на концептуалната промена на парадигмата, што резултираше со комплетна реформа на Организацијата, како и дека со нејзината реализација се подобриле нејзиниот имиџ на глобално ниво и квалитетот на внатрешната бирократија и на организациските процеси со што Организацијата се здобила со доверба кај членките. Притоа, се потенцираат и достигнувањата, особено во спроведувањето на институционалните реформи за мирно решавање на конфликтите и за унапредување на благосостојбата на народите во социо - економски, културни и хуманитарни домени.

Меѓутоа, важно е да се напомне дека не постојат сеопфатни независни анализи на Програмата и, особено, на нејзиното спроведување. Сите извештаи кои ги потврдуваат достигнувањата на Организацијата за исламска соработка во Програмата се врз основа на нејзини сопствени проценки без поголема транспарентност во процесот на детерминирање на успехот. На пример, додека Организацијата го прославуваше формирањето на *Независната постојана комисија за исламски човекови права* како важен настан, три години по нејзиното формирање Комисијата сé уште се бореше да ги формализира својата институционална структура и работните процеси.

## 7.2. Десетгодишна програма за акција на Организацијата за исламска соработка 2016 - 2025 година

Веднаш по усвојувањето на извештајот за реализацијата на Десетгодишната програма за акција за периодот 2005 - 2015 година на 40-от Министерски состанок, започнаа подготовките за изработка на новата Десетгодишна програма за акција за периодот 2016 - 2025 година. Првиот чекор беше направен на 41-от Министерски состанок, одржан на 18 и 19 јуни 2014 година во саудискиот град Џеда, на кој беа утврдени контурите на новата програма. Потоа, таа беше разработена и дополнета на консултативниот состанок на институциите на Организацијата во Генералниот секретаријат на 7 и 8 декември 2014 година, а по повеќе состаноци на експертски групи и неформални консултации меѓу земјите - членки,

конечната верзија на оваа програма беше усвоена на 42-от состанок на Советот на министрите за надворешни работи, одржан на 27 и 28 мај 2015 година во Кувајт.

И оваа програмата е развиена врз основа на визијата и принципите содржани во Повелбата на Организацијата за исламска соработка и е во насока на унапредување и консолидирање на единството меѓу земјите - членки и ја потврдува потребата од зачувување и унапредување на исламските вредности на мирот, толеранцијата, правдата и човековото достоинство. Во неа, како и во претходната програма, централното место е резервирано за палестинското прашање кое и натаму е политички предизвик на регионално и меѓународно ниво, при што се нагласува дека една од најважните цели кон кои се стреми Организацијата е окончување на израелската окупација на палестинските и арапските територии и обезбедување трајно решение во согласност со сите релевантни резолуции. Притоа, се нагласува дека Израел како окупаторска сила ѝ пркоси на волјата на меѓународната заедница со присилната окупација на Палестина од 4 јуни 1967 година, кршејќи ги меѓународното право, меѓународните конвенции и резолуции на Светската организација и негирајќи ги легитимните права на палестинскиот народ со постојано насилно менување на демографскиот и географскиот карактер на земјата со етничко чистење, јудеизацијата на градот Ал Кудс и насилното уривање на палестинските домови. Затоа, во Програмата се истакнува дека улогата на Организацијата треба да биде во одбрана на Палестина и во давањето поддршка за реставрација на правата на палестинскиот народ [77].

Во Програмата, како и во претходната, се потенцира и релевантноста на Организацијата за исламска соработка во решавањето на предизвиците во кои се „соочува Уметот" во Џаму и Кашмир, Нагорно Карабах, Кипар, Косово и Босна и Херцеговина; да се направат напори за запирање на конфликтите во Сирија, Ирак, Либија, како и нејзино вклучување во реконструкцијата на Авганистан, Сомалија, Јемен, Мали и Брегот на слоновата коска [78].

---

[77] *The OIC – 2025 Programme of action (draft – Rev.4)*, http://www.oic-oci.org/poa/poa_v4_en.pdf
[78] Исто.

Во Програмата како втора важна цел на Организацијата се наведува борбата против тероризмот, екстремизмот, радикализмот, секташтвото и исламофобијата, при што се нагласува дека е неопходно да се воспостави партнерство заради јакнење на меѓународните напори во борбата против сите аспекти на тероризам. Како што може да се забележи, и тука на борбата против исламофобијата ѝ се дава нагласено значење бидејќи, според годишните извештаи на Опсерваторијата за исламофобија, таа станува сериозен проблем на современиот свет. Во Програмата се истакнува дека наследството на историските неправди, колонизацијата и окупациите довеле до принудна демонтажа на сопствениот идентитет и култура, сиромаштија, маргинализација, дискриминација и негирање на правото на самоопределување што довело до ширење на екстремизмот, насилниот екстремизам и тероризмот. Ваквите акти се очигледни против исламските и универзалните човекови права и бараат сеопфатно решение. Порастот на исламофобијата ги подложи муслиманите на расно профилирање, дискриминација, негативни стереотипи и стигматизација поради што муслиманите, домашните и имигрантите, имаат развиено чувство на несигурност во секојдневниот живот и се соочуваат на негирање на нивните основни човекови права [79].

Во Програмата за првпат се говори и за секташтвото како еден од главните проблеми со кои се соочуваат исламскиот свет и самата Организација. Се истакнува дека одредени кругови, обидувајќи се да добијат политички поени, намерно ги разгоруваат традиционалните тензии меѓу шиитите и сунитите, што им оди на рака на терористичките организации и групи кои го злоупотребуваат незадоволството на обесправените млади и беспомошни возрасни луѓе, со што и уште повеќе ескалираат тензиите во исламскиот свет. Затоа, во Програмата се истакнува неопходноста од заедничка борба против сите видови на исламофобија, тероризам, џихадизам и судир на идеологии и намалување на јазот меѓу сунитите и шиитите, кои за последица имаат поделби не само во самата организација, туку и меѓу нејзините членки, па дури и во светски рамки.

[79] *The OIC – 2025 Programme of action (draft – Rev.4)*, http://www.oic-oci.org/poa/poa_v4_en.pdf

Во економскиот дел на Програмата, пак, се наведени целите што треба да се остварат до 2025 година во напорите за намалување на сиромаштијата, зголемување на трговијата, инвестициите и финансиите, земјоделството и безбедноста на храната, животната средина, климатските промени и одржливиот развој, вработувањето, инфраструктурата и индустријализацијата и науката, технологијата и иновациите, како и во образованието и здравството [80].

Исто така, наведени се и задачите на Организацијата и на нејзините членки за натамошно унапредување и зајакнување на правата на жените, благосостојбата на семејството и социјална заштита, при што се нагласува дека, и покрај подобрувањето на статусот на жените во сите општествено - економски, политички и културни области во изминатата деценија, и понатаму има предизвици кои бараат решенија. Од другите области со кои се занимава Програмата за истакнување се заедничката исламска хуманитарна акција, човековите права, доброто управување и одговорноста, медиумите и јавната дипломатија и, вообичаено, институционални реформи на Организацијата за исламска соработка. Притоа, се нагласува дека, врз основа на стекнатото искуство при спроведувањето на првата фаза на Програмата, целта е секоја членка преку своите национални институции да ја имплементира, обезбедувајќи поволни услови за спроведување на целите и акциите од новата програма до 2025 година.

*

*   *

Од оваа глава можеме да ги извлечеме следниве поенти:

*- Организацијата за исламска соработка е првиот успешен обид на исламските земји да формираат своја меѓудржавна организација која ќе биде нивен колективен глас на меѓународната сцена.*

*- Нејзиното повеќе од петдецениско постоење е обележано со нејзината фиксација со антиизраелска агенда и со палестинското прашање,*

[80] *The OIC – 2025 Programme of action (draft – Rev.4)*, http://www.oic-oci.org/poa/poa_v4_en.pdf

*до толку повеќе што непосреден повод за нејзиното формирање беше подметнатиот пожар во една од најпознатите џамии Ал Акса во Ерусалим, за кој беа обвинети еврејски екстремисти.*

*- Фактот дека само муслиманските земји можат да бидат нејзини членки е нејзиниот главен ограничувачки фактор и тоа ја дефинира како затворена организација, за разлика од Обединетите нации која е универзална меѓународна организација.*

*- Нејзиниот базичен документ Повелбата не поседува правна машинерија или орган - институција за да обезбеди арбитража меѓу земјите - членки, бидејќи ѝ недостасува нормативен карактер, затоа што правната одлика на принципите содржани во неа може да се смета како декларација на постојаните општи принципи на меѓународното право.*

*- Организацијата за исламска соработка, и покрај тоа што поседува мошне разгранатa организациска структура, поради нејзиниот слаб наднационален механизам. Затоа, таа „пати" од слаба структура во смисла на моќта што треба да ја поседува и затоа таа повеќе наликува на „институционализација на серија консултативни механизми", односно на „лабав форум на консултации и соработка" отколку на самостојно моќно меѓународно тело.*

*- Тоа, пак, доведе до појавата на чувство на сомневање кај земјите - членки во нејзината способност да биде, пред сѐ, фактор во надминувањето на споровите меѓу самите земји - членки, но и во решавањето на глобалните проблем како претставник на „исламскиот свет".*

*-Декларацијата за човековите права во исламот од Каиро како важен обид за кодификација на шеријатските начела во областа на човековите права и слободи ја глорификува исламската религија, нагласувајќи ја нејзината супериорност во однос на другите религии кои воопшто не ги споменува. Нејзин ограничувачки фактор во однос на Универзалната декларација за човековите права, покрај религиската, е и родовата нееднакавост, односно потенцирањето на супериорноста на мажите над жените во муслиманските земји.*

## ГЛАВА III

# ИСЛАМОТ КАКО ОБЕДИНУВАЧКИ ИЛИ РАЗЕДИНУВАЧКИ ФАКТОР НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ИСЛАМСКА СОРАБОТКА

Исламот, по католичката религија која со векови носи изразито политички белег, денес е единствената светска религија која има институционализирано влијание на меѓународен план, кое се огледа преку постоењето и дејствувањето на Организацијата за исламска соработка како асоцијација на муслиманските земји, а тоа е резултат на инхерентната поврзаност на оваа религија со правото и политиката, како и на универзалистичките постулати врз кои тој е втемелен како вера. Но, токму таа нејзина втемеленост на припадноста нејзините земји - членки на една религија, поконкретно на исламот, врз неа има двојно влијание. Од една страна, таа сета своја моќ ја црпи токму од нејзината верска основа, која ја прави да биде силен мобилизирачки и обединувачки фактор не само во односите меѓу самите исламски земји, туку и во нивните односи со другите земји и меѓународни организации. Од друга страна, пак, токму тоа се покажа и како главен ограничувачки фактор за остварување на нејзините цели, но и за нејзиното функционално дејствување како меѓународна организација, чие дејствување е ограничено само врз нејзините земји - членки.

Но, сепак, основниот проблем со кој се соочува не само таа, туку и исламскиот свет во целина, и кој не само што е главна пречка за нејзиното дејствување, туку дури и латентна опасност за нејзиното постоење како меѓународна организација, е различното сфаќање и толкување на исламската религија, во која постои остра поделба, па дури и исклучивост, меѓу нејзините две главни фракции - шиитите и сунитите. Оваа внатрешна поделеност во исламот, заедно со геополитичките и геостратегиските интереси на највлијателните земји - членки, несомнено е главната причина за големите разлики, па дури и за отворениот амонизитет и непријателство меѓу

исламските земји, пред сé, меѓу сунитска Саудиска Арабија и шиитски Иран, како и за меѓумуслиманските конфликти во самите исламски земји (Сирија, Јемен, Ирак, Пакистан и Либан), што сериозно се одразува врз единството и дејствувањето на Организацијата за исламска соработка.

Оваа поделба и спротивставеност меѓу двете главни фракции во исламот - сунитите и шиитите, има 1300-годишна историја и трае речиси од самото појавување на исламот како религија. Затоа, да се разбере суштината на овој непремостлив „јаз" неопходно е навраќање на неговите корени.

## 1.Исламот како религија

Исламот е монотеистичка аврамска религија која потекнува од учењето на Мухамед од VII век. Тој се заснова на верувањето во еден бог - Алах, избраноста на Мухамед за божји пратеник, предодреденоста на човековата судбина, наградата за добри дела и казната за лоши, Судниот ден и воскреснувањето на мртвите. Неговите постулати се објавени во Куранот, светата книга на исламот, која претставува збирка на откровенија кои од Бог, преку ангелот Гаврил (Џибрил) во пустинската пештера ги примил Мухамед, пророк испратен од Бога, кој е и основач на исламот [81].

Мухамед е роден во Мека во 571 година. По потекло од племето Курејш кое имало многу голема општествена положба во Мека. Уште како дете тој останал без двајцата родители и грижата за него ја презел неговиот чичко. Како многу млад Мухамед станал патувачки трговец што му овозможило да се запознае со христијанството, јудаизмот и источните религии. Во 610 година во пештера покрај Мека доживеал откровение и ја започнал својата пратеничка мисија. Неколку години го проповедал своето учење во Мека, но без поголем успех, бидејќи не бил прифатен од богатите. Затоа во летото 622 година се преселил во Медина и таа негова преселба (арапски: хиџра) [82], во исламскиот свет е прифатена како почеток на новата (муслиманска) ера, од кога муслиманите започнуваат да го сметаат времето. Во новата средина Мухамед формирал верска заедница, а осум години по хиџрата, во 630

[81] *Religije svijeta*, Kršćanska sadašnjost, Nakladni zavod Hrvatske, Zagreb, 1991, str.315.
[82] Исто.

година, тој триумфално се вратил во Мека, која станала свет град на муслиманите, центар на исламот и цел на аџилак. Во Мека Мухамед ги обединил арапските племиња и станал нивен верски и световен поглавар, удирајќи ги темелите на единствената арапска држава, која во наредните векови ќе се прошири во Сирија, Египет, Северна Африка, па дури и на Пиринејскиот Полуостров. Умрел во 632 година, без да остави директен наследник. Поради тоа за негов наследник, односно калиф, бил избран Абу Бакр, татко на Ајша, една од сопругите на Мухамед, со што започнала, според сунитското сфаќање, ерата на тнр. „четворица праведни калифи", која траела од 632 година до 661 година. Во двегодишното владеење на својот калифат, тој ја зацврстил муслиманската доминација во Арабија и војувал против Византиска Сирија. Неговиот наследник, вториот калиф, Омер ибн ел Хатаб (634 - 644) ја освоил Сирија и дел од Египет и Месопотамија. По неговата смрт започнале и големите шизми меѓу муслиманите околу изборот на неговиот наследник. Следбениците на Али, роднина на пророкот и маж на неговата ќерка Фатима, очекувале дека тој ќе стане новиот калиф, но аристократот Осман ибн Афан од семејството на мекијанските Умајади бил избран за трет калиф, кој го проширил калифатот во Египет, Персија, па дури и до Ерменија. Но, членовите на Шиа Али (партијата на Али) сметале дека наследството мора да биде востановено врз основа на блиски роднински релации, односно калифот мора да биде не само од племето Курејш, туку и од семејството Хашемит и законски роден во бракот на Фатима со Али. Тие во битката кај Камел во 656 година го убиле Осман и за нов четврти калиф го избрале Али. Токму неговиот избор за калиф била основната причина за поделбата меѓу муслиманите на сунити и шиити. Додека сунитите го сметаат за четврт од четворицата праведни калифи, шиитите, пак, го сметаат за прв имам и прв вистински калиф. Како калиф, тој главниот град го преселил од Медина во Куфа, Ирак, каде што бил убиен во 657 година во атентат од Хариџиите, муслиманска секта која му се спротивставила на неговото прифаќање на арбитража во спорот против Муавија, роднина на Осман и прв умајадски калиф.

Во 680-та година, по смртта на Муавија, помладиот син на Али и внук на пророкот Мухамед, Хусеин, прифаќајќи ја молбата на ирачкото население да

го ослободи од неправедните намесници, го предизвикал синот на Муавија, Јазид. Во битката кај ирачкиот град Карбала Хусеин бил убиен заедно со своите 72 придружници, а следбениците на неговиот татко Али никогаш не им го простија неговото убиство на припадниците на умајадската династија. Токму оваа битка и убиството на Хусеин го означува клучниот момент на конечната поделба на муслиманите на две фракции - сунити и шиити [83].

Современиот исламски свет опфаќа пет културолошки зони: арапска (арапските земји и народи), турска (Османлии, Азербајџанци, Туркмени и др.), иранско - индиска (Иран, Авганистан, Пакистан, Бангладеш, муслиманите во Индија), малешка (Малезија и Индонезија) и црно-африканска (Еритреја, Нигерија, Судан и др.) зона. На тој разновиден супстрат исламот со векови развиваше богата, разновидна и во исто време единствена исламска цивилизација, а во XIX и XX век во исламскиот свет се појавуваат стремежи кон панисламизам, односно политичко, економско и духовно единство на исламските земји и народи, и кон национализам, создавање посебни држави врз јазична, културна и историска основа, со поголем или помал степен на секуларизам.

### 1.1. Сунитски ислам

Сунитскиот ислам е најголема група на исламот, на која ѝ припаѓаат дури 85 до 90 насто од муслиманите. Сунитските муслимани покрај Куранот, како света книга на исламот, ги следат и суните, односно исламските правила втемелени на обичаите на пророкот Мухамед. Сунитскиот ислам најчесто се наведува како ортодоксен облик на исламот. Зборот „сунизам" потекнува од арапскиот збор „суна" (سنة), кој значи обичај, начин на живот, пропис, норма, стандард, одредба, а сунитите под него ги разбираат верските закони кои Мухамед ги проповедал за време на својот живот. Сунитите веруваат дека никој не може да го наследи пророкот Мухамед, бидејќи го обликувал Куранот и ја довршил Божјата објава. Затоа, неговиот наследник може да

[83] Betts Brenton Robert, *The Sunni – Shi'a divide Islams internal divisions and their global consequences*, Washington D. C., Potomac books, 2013. page15.

биде чувар само на неговото пророчко наследство. Според нивното сфаќање, тој ќе биде калиф со подредена власт како водач на верниците, кој е одговорен за управување на заедницата и за покорноста на Куранот. За сунитите првите четворица калифи по Мухамед: Абу Бакр, Омер, Осман и Али, се „праведни калифи", бидејќи биле „ашаби" на Мухамед, односно негови другари и роднини [84]. Според нив, токму овие четворица калифи, бидејќи го познавале Мухамед и живееле според неговиот начин на живот, почитувајќи го Куранот и Суната, биле праведни.

Сунитите методологијата ја црпат од Куранот и од хадисите содржани во Ел Кутуб ел Ситах. Законите, исто така се, донесуваат според овие два основни извори со додавање на методата на правно образложение (кијас) и консензус на научниците (иџма). Постојат мислења на научниците по прашањето на сите сегменти на изучување на верата и тие со текот на времето се класифицирани со една од четирите главни правни школи (мезхеби) или, пак, одговорите се бараат во исламскиот закон (иџтихад). Сунитите веруваат дека учењата на сите овие четири школи се исправни и дека не се разликуваат во основните уверувања и во практикувањето на исламот, туку во различните сфаќања на исламската судска практика (фикх) од страна на имамот, основачот на мезхебите и нивните ученици.

Најстарата, најголема и умерена школа е Ханифиската, која има репутација акцентот да го става врз улогата на разумот и таа е полиберална од другите три сунитски правни школи [85]. Нејзин основач е имамот Абу Ханиф (699 -767) и таа е најраспространета меѓу сунитските муслимани во Централна Азија, Авганистан, Пакистан, Бангладеш, Кина, Индија, како и во Ирак, Мавританија, Турција, Босна и Херцеговина, Албанија, Косово, Македонија и на Кавказ.

Втората по големина сунитска правна школа е Маликиската, која настанала од учењето на имамот Малик ибн Абас (711 - 794) [86]. Неа ја следат

---

[84] *Religije svijeta*, Kršćanska sadašnjost, Nakladni zavod Hrvatske, Zagreb, 1991, str.334.

[85] Betts Brenton Robert, *The Sunni – Shi'a divide Islams internal divisions and their global consequences*, Washington D. C., Potomac books, 2013, page 46.

[86] Betts Brenton Robert, *The Sunni – Shi'a divide Islams internal divisions and their global consequences*, Washington D. C., Potomac books, 2013. page 47.

околу 25 насто од сунитските муслимани, пред сé, во Северна и Западна Африка, Обединетите Арапски Емирати, Кувајт и во некои делови на Саудиска Арабија. Се потпира врз истите четири компоненти како и Ханифиската школа со додадени елементи од традицијата на најраните муслимани од Медина. Ги почитува четирите калифи и се залага за консензус во учењата, јавниот интерес и во вистината на хадисот.

Третата сунитска правна школа е Шафиската, која името го добила по својот основач, имамот Мухамед ал Шафи од Газа (767 - 819) [87]. Оваа школа, всушност, е синтеза на претходните две - Ханифиската и Маликиската. Нејзиното учење се базира на стиктно формалистички начин на интерпретирање на суната. Според Шафите, ако некоја традиција не потекнува директно од самиот пророкот таа не е прифатлива.

Четвртата сунитска верско - правна школа е Ханбалската, чиј основач е Ахмед ибн Ханбал, еден од учениците на имамот Шафи, поради што оваа школа е многу слична на Шафиската [88]. Оваа школа се смета за најконзервативна од сите четири и преовладува главно на Арабискиот Полуостров, односно во Саудиска Арабија, Катар, Обединетите Арапски Емирати, Бахреин и во делови на Оман. Оваа школа приоритет им дава на традициите на првите три генерации муслимани, поради што се смета за школа на ортодоксниот екстремизам и идеен претходник на денешното вахабистичко движење.

Следбениците на овие четири школи следат ист основен состав на верување, но се разликлуваат во практичното изведување на верските ритуали и во правните интерпретации на „божествените принципи" (шеријатот) и во интерпретациите на Куранот и хадисите.

### 1.1.1. Фракции на сунитскиот ислам

Во самиот сунитски ислам со текот на времето се појавија поголем број фракции, од кои најпознати се суфизмот, салафизмот, вахабизмот и др.

---

[87] Betts Brenton Robert, *The Sunni – Shi'a divide Islams internal divisions and their global consequences*, Washington D. C., Potomac books, 2013. page 47.
[88] Исто.

### *Суфизам*

Суфизмот е мистичен, езотеричен аспект на исламот, начин на живот насочен кон остварување на божјото единство и присуство преку љубов и искуствено сознание, аскетизам и екстатичко единство со саканиот создател кој своите учења ги темели врз Куранот, а неговите следбеници се нарекуваат суфисти или дервиши. Тој се појавува како одговор на ортодоксноста и догматизмот кои преовладуваа во исламскиот свет по смртта на Мухамед [89].

Како исламски синкретистички и мистички аскетски правец суфизмот е спротивен на салафизмот, односно вахабизмот. Тој е целосно автохтоно длабоко вкоренето движење на отпорот против насилниот исламски радикализам. Иако суфистите претежно се сунити, тие имаат повеќе заеднички работи со шиитите во врска со духовноста и нивната љубов кон четвриот калиф, според сунитите, и првиот имам, според шиитите, Али и неговото семејство. Најмногу суфисти има во Иран, Египет, Пакистан, Индија и Бангладеш. Но, тие во последниве години се изложени на постојани притисоци и напади од вахабистите, припадниците на Ал Каеда, Талибанците и од други исламистички екстремистички групи, кои сметаат дека суфистите се неверници и предавници на исламот.

### *Вахабизам*

Вахабизмот е посебен вид на традиционализам во исламот и едно од крајно конзервативните реформски движења во исламот, кое се појавува кон крајот на XVIII и во почетокот на XIX век [90]. Негов духовен татко е Мухамед Абдулвахаб (1703 - 1792), тнр. исламски реформатор од Саудиска Арабија, кој тврдел дека обврска на муслиманите од Арабија (колевката на исламот) е да им се спротивстават на странските влијанија, пред сé, на персиските

[89] Branka Valentić, *Sufizam*, http://nova-akropola.com/kulture-i-civilizacije/religije-i-kultovi/sufizam/

[90] Betts Brenton Robert, *The Sunni – Shi'a divide Islams internal divisions and their global consequences*, Washington D. C., Potomac books, 2013. page 38.

(шиитски) и турските (суфистички) девијации на вистинската исламска вера. Неговата идеологија во XX век, поточно во 1932 година, беше еден од двата конститутивни елементи на независната саудиска држава, покрај мешовитата арапско - американска компанија за експлоатација на нафта „Арамко".

Вахабизмот во основа е пуристичко движење, со многу елементи на тоталитаризам. Вахабистите се приврзаници на Ханбалската верско - правна школа во сунитскиот ислам, карактеристична по буквалното толкување на традицијата, интегризмот, па и на фундаментализмот. Вахабистите не признаваат каков било авторитет во исламот, освен Куранот и хадисите [91]. Тие се остри противници на суфизмот, музиката, плурализмот во исламот, гробовите на светците, мавзолеите, како и на славењето на роденденот на Пророкот (мевлуд).

И покрај тоа што само 40 насто од вкупното население на Саудиска Арабија се вахабисти, вахабизмот во оваа традиционална теократска конзервативна монархија ужива статус на државна религија. Покрај верската, вахабистите имаат и огромна општествена и политичка моќ. Во нивни раце е исламската верска полиција, односно тнр. морална полиција (Mutaween), позната по својата свирепост кон сите оние кои не им се придржуваат на начелата, како што истакнуваат, на „вистинскиот ислам". За тоа колкава е моќта на вахабизмот во саудиското општество најилустративно говори следниов пример. Во март 2002 година во пожар во женско интернатско училиште во Мека загинаа 14 девојки, а повеќе десетици беа повредени само затоа што моралната шеријатска полиција ги враќаше во опожарената зграда, бидејќи не беа прописно покриени. Покрај тоа, многу позната е и практиката на камшикување и сурово казнување на затворениците.

Исто така, вахабистите не признаваат никаква поделба во исламот и негуваат нескриена нетрпеливост кон шиитите, суфистите и дервишите, како и кон либералните исламски учења. Повеќето вахабисти ги сметаат шиитите за отпадници и воопшто не ги признаваат за муслимани, при што шиитскиот

---

[91] Betts Brenton Robert, *The Sunni – Shi'a divide Islams internal divisions and their global consequences*, Washington D. C., Potomac books, 2013. page 38.

ислам го сметаат дури и за полош од христијанството и евреjството. Поради тоа, шиитските муслимани уште на почетокот на XIX век се изложени на жестоки репресарии и на погроми од вахабистите. Впрочем, токму вахабизмот лежи во суштината на непријателството и големото ривалство меѓу Саудиска Арабија и Иран, кој е единствената официјална шиитска држава во светот.

На вахабистите им припаѓаат Талибанците во Авганистан или, како што ги нарекуваат, „авганистанските Арапи". Освен тоа, вахабистите се во тесна врска и со припадниците на најголемата и најзлогласна исламистичка терористичка организација Ал Каеда, чиј основач беше саудиецот Осама бин Ладен.

Вахабизмот денес стана глобален феномен и може да се очекува негово натамошно јакнење и експанзија. Покрај тоа што е официјално државно и доминантно верско учење во Саудиска Арабија и во Катар, тој е сé поприсутен и во другите исламски земји, како и меѓу муслиманите во оние земји во кои тие се верски малцинства. Кога станува збор за Балканот, вахабистите се присутни во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија, Црна Гора, Македонија, Бугарија и Хрватска. Нивниот пробив на Балканот најчесто се одвива преку исламските центри, исламските училишта и исламските хуманитарни и добротворни организации.

### *Салафизам*

Салафизмот е ултраконзервативно и реформско движење во рамките на сунитскиот ислам, кое се појавува во втората половина на XIX век, заговарајќи враќање на традицијата на „побожните претци". Неговото суштинско учење може да се објасни како „фундаменталистички пристап кон исламот и обид за буквално имитирање на пророкот Мухамед и на неговите најрани следбеници во однесувањето и во начинот на живот".

Салафистите се делат на три категории [92]. Првата ја сочинуваат тнр. *пуристи* (purists), кои се фокусираат на ненасилно проповедање на исламот, верско образование и „прочистување на религиозните верувања и практики". Тие ја избегнуваат политиката, сметајќи ја како „диверзија или иновација која

[92] Quintan Wiktorowicz, *Anatomy of the Salafi Movement*, Washington, D.C, USA,2006. page 208.

ги оддалечува луѓето од исламот". Во втората категорија спаѓаат тнр. *активисти* (activists) кои, за разлика од пуристите, се активни во политиката, но од салафистите - џихадисти се разликуваат по тоа што избегнуваат насилство. Нивниот подем е евидентен по тнр. Арапска пролет кога во 2011 година, по забрзаниот подем и пад на Муслиманското братство, најстарото исламистичко движење во арапскиот свет, во Египет беше формирана првата салафистичка партија Ал Нур (Al-Nour Party). Токму нејзиното вклучување во политичкиот живот на Египет беше остро критикувано во другите салафистички кругови и беше оценето како предавство на салафистичкиот принцип за отфрлање на модерните институции.

Третата, најмала, но и најзлогласна група, ја сочинуваат *салафистите - џихадисти*, чија транснационална религиозно - политичка идеологија се заснова на верувањето во физичкиот џихадизам и на враќањето на „вистинскиот сунитски ислам" [93]. Некои автори сметаат дека сфаќањата на салафистите - џихадисти повеќе наликуваат на идеологија, отколку на религија, чија цел е „подигнување на свеста кај муслиманите дека нивната религија е во опаѓање" [94]. Нејзините припадници, следејќи го своето толкување на џихадот, во последниве години извршија серија самоубиствени терористички акции во повеќе држави, од кои секако најпознати се оној што Ал Каеда го изврши на 11 септември 2001 година и терористичките напади во Франција во 2015 и во 2016 година.

Во 2014 година џихадистите прогласија тнр. Исламска држава на подрачјето на Сирија и Ирак, прогонувајќи ги и убивајќи ги сите оние кои тие ги сметаат за неверници, пред сé, христијаните и Јазидите, но и оние вистински муслимани кои им се спротивставуваат и не се согласуваат со нивното толкување на исламот. Исламската држава, односно ИСИЛ, првобитно беше формирана како милитанта група која своите корени ги влече од сунитските фундаменталистички групи, кои беа формирани во почетокот на 2004 година во Ирак по американската инвазија и водеа вооружена борба против американските и другите западни трупи. Во

---

[93] *Salafism: Politics and the puritanical*, The Economist, 27 June 2015. Retrieved 29 June 2015.

[94] Assaf Moghadam, *The Salafi-jihad as a religious ideology*, February 15 2008, https://www.ctc.usma.edu/posts/the-salafi-jihad-as-a-religious-ideology

наредните неколку години ИСИЛ беше активна и во борбата против шиитските паравоени формации, а по американското повлекување и против ирачката влада. По избувнувањето на граѓанската војна во Сирија во 2011 година, ИСИЛ стана моќна вооружена формација, која во 2014 година освои голем дел од територијата на Ирак и Сирија на која прогласи калифат на чело со самопрогласениот калиф Ибрахим (Абу Бакр ал Багдади) (Abu Bakr al-Baghdadi), против која наскоро беше формирана голема меѓународна антитерористичка коалиција на чело со Соединетите Американски Држави. Во борбите против неа во 2015 година се вклучи и Руската Федерација, застанувајќи на страната на режимот на сирискиот претседател Башар ал Асад.

### 1.2. Шиитски ислам

Шиитскиот ислам е вториот по големина огранок на исламот. Неговите верувања се фокусирани на ликот на Али, зет на пророкот Мухамед, кој бил последен во низата од четирите праведни калифи кои го наследиле Пророкот. Тој, неговата сопруга Фатима и нивните два сина - маченици, Хасан и Хусеин, претставуваат главни личности во шиитската традиција [95]. Шиитите веруваат дека Пророкот го избрал токму Али за негов наследник и дека поради тоа тој требало да биде и прв калиф. Али е единствениот калиф кого го прифаќаат и сунитите и шиитите. Но, шиитите ги отфрлаат првите тројца калифи, Абу Бакар, Омер и Осман, а токму тоа е и главната причина за расколот меѓу муслиманите и за нивната поделба на шиити и сунити која се случила во 632 година.

За шиитите огромно значење има битката кај Карбала во 680-та година. Затоа, тие загинатите во оваа битка ги сметаат за свои маченици и до ден - денес овој настан го одбележуваат како Ден на Ашура [96], кој се паѓа на десеттиот ден на светиот месец Мухарам (10 октомври), а во одделни исламски земји со значителна шиитска попупација, како што се: Авганистан, Ирак, Иран, Либан, Пакистан, Бахреин и Индија е востановен и како државен празник.

---

[95] *Religije svijeta*, Kršćanska sadašnjost, Nakladni zavod Hrvatske, Zagreb, 1991, str. 334.
[96] Исто.

Татковината на шиитите е во регионот во кој умреле Али и Хусеин, а тоа се денешен Ирак и Иран. Според проценките, шиитски муслимани во светот има меѓу 15 и 20 насто од вкупниот број на муслимани во светот. Но, статистичките податоци за нив не можат да се сметаат за сосема релевантни, поради политичката и верската дискриминација на која тие се изложени во земјите во кои сунитските муслимани се во огромно мнозинство. Денес шиитите се мнозинство во Иран, кои и официјално е единствената шиитска држава во светот, Азербејџан и во Ирак, а значителни шиитски малцинства има во Сирија, Пакистан, Индија, Авганистан, Либан, Јемен, Бахреин и во другите земји на Персискиот Залив.

### 1.2.1. Фракции на шиитскиот ислам

И во самиот шиитски ислам, како и во сунитскиот ислам, со текот на времето дошло до поделба на многубројни групации од кои најзначајни се: Зеидите (Fivers), Исмаилите (Seveners) и Џафарите (Twelvers) [97].

#### *Зеиди*

Првата поделба меѓу шиитските муслимани била последица на несогласувањата околу тоа кој бил петтиот имам. За разлика од другите шиити, кои подоцна ќе се поделат на Исмаили и Џафари и кои веруваат дека тоа бил Мухамед ал-Бакир, синот на четвртиот имам Али ибн Хусеин, кој починал во 712 година, Зеидите веруваат дека тоа бил неговиот полубрат Зеид ибн Али, односно Зеид ал-Шехид.

Од нив подоцна како подгранок се развиваат Хутите, попознати како „Ансар Алах" односно „божји помошници", кои се сметаат за милитантна група на зеидите. За нивен водач се смета Хусеин Баредин ал-Хути, кој беше духовен водач на бунтот против јеменската влада во 2004 година, кој во наредните години, особено во 2011 година, прерасна во крвава граѓанска

[97] Betts Brenton Robert, *The Sunni – Shi'a divide Islams internal divisions and their global consequences*, Washington D. C., Potomac books, 2013. page 38.

војна меѓу шиитските Хути, мнозинските сунити и припадниците на Ал Каеда, чија идеологија се заснова врз радикалниот сунитски ислам, кои уживаат отворена воена поддршка од соседна Саудиска Арабија, за што подоцна ќе стане збор.

Хутите, за разлика од правоверните зеиди, се следбеници на концептот за дванаесетте имами (Џафари), поради што често се обвинувани од следбениците на зеидизмот дека се тајни конвертити. Тие се познати и по најголемата сличност со сунитскиот ислам по прашањата за правото и одлуките. Во денешен Јемен, особено во неговиот северен дел на следбениците на зеидизмот му припаѓаат меѓу 40 и 45 насто од населението, а во Саудиска Арабија има повеќе од еден милион негови следбеници.

### *Исмаили*

Втората поделба во шиизмот се појави во доцниот VIII век, околу тоа кој ќе го наследи шестиот имам, Џафар ал-Садик, по неговата смрт во 765 година. Неговиот наследник требало да биде неговиот најстар син Исмаил ибн Џафер, но тој починал пред да го наследи својот татко. Неговите следбеници, кои се нарекуваат Исмаили, сметаат дека тој не умрел, туку дека неговиот погреб (џеназа) бил организиран од неговиот татко со цел да се скрие вистината поради стравот од Абасидскиот калиф. Затоа тие веруваат дека Исмаил преминал во состојба на окултација и дека ќе се појави како Махди.

Денес има меѓу 15 и 20 милиони следбеници на Исмаилите, кои живеат во африканските и во азиските земји, вклучувајќи Пакистан, Авганистан, Таџикистан и Иран, а неколку заедници има и во Соединетите Американски Држави, Канада и Велика Британија. Нивен денешен духовен водач, за кој се верува дека е директен потомок на пророкот Мухамед, е Ага Кан (Prince Shan Karim Al Hussaini, Aga Khan IV), 49-от имам, еден од најбогатите светски духовни лидери и, како што го нарекуваат, принц без царство [98].

---

[98] Betts Brenton Robert, *The Sunni – Shi'a divide Islams internal divisions and their global consequences*, Washington D. C., Potomac books, 2013. page 18.

## *Имамити или Дванаесетници (Twelver)*

Дванаесетниците се најголема шиитска групација која ја сочинуваат 80 насто од сите шиити во светот. Нивната вера е официјална во Иран уште од времето на Сафавидската династија во 1501 година. Покрај тоа, Дванаесетниците ги има во Азербејџан, Ирак, Бахреин, Либан и Пакистан, каде што се мнозинство меѓу шиитите, како и во повеќе африкански и азиски држави.

Тие се приврзаници на сфаќањето за постоењето на дванаесет имами. Веруваат дека шестиот имам Џафар го наследил неговиот трет жив син Муса ал Катим и дека наследството продолжило сé до дванаесеттиот имам Махди, кој од XI век е во состојба на окултација во пештера кај Самара, во централен Ирак, како и дека тој ќе се појавел пред Судниот ден, ќе го обединел целиот свет и ќе го ослободел од неправдите и злото [99]. Затоа, во очекување на појавувањето на дванаесеттиот имам, тие развиле верска хиерархија на чиј врв се наоѓа ајатолахот („Божји знак"), највисока верска титула кај шиитските муслимани.

Титулата ајатолах беше воведена во Иран во 1906 година по тогашната „уставна револуција", кога оваа земја беше прогласена за уставна монархија. Во минатиот век бројот на ајатоласи се зголеми, а со тоа се зголеми и нивната политичка моќ. Најголемата моќ на ајатоласите беше достигната за време на Исламската револуција во 1979 година во Иран, под водство на ајатолахот Хомеини, кој стана де факто лидер новата Исламска Република Иран, која беше прокламирана по соборувањето на монархијата на шахот Мухамед Реза Пахлави. Оттогаш, и покрај тоа што Иран како република има претседател на државата, реалната политичка моќ во државата е во рацете на највисокиот верски лидер, а тоа е ајатолахот. Впрочем, и во самиот ирански устав децидно се нагласува дека само големите духовници смеат да ја водат државата.

[99] Betts Brenton Robert, *The Sunni – Shi'a divide Islams internal divisions and their global consequences*, Washington D. C., Potomac books, 2013. page 20.

### Алавити

Како резултат на натамошните поделбите меѓу на шиитите со текот на времето се создаваат и повеќе секти во рамките на шиитскиот ислам, кој и самиот настана како секта која веќе илјада години ја прогонуваат и ја тероризираат сунитите. Една од тие секти, која потекнува од Имамитите, се Алавитите, мала мистична секта подложна на мистицизам, која ги следи доктрините на шиитската школа Џафари. Покрај тоа, што се верска, тие се и етничка група слична на Евреите и на Друзите на Блискиот Исток. Името Алавити потекнува од имамот Али, кој се смета за прв шиитски имам и четврти и последен праведен калиф на сунитскиот ислам.

Алавитите традиционално ја населуваат областа на Алавитските Планини, покрај медитеранскиот брег на Сирија, но и во сите поголеми градови на Сирија. Според бројноста, тие се само 12 насто од населението на Сирија. Од нив потекнува и сирискиот претседател Башар ал Асад и тие го сочинуваат јадрото на сириската војска која веќе шеста година се бори против сириската опозиција и припадниците на Исламската држава и на повеќе исламистички организации [100]. Покрај тоа, нив ги има и во Либан и во јужна Турција.

### Алеви

Алевите како религиозна група или религиска ориентација претставуваат најголемо верско малцинство во Турција. Според различни статистики, нивниот број се движи меѓу 15 и 20 насто од вкупното население на оваа земја [101]. Најголемиот дел од нив живее во централна Анадолија, но ги има и во Иран. Но, и покрај тоа што тие се едно од најголемите верски малцинства во Турција и на Блискиот Исток, сепак, како и Алавитите и Друзите, се и едно од најмистериозните, до толку повеќе што воопшто не се

[100] Robert Bubalo, *Alaviti su muslimani koji piju vino i ljevičari koji vladaju Sirijom*, Večernji list, Zagreb, 22.9.2015,
http://www.vecernji.hr/svijet/alaviti-su-muslimani-koji-piju-vino-i-ljevicari-koji-vladaju-sirijom-3-1026175

[101] Betts Brenton Robert, *The Sunni – Shi'a divide Islams internal divisions and their global consequences*, Washington D. C., Potomac books, 2013. page 29.

споменуваат во референтните трудови за исламот, а најзначајните енциклопедии, меѓу кои и „Британика", ги сметаат за сунити. Тоа, меѓу другото, се должи на проблематичното историско минато, кое се карактеризира со постојани репресии, прогони и масовни убиства на Алевите од страна на сунитите за време на Отоманската империја, како и на негирањето на нивното постоење како шиитско малцинство во претежно сунитска Турција. Од друга страна, пак, и самите Алеви, поучени од лошото историско искуство, избегнуваат каква било поголема конфронтација со сунитите.

Тие се строго моногамни, не одат во џамии, а нивните сопруги не носат хиџаб и имаат еднакви верски права и учествуваат со мажите во богослужбата. Поради тоа, тие постојно се дискриминирани од сунитското мнозинство кое ги обвинува за предавство, бунт, неморал, ерес. Тоа особено беше изразено во времето на Османлиското царство, кога беа изложени на репресалии и масовни убиства. Сепак, нивната положба во турското општество значително беше подобрена по реформите што ги спроведе таткото на модерна Турција Ќемал Ататурк и тие денес се најголемите поддржувачи на неговите идеали [102]. Оттука, нив ги карактеризира и голем степен на секуларaност, а по промените во турското општество во седумдесеттите години на минатиот век, кога се појави нова урбана и образована генерација Алеви, како белег на нивниот идентитет се појави нивното свртување кон левичарската политика на штета на религијата. Поради тоа, покрај традиционалните притисоци што ги трпат врз верска основа, тие се изложени и на политичка дискриминација од страна на владејачкото сунитско мнозинство, чии припадник е и самиот турски претседател Таип Реџеп Ердоган, кој важи за еден од најголемите исламисти во современа Турција.

### *Друзи*

Друзите (арапски دروز) се планинска езотерична монотеистичка религиско - етничка заедница од околу еден милион припадници, од кои

[102] *Alevism*, Harvard divinity school, http://rlp.hds.harvard.edu/faq/alevism

најголемиот број живее на падините и во околината на планината Џабал ал-Друзе, на истокот на Сирија, но ги има и во Либан, Израел и Јордан [103]. Како посебна религиска секта настанале во почетокот на XI век, отцепувајќи се од исмаилитскиот шиизам поради тоа што почнувале да веруваат дека Алах се манифестира во одреден калиф.

Во светот денес има околу еден милион Друзи, од кои повеќе од половината живеат на падините и во околината на планината Џабал ал-Друзе, на истокот на Сирија, но ги има и во Либан, Израел и Јордан. Во Сирија тие се наоѓаат во слична или речиси иста ситуација како и Алевите, Шиитите, христијаните и сите религиски и етнички несунитски заедници и групи. Постојано се изложени на разни притисоци и живеат во страв поради можни напади, па дури и масакри, од страна на припадниците на џихадистичките организации Исламска држава и на Ал Нусра Фронтот, кои ги сметаат за неверници, но и поради тоа што долго време му беа лојални на сирискиот претседател Башар ал - Асад. Впрочем, Друзите веќе беа жртви на припадниците на Ал Нусра, кои на 10 јуни 2015 година во селото Калб Лозе убија 20 Друзи [104].

Во Либан, пак, Друзите, иако се околу пет насто од вкупното население и се сконцентрирани во планинските области источно и јужно од Бејрут, одиграа важна улога во формирањето на модерната либанска држава и затоа имаат големо политичко влијание. Според либанскиот устав, тие се една од петте либански муслимански заедници, покрај Сунитите, Шиитите, Алевите и Исмаилите, а според националниот договор меѓу политичките и религиските лидери началникот на Генералштабот на либанската армија секогаш е Друз. Во Израел, пак, Друзите уживаат одреден степен на автономија. Тие многу ѝ се лојални на државата, речиси фанатично служат војска каде што заземаат и високи позиции.

---

[103] Lazar Paščanović, *Druzi, čuvari tajne*, 31. 3. 2007, Klub putnika, http://www.klubputnika.org/zbirka/putoskop/24-druze-cuvari-tajne

[104] *Syria conflict: Al-Nusra fighters kill Druze villagers*, 11 June 2015, http://www.bbc.com/news/world-middle-east-33092902

Што се однесува, пак, на граѓанската војна во Сирија меѓу самите Друзи постојат огромни разлики. И додека сириските Друзи сѐ уште се држат настрана од судирите, лидерот на либанските Друзи Валид Џумлат отворено застана на страната на противниците на претседателот Башар ел Асад, нарекувајќи го диктатор, некриејќи ги своите симпатии кон припадниците на Ал Нусра Фронтот. За разлика од него, израелските Друзи веднаш по маскарот врз Друзите од страна на џихадистите на Ал Нусра Фронтот побараа израелската војска да ги заштити нивните браќа во Сирија.

### 1.3. Одразот на сунитско - шиитското вековно ривалство врз исламскиот свет и врз Организацијата за исламска соработка

Сево ова во голема мера ги потврдува тврдењата на голем број научници дека разликата меѓу сунитскиот и шиитскиот ислам е толку голема што може да се каже дека дури се и две различни религии, како и дека јазот меѓу нив е многу поголем отколку меѓу католиците, протестантите и православните христијани. Овие два главни исламски правци длабоко се разликуваат, пред сѐ, во пристапот и сфаќањето на шеријатското право, обредите, редоследот на светите луѓе (калифите), што сунитските исламисти и верските фундаменталисти ги користат како главни аргументи за нивното негирање на шиитите како припадници на муслиманската вера, сметајќи ги за отпадници и неверници.

Нивните спорови започнаа веднаш по смртта на Пророкот Мухамед во 632 година. До колку тој пред својата смрт го одредеше својот наследник, работите сигурно ќе се одвиваа поинаку [105]. Но, токму борбата околу тоа кој ќе го наследи неговото место кое стана како религиска, така и политичка позиција, всушност беше главната причина за сите поделби и шизми што настанаа меѓу шиитите и сунитите, чии разлики најмногу дојдоа до израз во нивното сфаќање на исламот како религија. Како што поминуваше времето, верувањата на овие две групации сѐ повеќе се разликуваа и оддалечуваа

[105] *Zašto se glože muslimani, šiiti i suniti*, 05.01.2016, http://mondo.rs/a863167/Info/Svet/Siiti-i-suniti-razlike-i-slicnosti.html

едни од други дури до таму што денес имаме ситуација меѓусебно да се негираат, обидувајќи се да се докажат дека токму тие се вистинските муслимани, а другите се отпадници и неверници.

И затоа имаат право оние кои тврдат дека во 632 година, пред сé, станувало збор за кадровска политика, а германскиот професор Лутз Бергер од Универзитетот во Кил е уште поконкретен: „спорот избувнал кога се дошло до прашањето: како на конкретен начин ќе биде одреден наследникот на Пратеникот. Во почетокот имавме политички конфликт во кој стануваше збор за персонални одлуки и интереси на различни групи. Тој политички конфликт подоцна се претвори во верски" [106]. И навистина сето она што се случуваше по смртта на пророкот Мухамед беше само гола борба за власт, верска и политичка, во првите држави кои ги основаа муслиманите по смртта на Мухамед, која подоцна се трансформира во големи и непомирливи разлики меѓу двете групации во сфаќањето и практикувањето на исламот како религија.

Денес околу 1,6 милијарда муслимани во светот сметаат дека Алах е единствениот Бог, а Мухамед единствениот пророк. Но, додека сунитите се директно се потпираат на учењата на Пророкот и го сметаат Куранот за божјо дело, а имамот за пастор кого го именуваат други луѓе, шиитите го сметаат имамот, наследник на Мухамед по крв, за верски водач кој го претставува Алах на земјата, поради што шиитското свештенство има цврста структура. Од овие сфаќања произлезе и организацијата на државата и на верата: кај сунитите верската и политичката власт може да биде олицетворена во еден човек, додека, пак, шиитите застапуваат јасна разделеност. Така, на пример, во мнозински сунитскиот Мароко кралот е предводник на верниците, додека во шиитски Иран верските водачи - ајатоласите се независни од извршната власт. Поради тоа, сунитите ги обвинуваат шиитите за ерес, додека, пак, шиитите сметаат дека сунитските учења довеле до појавата на екстремистички секти, какви што се вахабистите и салафистите. Судирот меѓу овие два доминантни правци во исламот се одигрува низ целиот

[106] Sabine Hartert-Mojdehi - Mehmed Smajić, *Vjekovno rivalstvo između sunita i šiita*, 27.08.2012, http://www.dw.com/bs/vjekovno-rivalstvo-izme%C4%91u-sunita-i-%C5%A1iita/a-16194522

муслимански свет, а на Блискиот Исток, центарот на исламот, мешањето на религијата со политиката создаде речиси непремостлив јаз меѓу шиитскиот Иран, од една, и другите сунитски држави, предводени од Саудиска Арабија, од друга страна. Јазот е толку голем што една од најновите анкети покажа дека дури 40 насто од сунитите сметаат оти шиитите не се воопшто вистински муслимани. И затоа, денешните политички конфликти во исламскиот свет се главно од верска природа и делумно ги покажуваат традиционално верските судири меѓу шиитите и сунитите. Примери за тоа има многу, било да станува збор за граѓанската војна во Сирија и во Ирак или за повеќегодишниот, за среќа, само вербален политичко - религиски судир меѓу Саудиска Арабија и Иран.

Токму овој сунитско - шиитски меѓумуслимански конфликт, најизразен преку ривалството и борбата за превласт меѓу сунитска Саудиска Арабија и шиитски Иран, несомнено е еден од најважните, ако не и најважниот фактор кој влијае врз единството и дејствувањето, па дури и врз самиот опстанок, на Организацијата за исламска соработка како панисламска асоцијација.

## 2. Шеријатот и Организацијата за исламска соработка

Шеријатот (арапски: شريعة) како исламски поим, покрај поимот џихад, несомнено предизвикува најмногу предрасуди и стравови кај немуслиманите. Речиси постојано под овој поим на Запад се подразбираат само строги казни пропишани со исламското кривично право, при што тој се поистоветува со смртната казна, каменувањето, сечењето раце или камшикувањето, непочитувањето на жените, односно генерално со кршењето на човековите права и недостатокот на слобода во муслиманскиот свет. Но, поимот „шеријат" не само што погрешно се подразбира на Запад, туку што е уште попарадоскално, многу често погрешно се применува во муслиманскиот свет[107].

[107] Mirza Mešić, *Što je to ŠERIJAT i šerijatsko pravo u islamu?*, Islam iznutra, http://www.islam-iznutra.com/islam-iznutra-o-knjizi-i-autoru/serijat/

Поради тоа, многу современи муслимански мислители тврдат дека идеалот на шеријатот најмногу го изневериле самите муслимани.

Шеријатот за муслиманите е „пат кој води кон Алах", односно пат на оние кои го прифаќаат исламот во намерата да се стекнат со успех на овој и на идниот свет и затоа секој вистински муслиман се труди да остане на тој пат целиот свој живот. Во суштина, шеријатот е свето право на исламот, односно верско право или нормативен аспект на исламот втемелен на двата главни исламски извори - Куранот, односно на божествените откровенија наведени во него, и Суната, односно усно пренесените записи на учењето, делата и зборовите на Пророкот Мухамед и неговите придружници. Шеријатските правила и одредби го покриваат секој аспект на животот. Тие ги опфаќаат: богослужбата (ибадет), моралот, образованието, политиката, економијата. Со еден збор, сите поединости за тоа како еден муслиман треба да се однесува во секојдневниот живот, односно како да јаде, како да ја одржува хигиената на телото и домот, како да работи, како да се однесува кон соседот, како да создаде брачна заедница, како да управува со заедницата и, општо, како својот живот да го усогласи со Божјата волја[108] . Според класичните дела кои ги обработуваат самиот поим и содржината на шеријатот, неговата главна цел е постигнување на благосостојба и спречување на неред и несигурност во општеството.

Како таков тој означува севкупност на правила, одредби, учења и вредности кои се должни да ги следат и да ги применуваат сите муслимани. Според исламската перспектива, Бог на човекот му објавил закон со негова помош да се преобразува себеси и општеството. На човекот, а не на религијата што Бог ја објавил му е потребна преродба и постојан напредок. Затоа шеријатот не може да се споредува со правото во современа смисла на зборот. Единствен законодавец е Алах и единствено неговите закони се задолжителни и трајни во човековиот живот.

Меѓутоа, и покрај тоа што шеријатот како свето исламско право, односно Божји закон, ги покрива сите аспекти од животот на муслиманите и пропишува правила на однесување во сите сфери на човековото

[108] Mirza Mešić, *Što je to ŠERIJAT i šerijatsko pravo u islamu?*, Islam iznutra, http://www.islam-iznutra.com/islam-iznutra-o-knjizi-i-autoru/serijat/

суштествување, овој поим многу често се сфаќа погрешно и неговото значење се ограничува само на казненото право, кое е само еден негов сегмент. Ваквото сфаќање на шеријатот особено е преовладувачко во западните земји, од каде што и доаѓаат најжестоките критики токму поради суровите казни ги пропишува тој. Всушност, шеријатското право пропишува три категории на кривични дела: кисас (qisus), худуд (hadud) и тазир (tazir). Кисасот, кој се однесува на личните повреди има неколку категории како што се: намерно убиство (прв степен), квазинамерно убиство (втор степен), ненамерно убиство (убиство од невнимание) и често се третира како граѓански случај наместо како вистински криминален случај. Всушност, кисасот значи „одмазда во натура" или одмазда според принципот „око за око", односно казната е еднаква на злосторството [109]. Худудот или хад се однесува на злосторствата чии казни се утврдени во Куранот и се сметаат како „побарување кон Бога" [110]. Во оваа категорија спаѓаат: неверство, пиење алкохол, кражба, грабеж, незаконски сексуален однос, лажно обвинение за незаконски сексуален однос, вооружен грабеж, тероризам, отпадништво кое вклучува богохулење и клевета. Казните за овие кривични дела се: обезглавување, ампутација, камшикување, распнување и каменување. Во третата категорија, односно тазирот, спаѓаат сите дела кои не се споменати во Куранот и во Хадисот. Тој се смета како побарување на државата, односно казнување спроведено по налог на судијата или владетелот на државата [111].

Сите шеријатски прописи можат да се сумираат во две големи групи [112]. Првата се однесува на одредбите за богослужење и обредни обврски кои ги дефинираат односите меѓу поединецот, односно заедницата, и Бог и се нарекуваат ибадед (молитва, пост, зекат и хаџ), а втората ги третира прописите од правна и политичка природа, односно вкупните меѓучовечки односи и се нарекува муамелат (брачно, наследно, кривично, граѓанско, јавно и меѓународно право). Сите прописи имаат лично и јавно ниво, односно верско и световно, при што сите муслимани се согласуваат дека првата група

[109] *Qisas*, Encyclopedia Britannica (2012)
[110] *Hadd*, Oxford Dictionary of Islam, Oxford University Press (2012)
[111] *Tazir*, Oxford Dictionary of Islam, Oxford University Press (2012)
[112] Mirza Mešić, *Što je to ŠERIJAT i šerijatsko pravo u islamu?*, Islam iznutra, http://www.islam-iznutra.com/islam-iznutra-o-knjizi-i-autoru/serijat/

прописи е трајно непроменлива. Но, се разликуваат кога се во прашање вкупните меѓучовечки односи.

Со разработката, класификацијата и дефинирањето на шеријатските норми се занимава исламската правна наука која се нарекува фикх (арап: فقه), што во буквален превод значи „разбирање на верата" [113]. Фикхот, всушност, претставува теорија и филозофија на исламскиот закон врз основа на учењето на Куранот и Суната и ја толкува и проширува примената на шеријатот на прашања кои не се директно опфатени во основните извори.

Сите муслимани веруваат дека шеријатот е Божји закон, но тие се разликуваат по тоа што подразбираат под него. Така, модернистите, традиционалистите и фундаменталистите имаат различни погледи кон шеријатот, како приврзаници на различни школи на исламската мисла. Традиционалните сунитски верско - правни школи, особено Ханафиската, Шафиската, Маликиската и Ханбалиската, покрај Куранот и Суната, во толкувањето и практикувањето на шеријатот ги користат и иџмата, односно консензусот на придружниците на Мухамед и на исламските правници, и кијасот, односно аналогијата за да се добие закон базиран врз божествените принципи и претходните пресуди. За разлика од нив, салафистите, освен Куранот и Суната, во сфаќањето и примената на шеријатот се базираат и врз изреките и дејствата на првите три генерации муслимани. Притоа, посебно се издвојува исламскиот научник Мухамед ибн Абдулвахаб, идејниот творец на вахабистичкото движење.

Од друга страна, пак, шиитските муслимани своето сфаќање за шеријатот го базираат врз Куранот и Суната, стрикно отфрлајќи ги кијасот и иџмата. За шиитските имами извори на шеријатското право се Куранот, изреките и практиката на Мухамед и на дванаесеттемина имами.

Во муслиманскиот свет, како последица на неговата борба против колонијалното ропство, во XIX и, особено, во втората половина на XX век, паралелно со национално - ослободителните движења, сé поприсутна стана тенденцијата за изградба на исламско општество базирано врз принципите на шеријатот. Тоа доведе до појавата на исламизмот како своевидна политичка идеологија, базирана на мешањето на религијата и политиката, според која

[113] *Fiqh*, Encyclopedia Britannica.

исламот не е само религија, туку и политички систем, односно дека верската и световната власт се една и единствена целина. Според оваа идеологија, во која муслиманите треба трајно и активно да работат врз создавањето општество целосно базирано врз исламските закони и практики, но без примена на насилни методи и средства. Неговите следбеници се залагаат за изградба или, како што истакнуваат, за „враќање" на општеството од времето на Пророкот Мухамед, изградено врз принципите на шеријатското право. Според нив, токму таквото општество, кое се базира врз исламските принципи и закони, ќе ги реши проблемите што ги создава современиот начин на живот, вклучувајќи ги и општественото и културното отуѓување, односно политичката и економската експлоатација.

Исламизмот кој, според голем број теоретичари настанал како одговор на западните модерни идеологии, како што се капитализмот и комунизмот, не е единствена идеологија, туку се манифестира низ широк дијапазон на активности на различни движења и партии, кои се движат од умерени и демократски, па до радикални и екстремистички кај кои прераснува во исламски фундаментализам. Оттука, и нивните цели и средства нивно остварување дијаметрално се спротивни. Така, најмасовното движење за враќање кон традиционалните сфаќања на шеријатот, се залага подобро разбирање и практикување на исламот као религија и за промоција на универзално прифатените ставови на исламот.

Исламистичкото движење, кои во седумдесеттите години на минатиот век стана значаен религиозно - политички фактор во муслиманскиот свет, пак, се залага за воспоставување на шеријатот во рамките на сопствените исламски држави со политички средства, а како негов најзначаен претставник се смета „Муслиманското братство" во Египет. Исламистичкото движење во последната деценија е сé посилно и во секуларна Турција, особено по доаѓањето на власт на претседателот Реџеп Таип Ердоган.

За разлика од нив, фундаменталистичките движења, пред сé, салафистите се залагаат за враќање на традицијата на „побожните претци", односно за буквално имитирање на Пророкот Мухамед и на неговите најрани следбеници во однесувањето и во начинот на живот. Тие отфрлаат секаква религиска иновација и поддржуваат стриктна, буквална и пуританска

инплементација на шеријатскиот закон. Најекстремните од нив, како што се Ал Каеда, Талибанското движење и Исламската држава, за кои сѐ повеќе се користи терминот џихадисти, пак, залагајќи се за повторно воспоствување на рано исламскиот калифат и за строга примена на шеријатот, ја следат екстремистичката интерпретација на исламот, промовирајќи верско и меѓумуслиманско насилство.

Шеријатот различно се сфаќа и има различен статус и во исламските земји. Во првата група спаѓаат секуларните муслимански држави, како што се: Мали, Казахстан и Турција, во кои забрането е мешањето на религијата во државните работи, правото и во политиката, така што неговото влијание и практикување е ограничено само на личните и семејните прашања. Втората група ја сочинуваат државите кои имаат мешани извори на правото, како што се: Пакистан, Индонезија, Авганистан, Египет, Нигерија, Судан, Мароко и Малезија, во кои шеријатот има ограничена улога и примена. Во третата група, пак, спаѓаат земјите чии правни, па дури и политички системи, се базираат исклучиво врз класичниот шеријат, како што се: Саудиска Арабија и некои земји од Заливот, кои немаат ни устави, ниту, пак, законодавни тела, бидејќи законите произлегуваат од шеријатот на начин на кој го толкуваат верските лидери. Токму Саудиска Арабија е типичен пример на буквално спроведување на шеријатот и тоа најмногу се огледа во казненото право. Како теократска земја нејзиниот целокупен правосуден систем е заснован врз религиозниот фундаментализам. Во оваа земја граѓаните можат поради многубројни престапи, како што се: атеизмот, преминувањето во друга религија, хомосексуалноста, коцкањето и гатањето да бидат камшикувани и да добијат десетгодишна затворска казна, а во одделни случаи дури и да останат без глава.

Применувајќи го буквално шеријатот, судиите во Саудиска Арабија како најчеста казна за престапите предвидени со худудот, во кои спаѓа нарушувањето на јавниот ред, одредува камшикување. Кисасот, односно убиствата и нанесувањето на тешки телесни повреди, најчесто се отплатува, додека, пак, тазирот, кој се однесува на престапите како што се прељубата, хомосексуалноста, крадењето и непотчинувањето на властите, може да подразбира дидактичка беседа, од една, и отсекување глава, од друга страна. Отсекувањето глава вообичено се врши пред голем број луѓе, а по

казнувањето телото се распнува за да служи како пример. Во оваа земја само во 2015 година без извршени 158 егзекуции со обезглавување, што е своевиден рекорд во последните дваесетина години [114], а во почетокот на 2016 година само во еден ден беа погубени 47 лица обвинети за наводен тероризам, меѓу кои и авторитетниот шиитски шеик и верски лидер Нимр Бакер ал - Нимр [115]. Меѓу престапите за кои најчесто казната е обезглавување се и хомосексуалноста и гатањето. Како многу тешко злосторство се сметаат и атезимот и преминувањето во друга религија, а кога станува збор за неверството, престапниците главно добиваат повеќегодишни затворски казни.

Западните медиуми, сепак, најголемо внимание му посветуваат на камшикувањето. Иако овој вид на казнување често се применува во сите исламски земји, сепак, Саудиска Арабија предводи по бројот на казнување со оваа метода. Најчесто злосторство во Саудиска Арабија поради која и многумина странци се казнувани е конзумирањето алкохол.

Буквалното практикување на шеријатот во Саудиска Арабија ги нарушува основните права на жените, кои се во подредена положба во однос на мажите. Саудиските жени мора да имаат машки старател, татко или сопруг, кој е задолжен за донесување одлуки во нивно име. Така, тие на пример, мора да добијат дозвола од старателот за работа, патување, студирање или за свршувачка. Сведочењето на една жена вреди половина од сведочењето на еден маж [116]. Саудијците имаат еден од најстрогите закони дури и по прашањето на облекувањето на жените кои на улица можат да излезат единствено доколку им е покриено целото тело, освен очите и дланките. Контролата ја спроведува религиската полиција „Mutaween" која ги претепува оние жените што не ги почитуваат строгите правила. На жените, исто така, не им дозволено да се состануваат со мажи надвор од затворен

---

[114] Samuel Osborne, *Saudi Arabia ends 2015 with one final execution*, Independent, Friday 1 January 2016, http://www.independent.co.uk/news/world/middle-east/saudi-arabia-ends-2015-with-one-final-execution a6793506.html

[115] *Sheikh Nimr al-Nimr: Saudi Arabia executes top Shia cleric*, BBC News, 2 January 2016, http://www.bbc.com/news/world-middle-east-35213244

[116] Elliot Friedland, *Women's Rights Under Sharia*, The clarion project, February 19, 2014, http://www.clarionproject.org/understanding-islamism/womens-rights-under-sharia#

простор, освен доколку во прашање не се блиски роднини. Покрај тоа, тие не смеат да излезат на улица сами, туку секогаш во придружба на главата на семејството, таткото или сопругот. Саудиските куќи дури имаат и посебни влезови за мажите и жените, а истата практика е воведена во училиштата, универзитетите и канцелариите [117].

Саудиска Арабија, исто така, е единствена земја во светот која забранува на жените да управуваат автомобили. Вахабистите тоа го сметаат за „харам", односно за строго забрането за жените, а оние жени кои тоа не го почитуваат обично завршуваат во затвор. Исто така, им е забрането да отворат сопствени сметки во банка, да патуваат и да вршат јавни работи.

Во четвртата група спаѓа и Иран, единствената официјална шиитска држава во светот, но со таа разлика што, сепак, има законодавен дом - меџлис, кој има ограничени надлежности. И во оваа земја се практикува шеријатското право, но во нешто поблага форма од онаа во Саудиска Арабија[118].

Разликите во сфаќањето и во практикувањето, како и самото место на шеријатот во исламските земји имаат големо влијание врз нивните меѓусебни односи, кои силно се одразуваат и врз единството и дејствувањето на Организацијата за исламска соработка, во која доминантно е влијанието на Саудиска Арабија. Како земја чиј правен и политички систем е заснован исклучиво врз шеријатот, користејќи ја својата привилегирана позиција, таа се труди со сите сили да ги инкорпорира шеријатските начела и во самата Организација. Но, кај голем број земји - членки, посебно оние кои се секуларни, но и оние кои се декларираат како шиитски, како што е Иран, ваквите нејзини напори наидуваат на отворен отпор и отфрлање.

Меѓутоа, и покрај тоа Организацијата за исламска соработка успеа во своето досегашно работење да вметне многу елементи од шеријатското право. Најкарактеристичен пример за тоа е Декларацијата од Каиро за

[117] *Perpetual Minors Human Rights Abuses Stemming from Male Guardianship and Sex Segregation in Saudi Arabia*, Human rights watch, 2008, https://www.hrw.org/sites/default/files/reports/saudiarabia0408_1.pdf
[118] Elliot Friedland, *Fact sheet human rights in Iran*, The Clarion Project, https://www.clarionproject.org/sites/default/files/Human%20Rights%20in%20Iran%20-%20Factsheet.pdf

човековите права во исламот, за која веќе рековме дека претставува важен обид за кодификација на шеријатските начела во областа на човековите права.

*

* *

Од оваа глава можеме да ги извлечеме следниве поенти:

*-Потпирањето врз исламот како религија врз Организацијата за исламска соработка, и покрај тоа што ѝ дава својство на силен мобилизирачки и обединувачки фактор на исламскиот свет, сé повеќе се покажува и како нејзин главен ограничувачки фактор.*

*- Острата поделеност на исламот на сунити и шиити, која трае речиси уште од неговото формирање како религија, несомнено е главната причина за големите разлики, па дури и за отворено непријателство меѓу нејзините земји - членки и е една од главните причини за конфликти, што сериозно се одразува врз единството и дејствувањето на Организацијата за исламска соработка.*

*- И меѓу самите сунити, како и меѓу шиитите, постои голема поделеност, која е латентен извор на меѓумуслимански конфликти.*

*- И покрај тоа што за сите муслимани шеријатот е Божји закон, големите разлики во неговото сфаќање и применување кај сунитите и шиитите, исто така, е извор на конфликтни ситуации меѓу нив.*

*- Шеријатското право и неговата примена е уште еден извор на поделби меѓу земјите - членки на Организацијата за исламска соработка, бидејќи во некои земји тоа е кренато на ниво на највисок правен акт според кој е уредено целото, во некои има ограничена примена, а во секуларните исламски држави е сведен на ниво на лични и семејни прашања.*

# ГЛАВА IV

# ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ИСЛАМСКА СОРАБОТКА КАКО ГЛОБАЛЕН И РЕГИОНАЛЕН ФАКТОР

Барањата за исламизација на политиката, кои се појавија во муслиманскиот свет во шеесеттите години и кои почнаа особено да јакнат кон крајот на седумдесеттите години на минатиот век, се однесуваа и на исламизацијата на надворешната политика и на правото кои ги регулира надворешно - политичките односи меѓу државите, а токму формирањето и развојот на Организацијата за исламска соработка несомнено одигра клучна улога во јакнењето на глобалната улога на исламскиот фактор во светот. Тоа доведе веќе кон крајот на осумдесеттите години на минатиот век Организацијата за исламска соработка, покрај прашањата кои во основа имаат политички карактер, да почне сé повеќе да се занимава и со прашањата кои се однесуваат на положбата на исламот во светот, како што се прашањата на муслиманските малцинства во исламските земји и прашањата на човековите права во исламските и неисламските земји [119]. Муслиманските земји меѓу првите го сфатија значењето на концептот на човековите права во изградбата на „новиот светски поредок", што доведе до тоа Организацијата за исламска соработка на министерската конференција во Каиро во 1990 година да ја усвои Декларацијата од Каиро за човековите права во исламот, со што стана една од ретките меѓународни организации кои им посветуваат внимание на човековите права.

[119] Според белградскиот универзитетски професор и еден од творците на политикологијата на религијата како наставно - научна дисциплина Мирољуб Јевтиќ, токму преку овие прашања се гледа како исламско - фундаменталистичките принципи се вградени во меѓународно - правниот поредок на Организацијата за исламска соработка (Организацијата на исламската конференција). Во прилог на своето тврдење тој го потенцира фактот дека исламското право е персонално, а не територијално, што значи дека тоа мора да се применува на сите муслимани, без оглед каде живеат. (Види: Miroljub Jevtić, *Religija i politika*, Institut za političke studije, Beograd, 2002).

Верската основа на надворешно - политичката соработка на исламските земји јасно е истакната во преамбулата на Повелбата на Организацијата на исламската конференција. Во неа посебно е нагласено дека земјите - членки се уверени оти „нивната заедничка вера е силна основа за зближување и солидарност на исламските народи", како и дека се решени да ги „зачуваат духовните, етичките, социјалните и економските вредности на исламот, кој ќе остане еден од најважните фактори на прогресот на целото човештво". Истакната е и нивната решеност да ги „зацврстат постојните врски на братско и духовно пријателство меѓу нивните народи и да ја заштитат нивната слобода, како и заедничкото наследство на нивната (исламска) цивилизација втемелена првенствено на принципите на правда, толеранција и недискриминација" [120].

Организацијата за исламска соработка, и покрај сите тешкотии и предизвици пред кои беше исправена во своето речиси петдецениско постоење и дејствување на меѓународната сцена, успеа да израсне во модерна меѓународна организација со дефинирано место и субјективитет во меѓународните односи која, како и другите меѓународни организации, поседува развиена и стабилна институционална структура и сопствен правен и административен систем и може да се пофали со дефинирани политички цели и со планирани и координирани активности. Сето тоа ѝ овозможи да има свое влијание врз меѓународните односи како на глобално ниво, така и во контекст на развојот на ситуацијата во одделни региони, давајќи ѝ карактеристика не само на глобален меѓународен, туку и на значаен регионален фактор.

## 4.1. Организацијата за исламска соработка како глобален фактор

Првите чекори на Организацијата за исламска соработка на меѓународен план, како и кај сите други меѓународни организации, беа повеќе од скромни, иако уште, условно кажано, на основачкиот самит во 1969 година ги искажа своите амбиции да биде дел од меѓународната политичка сцена,

---

[120] *Organisation of Islamic Cooperation, Charter,* http://www.oic-oci.org/ oicv2/page/?p_id=53&p_ref=27&lan=en

барем што се однесува на палестинското прашање и односот на муслиманските земји кон Израел како главен непријател на исламскиот свет што подоцна резултираше со нејзината антиизраелска фиксација која стана еден од нејзините главни белези. Неполна година подоцна, иако сé уште во процес на формирање, таа го имаше своето „огнено кршевање" на посредник во решавањето на внатрешни конфликти во муслиманските земји. Станува збор за вооружениот судир меѓу Палестинската ослободителна организација и Јордан во 1970 година околу тоа треба да биде легитимен претставник на палестинскиот народ во конфликтот со Израел. Судирот беше надминат со посредништво на Саудиска Арабија и Египет, како највлијателни земји во исламскиот свет и на Организацијата за исламска конференција, која ги проодуваше своите први чекори. Таа се покажа како успешен медијатор и во граѓанската војна меѓу тогашните Западен и Источен Пакистан во 1971 година, која заврши со независност на Источен Пакистан и со прогласување на Банладеш како независна држава, која во 1974 година стана полноправна членка на Организацијата.

Но, по овие први успешни чекори во решавањето на конфликти уследи период во кој таа покажа целосна неефикасност, па дури ни желба да интервенира во решавањето на конфликтите меѓу нејзините членки. Така, таа воопшто не реагираше во споровите меѓу Египет и Либија и меѓу Либија и Судан во седумдесеттите години на минатиот век, како и во вооружениот конфликт во 1976 година меѓу Западносахарското ослободително движење ПОЛИСАРИО и Мароко, кој и ден - денес под окупација ја држи Западна Сахара. Исто така, Организацијата за исламска соработка беше нем набљудувач и на инвазијата на поранешниот Советски Сојуз врз Авганистан во 1979 година, освен што го суспендира Авганистан од своето членство. Но, најголемиот нејзин неуспех е осумгодишната ирачко - иранска војна во осумдесеттите години на минатиот век. И покрај многуте мисии на добра волја и апелите за запирање на воените дејства и решавање на спорот со преговори, таа решавањето на конфликтот му го препушти на Советот за безбедност на Обединетите нации, признавајќи ја со тоа својата немоќ да се справи со ваков голем конфликт во исламскиот свет. Подобро не помина ни во Заливската војна во 1990 година, односно воениот конфликт меѓу Ирак и

коалициските сили на 34 држави под мандат на Обединетите нации и под водство на Соединетите Американски Држави со цел да бидат протерани ирачките окупациски сили од Кувајт, во кој сепак на страната на сојузничките сили учествуваа голем број муслимански земји.

Но, и покрај неуспесите во решавањето на недоразбирањата и конфликтите меѓу нејзините членки и без оглед на сите објективни тешкотии и пречки со кои се соочуваше, таа постепено го градеше и го зацврстуваше своето место во „светот на меѓународните организации", станувајќи институционално и организациски многу поразвиена од повеќето други меѓудржавни организации. Тоа придонесе и постојано да се зголемува нејзиното членство кое денес е речиси за два пати поголемо во однос на бројот на земјите - основачки. Притоа, треба да се има предвид фактот дека зголемувањето на бројот на земјите - членки се случи токму во периодот на исчезнувањето на биполарниот свет, кое беше резултат на падот на комунизмот и распадот на поранешниот Советски Сојуз, и на создавањето на тнр. униполарен свет во бурните деведесетти години на минатиот век, што самото по себе говори дека Организацијата за исламска соработка, за разлика од другите меѓународни организации, успеа да ги преживее овие тектонски геополитички промени и, не само да остане витален меѓународен субјект, туку и да израсне во втора меѓународна организација по Обединетите нации. Зашто, за разлика од другите меѓународни организации чие политичко значење и влијание почна да опаѓа со засилувањето на процесот на глобализација, таа токму во „периодот на криза и дезориентираност", од 1990 година до денес, стана признат глобален меѓународен фактор, а за муслиманските земји сé почесто почна да се говори дека го сочинуваат тнр. „четврт свет", што е директна алузија на поимот „трет свет", кој се користи за земјите во развој и за неразвиените земји [121].

Нејзиното прво појавување како глобален меѓународен фактор на светската политичка сцена се случи во периодот на крвавите судири на територијата на поранешна Југославија во почетокот на деведесеттите

---

[121] Oliver Potežica, *Organizacija islamske konferencije OIK*, http://www.islambosna.ba /forum/politika-i-aktuelnosti/oliver-potezica-organizacija-islamske-konferencije - oik/ ? wap2

години на минатиот век, особено во војната во Босна и Херцеговина, кога за првпат во својата историја се здоби со правото да расправа за едно од најзначајните светски прашања. Таа како меѓународен фактор беше „изедначена со другите светски сили на Лондонската конференција за Југославија“ на која, за жал, застапуваше најрадикални, наједнострани и најектремни ставови што место да водат кон политичко решение, придонесоа за натамошна ескалација на војната во Босна и Херцеговина.

Нејзиниот глас уште погласно се слушна за време на воената интервенција на НАТО против некогашна Сојузна Република Југославија во 1999 година поради ситуацијата на Косово, како и за време на воената интервенција на НАТО во Авганистан во 2001 година и американско - британската инвазија врз Ирак и соборувањето на режимот на Садам Хусеин во 2003 година, како и кога станувасе збор за прашања кои ги тангираа муслиманските земји и народи, односно во кои исламскиот фактор играше значајна улога.

Посебно место во нејзината надворешно - политичка активност уште од самото нејзино формирање имаа и сѐ уште имаат случувањата на Блискиот Исток, односно на израелско - палестинскиот конфликт и односите на Израел со неговите арапски соседи, но и членки на Организацијата за исламска соработка. Во јануари 2004 година Меѓународниот суд на правдата за првпат ѝ дозволи Организацијата за исламска соработка активно да учествува во случајот „Правните консеквенци на изградбата ѕидот на окупираните палестински територии“, а нејзиниот тогашен генерален секретар Екмеледин Ихсаноглу учествуваше на Конференцијата за мировниот процес на Блискиот Исток што беше одржана кон крајот на ноември 2007 година во американскиот град Анаполис. Тоа беше прво учество на претставник на Организацијата за исламска соработка на конференција за мировниот процес на Блискиот Исток.

Во последниве неполни десетина години, пак, во фокусот на нејзиното интересирање беа случувањата во арапскиот свет и промените што ги донесе тнр. „Арапска пролет” во Тунис, Либија и Египет. Но, сепак, најголемото внимание ѝ беше и сѐ уште ѝ е насочено кон граѓанската војна во Сирија. Застанувајќи отворено на страната на противниците на режимот на

претседателот Башар ал Асад, лидерите на земјите - членки на самитот во Мека во август 2012 година донесоа одлука за суспендирање на Сирија од членството во Организацијата за исламска соработка со што „му беше упатена јасна порака на муслиманскиот свет на режимот во Дамаск" дека „светот повеќе не може да го прифати режимот кој врши масакр над својот народ, користејќи авиони, тенкови и тешка артилерија" [122]. Токму фаќањето страна во сириската граѓанска војна, како и во онаа во Ирак, на површина го исфрли главниот проблем со кој се соочува оваа навидум монолитна асоцијација, која за себеси тврди дека е „колективен глас на исламскиот свет" на светската политичка сцена, а тоа е повеќе од 1300-годишната нетрпеливост меѓу шиитите и сунитите, чии појавни облици денес се манифестираат преку верско - политичкиот судир на двете најмоќни и највлијателни муслимански држави, сунитска Саудиска Арабија и шиитски Иран. Користејќи го своето огромно влијание врз доминантно сунитските држави, Саудиска Арабија издејствува Организацијата да застане на страната на сириската опозиција и на доминантното сунитско население наспроти Алавитите, шиитска подгрупа, чиј припадник е и самиот сириски претседател Башар ал Асад кој, пак, ужива отворена поддршка на шиитски Иран. Со ваквата позиција Организацијата уште на самиот почеток се доведе во ситуација да биде исклучена од какви било чекори за запирање на страдањата на сирискиот народ. Затоа, пак, Саудиска Арабија и Иран, отворено застанувајќи на спротивните страни, нивниот верско - политички конфликт и борбата за лидерство врз исламскиот свет ги пресели на сириската почва, исто како што и двете светски суперсили, Соединетите Американски Држави и Руската Федерација, под изговор дека водат војна против глобалниот тероризам олицетворен во тнр. Исламска држава, сириската граѓанска војна ја користат за остварување на своите геостратегиски и геополитички интереси во тој дел на светот. А, граѓанската војна во Сирија веќе влегува во шестата година и станува сѐ побрутална и покрвава, однесувајќи досега околу половина милион човечки животи и предизвикувајќи егзодус на околу седум милиони Сирийци од нивните домови, од кои околу пет милиони спас побараа во соседните земји: Турција,

[122] *Sirija suspendovana iz Organizacije za islamsku saradnju*, Politika on line, 17.08.2012, http://www.politika.rs/rubrike/Svet/Sirija-suspendovana-iz-Organizacije-za islamsku -saradnju.lt.html

Либан, Јордан, Египет, Кувајт и Ирак, а стотици илјади се упатија кон Европа, предизвикувајќи ја најголемата бегалска криза по Втората светска војна на стариот континент.

Но, и покрај ваквите оскудни резултати во нејзиното дејствување како фактор за превенција и разрешување на конфликти во исламскиот свет и меѓу нејзините членки, Организацијата за исламска соработка сепак успеа во изминатиот период да се здобие со „дефинирано“ место во современата меѓународна заедница, воспоставувајќи и одржувајќи постојани и регулирани односи со другите меѓународни субјекти, без оглед на тоа дали станува збор за меѓународни организации, како што се Организацијата на Обединетите нации, или значајни држави какви што се: Руската Федерација, Кина, Соединетите Американски Држави и други земји. За тоа колкаво е нејзиното значење на Организацијата за исламска соработка во современите меѓународни односи можеби најдобро говори одлуката на поранешниот американски претседател Џорџ Буш да го наименува Саду Кумбер за свој специјален амбасадор за односи со Организацијата за исламска соработка во Џеда. Овој дипломатски потег на водечката сила во современиот свет несомнено претставува политичко и меѓународноправно признание на значењето кое оваа организација го има во меѓународните односи. Слично признание искажа и рускиот претседател Владимир Путин во својот историски настап на X Исламски самит што беше одржан во малезискиот град Путраџаја во 2003 година, по кој Руската Федерација се здоби со статус на постојан посматрач во Организацијата за исламска соработка, а во последните години и Кина воспостави одредени дипломатски контакти со оваа панисламска организација.

За значењето и за влијанието што го има оваа панисламска организација во современите меѓународни односи говори фактот што членки на многу регионални организации во Азија и во Африка речиси исклучиво се нејзините земји - членки, а исламските земји се бројни и во некои други регионални организации, дури и во Европа. Од друга страна, на секој собир на политичките органи на Организацијата им се посветува големо внимание на усогласувањето на ставовите и на настапот исламските земји, а посебно на директната поддршка на земјите - членки при различни избори на функции во

сите други меѓународни организации, како што е, на пример, изборот за непостојани членки на Советот за безбедност на Светската организација и сл. Сево ова доволно потврдува дека денес повеќе никој не може ни теориски, ни практично, да го доведува во прашање значењето на оваа организација на меѓународен план, без оглед на тоа кои се вистинските причини за зголемувањето на тоа значење [123].

## 4. 2. Организацијата за исламска соработка како регионален фактор

### 4.2.1. Саудиско - иранскиот конфликт како предизвик за Организацијата за исламска соработка

Во последниве две години, покрај граѓанските војни во Сирија и Јемен, судирите во Ирак, ситуацијата во Сомалија, борбата против тнр. Исламска држава и исламистичкиот тероризам и традиционалото палестинско прашање, светската јавност и, особено, онаа во исламскиот свет е преокупирана со најновиот саудиско - ирански конфликт кој, за среќа, барем засега е само жестока „војна на зборови" во која и двете страни не бираат зборови во меѓусебните обвинувања, навреди и омаловажувања. Најновата вербална војна меѓу овие две изразито теократски земји и предводници на двете доминантни фракции во исламската религија, сунитизмот и шиитизмот, и несомнено највлијателни држави во исламскиот свет, а со тоа и во Организацијата за исламска соработка, започна во почетокот на 2016 година, поточно на 2 јануари, кога саудиските власти извршија масовно погубување на 47 лица, обвинети за наводен тероризам, повеќето за напади кои ѝ се припишуваат на екстремистичката сунитска мрежа Ал Каеда. Меѓу погубените беше и авторитетниот шиитски шеик и верски лидер Нимр Бакер ал - Нимр, најголем критичар на сунитската династија Ал Сауд и клучна фигура на опозициското движење во 2011 година во времето на најголемиот подем на тнр. Арапска пролет на истокот на земјата каде што живее

---

[123] Oliver Potežica, *Organizacija islamske konferencije OIK*, http://www.islambosna.ba /forum/politika-i-aktuelnosti/oliver-potezica-organizacija-islamske-konferencije - oik/ ? wap2

најголемата шиитска заедница во изразито мнозинската сунитска Саудиска Арабија, која подолго време ги обвинува саудиските власти за дискриминација. Погубувањето на Нимр, кој беше осуден на смрт во 2014 година поради наводен тероризам, бунт, непослушност кон владетелот и носење оружје, предизвика остри реакции на официјален Техеран и серија масовни антисаудиски протести во Иран, како и во Ирак, Либан, Бахреин, Пакистан и во индиски Кашмир. Во Иран тие се претворија во демолирање и опожарување саудиската амбасада во Техеран и на конзулатот во Мешхед, што резултираше со жестоки меѓусебни обвинувања кои прераснаа во жестока вербална војна, протерување на дипломатите на двете земји и целосен прекин на дипломатските односи [124]. Во мнозински шиитскиот Ирак, пак, илјадници приврзаници на шиитскиот поглавар Моктад Садр протестираа во Багдад, барајќи владата да ги прекине односите со Саудиска Арабија, а беа нападнати и две сунитски џамии при што загина едно лице и беше убиен еден муезин.

„Војната на зборови" посебно се разгоре пред и за време на аџилакот во почетокот на септември и отиде дури до таму што на дневен ред дојде и прашањето кој треба да ги управува најголемите муслимански светилишта во Мека и Медина. Иранскиот врховен верски водач ајатолахот Али Хамнеи, обвинувајќи ги саудиските власти дека се виновни за загинувањето на 2.426 луѓе, меѓу кои повеќе од 400 Иранци, во стампедото на верниците во Мека на 24 септември 2015 година и дека „аџилакот го претвориле во туристичко патување", го повика муслиманскиот свет сериозно да размисли за управувањето со светите исламски места. Иранскиот претседател Хасан Рохани, пак, упатувајќи апел муслиманите да го „казнат" саудиското кралство, ги обвини саудиските власти дека за време на аџилакот се однесувале како „посматрачи од страна, а не како спасувачи" [125]. На сето тоа големиот муфтија на Саудиска Арабија Абдулазиз ел Шеик одговори дека Иранците (шиитите) се „потомци на следбениците на Заратустра и дека

[124] Antonija Handabaka, *SAUDIJCI PREKINULI SVE ODNOSE S IRANOM: Smaknuće vjerskog vođe vodi do potpunog kaosa na Bliskom istoku?*, Jutarnji Vijesti, 03.01.2016, http://www.jutarnji.hr/vijesti/svijet/saudijci-prekinuli-sve-odnose-s-iranom-smaknuce-vjerskog-vode-vodi-do-potpunog-kaosa-na-bliskom-istoku/82714/

[125] Biljana Jovićević, *Iran i Saudijska Arabija u 'verbalnom ratu' zbog hadža*, Radio Slobodna Evropa, 08. septembar/rujan, 2016, http://www.slobodnaevropa.org/a/iran-arabija-hadz/27975168.html

поради тоа не се муслимани". Епилог на сето тоа беше одлуката на властите во Техеран да им забранат на иранските аџии да одат на аџилак во Мека, сé додека не им бидат обезбедени мерки за безбедност.

Но, ова не е првпат Саудиска Арабија и Иран да разменуваат остри зборови. Ривалството меѓу овие две земји, кои во шеесеттите и седумдесеттите години на минатиот век беа сојузници и најсилни столбови на американската стратегија за запирање на советското влијание на Блискиот и Средниот Исток, се интензивира по Исламската револуција во Иран во 1979 година со која беше соборен повеќедецениските автократски режим на шахот Мохамед Реза Пахлави и беше формирана првата исламска република во светот. Огромната популарност на Исламската револуција, која беше нарекувана „трета голема револуција во историјата" по Францускатa и Октомвриската револуција [126], и на нејзиниот лидер ајатолахот Хомеини во исламскиот свет, кој повика на „извоз на револуцијата", воопшто не беше примена со симпатии во теократската сунитска Саудиска Арабија, која се сметаше за неприкосновен лидер на исламскиот свет и која, како држава премногу богата со нафта, го ширеше своето салафистичко толкување на сунитскиот ислам кое шиитизмот го смета за еретички. Но, по Исламската револуција Иран ја усвои и почна да ја шири доктрината velāyat-e faqīh, според која конечната световна моќ меѓу шиитите ја има нивниот врховен верски водач и која беше во остра спротивност со дотогаш тивкиот шиитизам кој повикуваше на повлекување од политичкиот живот, или барем од власта, сé до враќањето на дванаесеттиот имам Махди. Тоа доведе до сé поголеми идеолошки разлики и поделби кои уште повеќе ја засилија недовербата меѓу двете земји. Секоја посебно почна себеси да се доживува како политички и духовен лидер на имагинарниот муслимански свет кој, сепак, не постои како монолитна ниту верска ниту, пак, политичка целина.

Таа недоверба меѓу Ријад и Техеран многу бргу прошири и на геополитичкото ривалство кое ги карактеризира нивните односи во последните четири децении. Тоа особено дојде до израз за време на иранско - ирачката војна од 1980 до 1988 година, кога Иран разви нова „стратегија на одбрана" во која беа користени врските со арапските шиитски militanти и

126 *Marvin Zonis quoted in Wright*, Sacred Rage, 1996, p. 61.

политички партии за да се запре новиот (ирачки) непријател. Но, Ријад многу сомнително ја посматраше иранската култивација на шиитските групи, плашејќи се дека тоа би можело да предизвика револуција во земјите - сојузнички на Саудиска Арабија и да го дестабилизира регионот. Тоа доведе до уште поголемо оддалечување меѓу Ријад и Техеран, чија кулминација беше прекинувањето на дипломатските и други односи меѓу двете земји во 1988 година по смртта на еден дипломат во нападот врз саудиската амбасада во Техеран, кој беше реакција на загинувањето на 400 ирански аџии во судирите со саудиската полиција за време на аџилакот.

Односите меѓу двете земји релативно се затоплија по ирачката инвазија врз Кувајт во 1990 година, застанувајќи на страната на противниците на ирачкиот претседател Садам Хусеин, кого и Ријад и Техеран го сметаа за нивен најголем непријател. Но, по соборувањето на режимот на Садам Хусеин во 2003 година дојде до повторно беше нарушување на рамнотежата на моќта, што беше причина за ново заладување на саудиско - иранските односи. Иран ги искористи своите врски со големите шиитски заедници во Ирак да дојдат на власт во Багдад, што повторно предизвика отворен судир меѓу Ријад и Техеран, а речиси истиот образец беше искористен десетина години подоцна во Јемен и во Сирија по тнр. Арапска пролет. Ирачката граѓанска војна во меѓувреме, пак, создаде секташки напнатости и групи како што е Ал Каеда, која следи екстремен облик на салафизам и користи бомбаши - самоубијци против шиитските цивили, што предизвика бран одмазда од страна на проиранските шиитски милиции, кој кај официјален Ријад предизвика уште поголем амонизитет кон Иран.

Но, покрај сите разлики, меѓу Саудиска Арабија и Ирак, сепак, можат да се изведат и некои паралели. И двете земји се под влијание на силното чувство на исламската мисија, која ги охрабрува во нивните амбиции. И двете бргу посегнуваат по насилство, како во странство, така и дома, особено ако се има предвид големиот број погубувања. Сé поголемата меѓународна изолација на Ријад, од една страна, и зголеменото регионално влијание на Техеран, кој создаде силна стратегиска оска со шиитската влада во Ирак и со сирискиот и рускиот претседател Башар ел Асад и Владимир Путин, од друга страна, го зголемија меѓусебното непријателство.

Но, сепак, основната причина зошто токму сега сето ова се случува на релацијата Саудиска Арабија - Иран, според многумина, треба да се бара во внатрешната ситуација во обете земји. Имено, со нападите на другата страна, властите и во Саудиска Арабија и во Иран настојуваат да ги зајакнат своите позиции во сопствените граници. Во Саудиска Арабија се води борба околу престолот и позицијата на кралот Салман бин Абдулазиз не е цврста, а земјата трпи и големи финансиски загуби поради ниските цени на нафтата. Иран, пак, сака да ги блокира сé посилните барања на прозападните струи за реформи по постигнувањето на договорот за неговата нуклеарна програма [127].

Кога на целиот овој религиски раскол во делот на светот во кој религијата го има приматот и се зема многу сериозно, пак, му се додадат геостратегиските и геополитичките интереси на двете земји, меѓу кои најважно е прашањето за контролата над светските текови на нафтата, тогаш е јасно зошто Иран и Саудиска Арабија се едни од најголемите непријатели. Затоа, овој конфликт несомнено е најеклатантен пример на инструментализација на верата, односно на верските и мезхебските (исламските школи на мислење) идентитети кој, на прв поглед е од верска природа, длабоко во себе има политичка заднина. Затоа, најновиот судир меѓу овие две земји не е заснован првенствено на секташките разлики, туку на конкретните интереси на полето на економијата и политиката, кои се протегаат од турските граници до со војна разурнатиот Јемен, од Иран и Централна Азија до Египет. Тој не е, пред сé, плод на верските несогласувања, туку на борбата за политички интереси, а секташтвото е само бензин за да се запали уште поголем оган со цел да се проголта другата страна. И затоа, Саудиска Арабија во спорот со Иран многу често се повикува на концептот за „муслиманскиот умет" како мантра во својата пропаганда во исламскиот свет. Но, очигледно е дека нејзиниот конфликт со Иран е сурова пресметка, а не верски проблем, кој неодамна ги оформи контурите на нејзината надворешна политика.

[127] *NA RUBU EKSPLOZIJE 'Idućih tjedana stvari bi mogle postati gadne*, 04.01.2016, Dnevnik.hr. http://dnevnik.hr/vijesti/svijet/sukob-saudijske-arabije-i-irana-sigurnosna-situacija-na-bliskom-istoku-mogla-bi-eskalirati---421861.html

Најновата саудиско - иранска криза, во чие средиште е сé поголемата подготвеност на Саудиска Арабија да се соочи со Иран и неговите воени сојузници откако кралот Салман бин Абдулазиз ел Сауд ја презеде власта на 23 јануари 2015 година, отвори уште поголем простор за дополнителна ескалација на многу воени полиња на Блискиот Исток на кои двете земји поддржуваат спротивни страни. Кралот Салман бин Абдулазиз ел Сауд, како што тврдат дипломатите, заедно со својот син, заменикот престолонаследник Мохамед бин Салман, реши да ја прекине повеќегодишната преговарачка политика и да тргне во отворен кофликт со Иран, при што од дипломатска точка на гледање, ги користи своите арапски и верски канали во обидот да го изолира Техеран.

Затоа, Саудиска Арабија, со поддршка на повеќе арапски земји, во 2015 година започна војна против побунетите шиитски Хути во Јемен, кои чинат една третина од населението на оваа најсиромашна блискоисточна земја и кои уживаат директна помош на Иран [128]. Истовремено, ја засили својата и онака отворена поддршка на бунтовниците против сирискиот претседател Башар ел Асад. Нејзината интервенција уследи по повеќегодишните остри критики на, како што се истакнува во Ријад, „иранската отворена агресија во регионот", под која таа ја подразбираше иранската поддршка на шиитските паравоени организации во соседните земји, што Иран упорно ја негираше.

Ова нејзино отворено инволвирање во воените судири во Јемен и отворената поддршка на бунтовниците во Сирија, како и најновата саудиско - иранска криза, според повеќето аналитичари, се дел и од одговорот на конечното постигнување спогодба на Иран со шесте светски сили (Соединетите Американски Држави, Руската Федерација, Кина, Велика Британија, Франција и Германија) за неговата нуклеарна програма на 14 јули 2015 година, со која се ублажуваат санкциите на Техеран, давајќи му повеќе пари и политички простор да ги продолжи своите регионални активности.

Најновата жестока конфронтација меѓу двата ривала, шиитски Иран и сунитска Саудиска Арабија веднаш се рефлектираше и во другите исламски земји, пред сé, на Блискиот Исток, меѓу кои дојде до остра поларизација.

[128] *Yemen crisis: Who is fighting whom?*, BBC NEWS, 14 October 2016, http://www.bbc.com/news/world-middle-east-29319423

Некои држави ја поддржаа Саудиска Арабија и веднаш ги прекинаа или го намалија нивото на дипломатските односи со Иран, други застанаа на страната на Иран, а трети побараа смирување на тензиите пред вербалната војна да ескалира. На страната на официјален Ријад веднаш застанаа Бахреин, Судан, Обединетите Арапски Емирати, Кувајт и Јордан, кои следејќи ги чекорите на официјален Ријад, ги прекинаа дипломатските односи со Иран веднаш по антисаудиските протести во јануари. На страната на Иран, пак, застанаа либанското екстремистичко движење Хезболах, режимот на сирискиот председател Башар ал Асад и владата во Ирак која ја предводат шиитите. А, токму ваквиот распоред потврдува дека саудиско - иранскиот конфликт, всушност, претставува и своевидно пресликување на глобалниот судир меѓу Соединетите Американски Држави и Руската федерација околу зоните на влијание, особено на Блискиот Исток, што како краен можен резултат би била блоковска поделба на исламскиот свет. Впрочем, Саудиска Арабија, и покрај сите разлики и критики на официјален Вашингтон околу состојбата со човековите права и поддршката што официјален Ријад им ја дава на повеќе исламистички фундаменталистички организации, покрај Израел, е најголемиот сојузник на Соединетите Американски Држави на Блискиот Исток, додека, пак, Иран, како и Сирија, ужива отворена поддршка на официјална Москва.

Саудиско - иранскиот конфликт силно се одрази и врз повеќето регионални и меѓународни исламски организации, пред сѐ, врз Арапската лига, Советот за соработка на земјите од Заливот и, се разбира, Организацијата за исламска соработка, кои отворено застанаа на страната на Саудиска Арабија. Арапската лига, во која доминантно е влијанието на Саудиска Арабија, на својот вонреден министерски состанок на 10 јануари 2016 година, свикан на барање на официјален Ријад по повод нападите на саудиските претставништва во Иран, жестоко го осуди Иран поради „провокативно дејствување" и го повика да не се меша во внатрешните работи на арапските земји. Слични обвинувања произлегоа и од шефовите на дипломатиите на земјите - членки на Советот за соработка на арапските земји од Персискиот Залив.

Истото се однесува и на Организацијата за исламска соработка, која сé до избувнувањето на граѓанската војна во Сирија, традиционално бележеше строга политика на неутралност, претпочитајќи да не застанува отворено на која било страна од нејзините земји - членки кога доаѓа до нивно несогласување. Но, овојпат пристапот на Организацијата за исламска соработка беше дијаметрално различен и, наместо да дејствува во духот на „исламската солидарност", свика „казнен" итен состанок на Советот на министри за надворешни работи во 21 јануари 2016 година со единствена цел на отстранување на една од своите земји - членки. Впрочем, се повтори приказната од 2012 година кога саудискиот крал Абдула, користејќи го своето и на својата земја огромно влијание врз повеќето земји - членки и врз самата Организација, го иницираше Четвртиот вонреден Исламски самит на 14 и 15 август 2012 година во Мека на кој беше донесена одлука за исклучување на Сирија од членството во Организацијата, што доведе до една од најголемите поделби меѓу земјите - членки дотогаш. Овојпат шефовите на дипломатиите на земјите - членки, усвојувајќи остра антииранска резолуција во која се обвинува Техеран за поддршка на тероризмот и за мешање во внатрешните работи на другите земји, ја прекршија политиката на неутралност и немешање, отворено застанувајќи зад една од страните во спорот, во случајот зад Саудиска Арабија.

Впрочем, тоа можеше и да се очекува, бидејќи Саудиска Арабија во изминатиот период успеа до таа мера да ја инструментализира Организацијата за исламска соработка што ја претвори во голо орудие за остварување на нејзините егоистички национални и стратегиски цели. Таа изврши голем притисок врз Организацијата, сакајќи да ја искористи за што поголемата изолација по секоја цена на нејзиниот најголем ривал, па дури и по цена на поделба на муслиманскиот свет и на самата Организација. Во остварувањето на својата цел, таа употребува тактика на заплашување на земјите - членки, главно со користење на својата финансиска моќ за да се обезбеди поддршка за својата политика против властите во Техеран. Така, на пример, Сомалија, која со децении е крвава арена на сурови меѓуплеменски судири, и Бахреин и Судан, кои се долгогодишни блиски сојузници и приматели на саудиска финансиска поддршка, добија ветување за

финансиска помош од Саудиска Арабија истиот ден кога ги прекинаа дипломатските и сите други односи со Иран. Истовремено, Ријад ја намали својата финансиска помош на издвоениот Либан, кој одби да ја поддржи антииранката резолуција.

Но, тоа не доведе до изолација на Иран, туку уште повеќе повеќе ја продлабочи интерсекташката поделба во рамките на Организацијата за исламска соработка. Како резултат на тоа, шиитските муслимани ја доведоа во прашање независноста и посветеноста на Организацијата на муслиманската солидарност, како што се истакнува во нејзината Повелба. Всушност, за нив ова претставува сигурен јаз меѓу тнр. идеали на Организацијата и нејзините вистински практики.

Во борбата за територии и за лидерство во исламскиот свет Саудиска Арабија и Иран со сите сили се трудат нивниот спор да го претстават како судир меѓу сунитите и шиитите и, бидејќи не сакаат директно да се судрат, својот конфликт го преселуваат во други земји. Во тоа и успеваат, нивниот политичко - религиски судир се прели во повеќето земји на Блискиот Исток, во кои тој се претвори во крвави меѓумислимански, односно сунитско - шиитски, вооружени судири со огромни жртви, разурнувања и реки несреќни бегалци. А, од многубројните примери доволно е само да се спомнат граѓанските војни во Сирија и во Јемен и меѓуверските крвави судири во Ирак, Авганистан и Пакистан, чија свирепост својот одраз сé повеќе го покажува преку разните видови на исламистички тероризам во кои најмногу страда невиното население.

Саудиско - иранскиот конфликт јасно покажува дека внатрешните борби меѓу муслиманите, односно судирите во една цивилизација, а не меѓу повеќе цивилизации, се доминантен тип на конфликти на Блискиот исток во чија основа лежи голата инструментализација на верата, односно на повеќевековниот конфликт во исламот меѓу сунитите и шиитите, кој станува сé посериозна закана, повлекувајќи ги со себе речиси сите муслимански земји и организации, пред сé Организацијата за исламска соработка како најголема и најмоќна панисламска асоцијација. Впрочем, тоа најдобро го потврди неодамнешниот Тринаесети исламски совет во Истанбул кој во сета светлина ја покажа огромната поделеност меѓу земјите - членки на Организацијата за исламска соработка. Наместо да биде искористен за преземање вистински

чекори за унапредување на меѓусебното разбирање и довербата меѓу сунитите и шиитите, односно за намалување на тензиите меѓу Саудиска Арабија и Иран, тој уште повеќе го продлабочи и онака длабокиот јаз меѓу нив, што во прашање го доведе дури и самиот опстанок на Организацијата за исламска соработка.

### 4.2.2. Граѓанската војна во Јемен како нов предизвик на Организацијата за исламска соработка

Покрај граѓанската војна во Сирија и војната против тнр. Исламска држава, како и сѐ поголемите недоразбирања меѓу Саудиска Арабија и Иран, исламскиот свет, а со тоа и Организацијата за исламска соработка, се соочува со уште еден горлив проблем кој сѐ посериозно се одразува и врз самата организација. Станува збор за граѓанската војна во Јемен која, по минатогодишното вмешување на Саудиска Арабија во неа, сѐ повеќе се заканува да прерасне во регионален судир со несогледливи последици. Главната битка во оваа најсиромашна и најнасилна земја на Блискиот исток, која има стратегиска важност како за регионалните играчи, така и за светските најопасни терористички групи, бидејќи се наоѓа на главниот поморски пат кој води од Европа до Азија, се води меѓу силите лојални на претседателот Абдрабух Мансур ал-Хади и Хутите, шиитска бунтовничка група од северот на земјата [129]. Хади ја ужива поддршката на сунитскиот југ, односно на локалните племиња и милиции наречени Одбори на народниот отпор, но и на сунитска Саудиска Арабија. Хутите, пак, како најмоќна организирана политичка и воена група во северниот дел на Јемен, уживаат отворена поддршка на Иран и на либанската шиитска организација Хезболах. Всушност, вака поделениот Јемен е верно пресликување на поделеноста на муслиманите на сунити и шиити на глобално ниво. Зашто, јеменското општество е најеклатантен пример на внатрешен меѓумуслимански судир меѓу сунитите, кои опфаќаат 55 насто од јеменската популација, и шиитите,

[129] *SVE O RATU U JEMENU: Ko je ko u sukobu i zašto je počelo krvoproliće?* http://www.telegraf.rs/vesti/1497250-sve-o-ratu-u-jemenu-ko-je-ko-u-sukobu-i-zasto-je-pocelo-krvoprolice-foto-video

односно нивната подгрупа Зеиди, чии припадници се Хутите. Освен тоа, во изминатава деценија во Јемен сé повлијателни станаа и строгите пуритански салафи и вахабисти, од чии редови се регрутираат најголемиот број припадници на исламистичките терористички организации[130].

Затоа, покрај овој сунитско - шиитски (хутски) кофликт, ситуацијата во Јемен дополнително е обременета и со појавата и дејствувањето на терористичката организација Ал - Каеда на Арапскиот Полуостров (AQAP) во 2009 година, која Запад ја смета за најопасен огранок на Ал - Каеда, како и со појавата на јеменскиот огранок на џихадистичката Исламска држава во 2014 година, која искористувајќи го хаосот во земјата успеа да освои значителен дел од нејзината територија и да изведе серија терористички напади во кои настрадаа голем број невини цивили [131].

Најновите судири во Јемен ескалираа во пролетта 2015 година кога Хутите, преземајќи ја власта над целокупната територија на некогашен Северен Јемен, продреа на југот на земјата, принудувајќи го Хади да го напушти главниот град на некогашен Јужен Јемен, Аден, во кој беше засолнат по целосното освојување на Сана од Хутите во јануари 2015 година. Паѓањето на Аден беше спречено во последен момент со започнувањето на воздушната кампања на соседна Саудиска Арабија и на нејзините коалициски партнери од Арапската лига против Хутите на 26 март 2015 година.

Овие крвави судири во Јемен се само кулминација на повеќе од една деценија латентниот конфликт меѓу централната власт во Сана, предводена од сунитите и олицетворена најпрвин во поранешниот повеќедецениски автократски претседател Али Абдулах Салех, а потоа и во неговиот наследник Абдрабух Мансур ал-Хади. Првите судири започнаа кога Хутите, кои се припадници на бунтовничката група позната како „Ансар Алах" („Следбеници на

---

[130] *Hashem Ahelbarra, Yemen crisis explained: As Yemen plunges deeper into chaos, Al Jazeera Hashem Ahelbarra explains who the key players are in the conflict, Al Jazeera, 20 january 2015,* http://www.aljazeera.com/news/middleeast/2015/01/yemen-crisis-201512010294461878.html
[131] Zachary Laub, *Yemen in Crisis*, Council on foreing relations, April 19, 2016, http://www.cfr.org/yemen/yemen-crisis/p36488

Бог"), предводени од нивниот лидер Хусеин бадр ал-Дин ал-Хути, во 2004 година кренаа востание во обид да остварат поголема самоуправа во нивната покраина Сада и да го заштитат верското и културното наследство на Зеидите од сунитскиот ислам.

По убиството на ал-Хути кон крајот на 2004 година, Хутите, кои името го презедоа од нивниот лидер, организираа уште пет востанија, барајќи поголемо политичко влијание во земјата и обвинувајќи ја власта дека ги занемарува националниот развој и правата на Зеидите, како и дека сé повеќе се врзува за Саудиска Арабија. Во 2010 година беше потпишан мировен договор, но само неполна година подоцна тие беа предводници на големото народно востание во рамките на тнр. Јеменска арапска пролет против поранешниот претседател Али Абдулах Салех. Нивниот отпор против централната власт во Сана продолжи и по доаѓањето на власт на претседателот Хади во ноември 2011 година. Незадоволни од транзицијата на власта и неговото владеење, особено од неговиот предлог Јемен да стане федерација од шест региони, тие во септември 2014 година организираа бунт заземајќи делови од главниот град Сана. Веќе во јануари 2015 година тие ја освоија Сана и го принудија Хади да пребегне во Аден, а потоа и да побара азил во Саудиска Арабија.

И по повеќе од една и пол година жестоки борби, во кои од март 2015 до октомври 2016 година загинаа повеќе од 6.800 луѓе, а околу 35.000 беа повредени [132], ситуацијата во Јемен и натаму е статус кво. Провладините сили, кои ги сочинуваат војници лојални на претседателот Хади и сунитските јужни племиња и сепаратисти, успеаја да го задржат Аден под своја контрола, а Хутите, пак, и покрај жестоката воздушна кампања на коалицијата предводена од Саудиска Арабија, ги задржаа своите своите позиции во северниот дел на земјата, вклучувајќи го и главниот град Сана, но и да го пренесат конфликтот и на саудиска територија. Во меѓувреме, пропаднаа сите напори за изнаоѓање мирно решение, а уште повеќе се продлабочи јазот меѓу Иран и Саудиска Арабија, кои во нивната регионална борба за превласт

---

[132] *Saudi eases Yemen blockade 'to allow raid wounded evacuation'*, 12 october 2016, http://www.al-monitor.com/pulse/afp/2016/10/yemen-conflict-saudi-blockade.html#ixzz4R9ZzhjsQ

меѓусебно се обвинуваат за вмешаност во јеменскиот конфликт. Официјален Ријад и неговите сојузници од Арапската лига и од Советот за соработка на земјите од Заливот го обвинуваат Иран дека воено и финансиски ги помагаат Хутите, преку кои сака да го прошири своето влијание во тој дел на регионот и додека, пак, властите во Техеран остро го критикуваат директното вмешување на Саудиска Арабија во јеменската граѓанска војна. Меѓутоа, факт е дека и двете земји, слично како и во Сирија, и Јемен го користат за остварување на нивните геополитички и геостратегиски интереси преку завојуваните страни. Зад јеменските сунити цврсто стои Саудиска Арабија, а Хутите и Иран делат слични геополитички интереси, обидувајќи се да ја намалат доминацијата на Саудиска Арабија и на Соединетите Американски Држави во регионот. Во целиот тој хаос евидентна е неспособноста на Организацијата за исламска соработка, која само декларативно се залага за изнаоѓање мирно решение. Тоа беше потврдено и на средбата на генералниот секретар Мадани со претседателот Хади во Њујорк на 20 септември 2016 година, на која тој ја реафирмира поддршката на независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет на Јемен, критикувајќи го странското мешање во внатрешните работи на оваа земја [133]. Но, ако се има предвид фактот дека Организацијата за исламска соработка ја поддржа саудиската воена интервенција во Јемен, повеќе од јасно е дека секој нејзин напор за изнаоѓање мирно решение однапред е осуден на неуспех.

### 4.3. Импликации на концептот Умет врз единството на Организацијата за исламска соработка како меѓународна организација

Организацијата за исламска соработка како меѓународна организација ги обединува исламските држави во рамките на концептот на муслиманската заедница - Умет, која се сфаќа како „наднационална заедница со заедничка историја" и најчесто се користи со значење на колективна заедница на исламските народи. Според општоприфатените мислења, концептот на Умет претставува многу конкретен концепт на идентитет, заедничко поврзување

[133] *Secretary General meets Yemeni President in New York*, 21.09.2016, http://www.oic-oci.org/topic/?t_id=11588&t_ref=4541&lan=en

на луѓе со исти чувства надвор од опсегот на националните или државните идентитети. Но, токму сфаќањето и, особено, толкувањето на овој концепт од страна на највлијателните земји - членки на Организацијата за исламска соработка доведе до големи, па дури и дијаметрално спротивни и непремостливи разлики не само во теоријата, туку и во неговото практично спроведување.

Така, Саудиска Арабија Уметот во суштина го сфаќа како верски ентитет и за неа посветеноста на религиозна православност е централно место во религиозноста на Уметот, поради што таа интензивно се ангажира во промоцијата на Дава (Da'wah), односно на заштитата и унапредувањето на исламскиот евангелизам или, како што го нарекуваат, муслиманското православие, а Организацијата за исламска соработка ја користи, меѓу другото, и за ширење на верската православност. Затоа, таа се труди да го задржи фокусот на Организацијата многу повеќе врз верските и економските прашања, а не врз политичките и воените. Како духовен центар на исламот и земја во која се наоѓаат муслиманските свети места Мека и Медина, самата Саудиска Арабија се смета за предводник на исламскиот свет и оттука и нејзиното упорно инсистирање на лидерската позиција во исламскиот свет, до толку повеќе што во прилог на тоа таа го користи и фактот дека нејзиниот општествено - политички систем почива врз, како што гордо истакнува, принципите на светата книга на исламот - Куранот, а нејзиниот правен систем, пак, се базира исклучиво врз шеријатското право. Токму ваквото радикално конзервативно толкување на сунитскиот ислам, кој во Саудиска Арабија е државна религија, некои критичари го сметаат и за основа на идеологијата на тнр. Исламска држава.

Ваквото толкување на исламот и на концептот на Уметот на Саудиска Арабија лежи во суштината и на нејзината отворена конфронтација со Иран, кој се смета за центар на шиитскиот ислам и кој на Уметот гледа како на верско - политички субјект кој, според неговите сфаќања, е загрозен од западните политички, економски и културни влијанија. Неговите постојани напори и повици за мобилизација на муслиманите против Западот го промовираа во своевиден исламски антизападен и антиизраелски (антиеврејски) идеолошко - политички центар.

Од друга страна, пак, Пакистан, наместо да формира верска перспектива како Саудиска Арабија или политичка перспектива како Иран, Уметот го сфаќа како безбедносна заедница, исто како што ја сфаќа и Организацијата за исламска соработка. Ова гледиште е последица на стравот на официјален Исламабад од постојаната геополитичка несигурност, што за резултат го имаше претворањето на Пакистан во нуклеарна сила.

Наспроти ваквите сфаќања, Турција и Малезија, пак, веруваат дека на Уметот и на Организацијата за исламска соработка им се неопходни умерени гласови и модернизација кои нудат комбинација на демократијата и економскиот развој, без какво било жртвување на религијата. И Турција и Малезија, како едни од најмоќните економски членки на Организацијата за исламска соработка, гледаат на Уметот од аспект на економска можност, а на самата организација како средство за реализација на потенцијалите.

Сево ова недвосмилено покажува дека највлијателните земји - членки во нивната меѓусебна борба за превласт и лидерство како во исламскиот свет, така и во самата Организација за исламска соработка, концептот на Уметот го сфаќаат и го користат исклучиво за остварување на своите егоистички геостратегиски и геоплитички интереси и цели. И затоа, место тој и исламот како заедничка религија на земјите - членки, како што се истакнува во Повелбата на Организацијата за исламска соработка, да претставуваат силен фактор на зближување и солидарност меѓу муслиманските народи, сé повеќе се користат како моќно средство во нивната меѓусебна борба за превласт, што е само уште една причина за големиот амонизитет меѓу нив, кој силно се одразува врз единството и способноста на самата Организација. Оттука, и критиките на некои аналитичари дека нејзината фиксација со антиизраелската агенда и пророштвата за единство на муслиманскиот Умет ја довеле во ќорсокак.

*

* *

Од оваа глава можат да се извлечат следниве поенти:

*- Организацијата за исламска соработка во првите години од своето постоење беше успешен медијатор во разрешувањето на палестинско - јорданскиот конфликт и во запирањето на граѓанската војна во Пакистан, која резултира со независност на Бангладеш.*

*- Меѓутоа, претрпе целосен неуспех во изнаоѓањето решение за спорот меѓу Египет и Либија, прашањето околу независноста на Западна Сахара и осумгодишната ирачко - иранска* војна во осумдесеттите години на минатиот век.

*- Нејзиното појавување како глобален фактор на меѓународната сцена се случи за време на воените конфликти во поранешна Југославија и воената интевренција на НАТО во Авганистан.*

*- Верско - политичкиот судир меѓу Саудиска Арабија и Иран, кој ја одразува повеќевековната поделеност на исламот на две фракции, сунити и шиити, и инструментализацијата на Организацијата за исламска соработка од страна на Саудиска Арабија несомнено е главната причина за нејзиниот неуспех како фактор за надминување и решавање на внатремуслиманските конфликти, особено во Сирија и во Јемен.*

*- Различното сфаќање на концептот на Умет, односно муслиманска заедница, врз кои се темели Оганизацијата за исламска соработка, исто така, е еден од ограничувачките фактори кои негативно се одразуваат врз нејзиното единство и дејствување на меѓународната сцена.*

# ГЛАВА V

# ЗАКЛУЧОК

Основната цел на ова истражување беше да се утврди поставената хипотеза дали Организацијата за исламска соработка како меѓудржавна организација на земјите од исламскиот свет поседува капацитет да претставува мобилизирачки и обединувачки фактор на исламските држави во насока на надминување меѓурелигиски конфликт, кој е производ од прогресорот на верскиот екстремизам и милитантен исламизам. Изнесените факти говорат дека Организацијата за исламска соработка, како единствена меѓународна организација во современиот свет, која е формирана и дејствува врз верска основа, и покрај многуте предизвици пред кои беше изложена, сепак, успеа да израсне во модерна меѓународна организација со дефинирано место и субјективитет во меѓународните односи. Нејзината втемеленост врз исламот како религија ѝ овозможи да стане втора по големина меѓудржавна организација во светот веднаш по Обединетите нации со 57 полноправни членки и пет земји - набљудувачки, што само по себе ја прави глобален фактор во меѓународните односи.

Но, и покрај тоа, таа во изминатиов период не успеа да се наметне како фактор кој ќе игра значајна улога во современите меѓународни односи чиј глас ќе има тежина соодветна на нејзината големина, а уште повеќе како решавачки фактор во муслиманскиот свет. Тоа, пред сѐ, е резултат на поголем број ограничувачки фактори, кои произлегуваат од самиот карактер на Организацијата, чие формирање, постоење и дејствување директно се изградени врз куранскиот концепт на Уметот и има свое историско упориште во исламската политичка институција калифат.

Најпрвин, поставувајќи си пред себе невозможна мисија да биде „колективен глас на муслиманскиот свет", таа во своето дејствување се соочува со раскол меѓу прокламираните идеи и цели и реалноста, поради што главно оперира со дефанзивен начин на размислување и дејствување и многу ретко успева да биде во чекор со случувањата во светот. Впрочем, нејзината

досегашна историја беше одбележана со големи внатрешни разлики, несогласувања и дефицит на заемна доверба меѓу нејзините членки, поради што таа не можеше да го обедини муслиманскиот свет во една целина. Тоа, пак, е резултат на нејзината неспособност да воспостави консензус меѓу нејзините членки бидејќи, соочувајќи со мошне слаба структура на моќ, таа не успеа да изгради авторитетна позиција кај своите членки од чија добра волја зависи спроведувањето на нејзините одлуки.

Религиската втемеленост на Организацијата, од која таа ја црпи сета своја моќ и ја прави да биде силен мобилизирачки и обединувачки фактор на исламскиот свет, но истовремено е и еден од главните ограничувачки фактори со кои се соочува таа, лежи и во основата на нејзините базични документи - Повелбата и, особено, Декларацијата за човековите права во исламот од Каиро. Зашто, за разлика од Универзалната декларација за човековите права, Каирската декларација се однесува само на човековите права на муслиманите. Како таква таа е најкритикуваниот документ бидејќи, потпирајќи се врз шеријатското право, го глорификува исламот како единствена религија, дискриминирајќи ги другите религии и правата на жените.

Покрај тоа, ограничувачки фактор за неа е и економската нееднаквост на земјите - членки, од кои многу мал дел се богати, а поголемиот дел сиромашни, особено на африканскиот континент. Токму тоа и различните приоритети на побогатите муслимански земји сериозно ги погодуваат муслиманскиот Умет во целина и, особено, Организацијата за исламска соработка. Затоа, за да ги исполни идеалите за политичка хармонија, социоекономски развој, културна интеграција и напредни научни сознанија за земјите - членки, таа ја усвои Десетгодишната програма за акција 2005 - 2015 година, која требаше да ги зголеми исламската солидарност, економската соработка, борбата против насилството и мирното решавање на конфликтите. Но, анализите покажуваат дека повеќето од целите не беа реализирани, пред сé, поради зголемувањето на политичката и економската нестабилност во земјите - членки, така што останува да видиме дали новата Десетгодишна програма за акција 2016 - 2025 година, која беше усвоена 42-от Министерски состанок во 2015 година, ќе даде поголеми и далеку повидливи резултати.

Но, сепак, најголемиот проблем со кој се соочува не само Организацијата за исламска соработка, кој произлегува од нејзината религиска втемеленост, туку и исламскиот свет во целина, е различното сфаќање и толкување на исламот како религија, во кој постои остра поделба и нетрпеливост, па дури и исклучивост и негирање, меѓу нејзините две главни фракции - шиитите и сунитите. Оваа внатрешна поделба на исламската религија, односно сунитско - шиитски меѓумуслимански конфликт, кој трае речиси од самото појавување на исламот како религија, денес е најизразен преку ривалството и борбата за превласт меѓу сунитска Саудиска Арабија и шиитски Иран. Нивниот политичко - религиски отворен конфликт кој, преливајќи се во повеќето земји на Блискиот Исток, се претвори во крвави меѓумуслимански сунитско - шиитски вооружени судири, јасно покажува дека внатрешните борби меѓу муслиманите, односно судирите во една цивилизација, се доминантен тип на конфликти во овој дел на светот. Затоа, што во нивната основа лежи голата инструментализација на верата, која длабоко во себе има политичка заднина чија цел е остварување на егоистичките геополитички и геостратегиски цели на највлијателните муслимански држави, пред сé, Саудиска Арабија и Иран, кои во голема мера, пак, се совпаѓаат со оние на големите сили, односно на Соединетите Американски Држави и на Руската Федерација.

Ако кон сево ова се додаде и фактот дека Организацијата за исламска соработка во изминатиов период често беше инструментализирана од нејзините највлијателни членки, особено од Саудиска Арабија, која Организацијата ја сфаќа како нејзина продолжена рака за остварување на нејзините егоистички интереси, тогаш е повеќе од јасно зошто најмоќната панисламска асоцијација не успеа да се покаже како стабилизирачки фактор во исламскиот свет, туку остана само нем набљудувач на крвавите граѓански војни во Сирија и во Јемен, на свирепоста на тнр. Исламска држава, на сунитско - шиитските судири во Ирак, Авганистан и Пакистан, како и на најголемото зло на денешницата - исламистичкиот тероризам.

Исто така, ограничувачки фактор за Организацијата за исламска соработка е и нејзината втемеленост врз концептот на муслиманската заедница - Умет. Меѓутоа, токму сфаќањето и, особено, толкувањето на овој концепт доведе до големи, па дури и дијаметрално спротивни разлики не

само во теоријата, туку и во неговото практично спроведување. Саудиска Арабија и Иран, а во последно време и Турција и Пакистан, го сфаќаат и го користат исклучиво за остварување на своите егоистички интереси и цели, трудејќи се со сите сили да го артикулираат концептот на Уметот од своја перспектива и да привлечат што повеќе членки на своја страна. Затоа, според мислењето на поголем број експерти, таа сé повеќе наликува на „фрлена топка" меѓу нив со што ја губи смислата за насочување и посветеност на своите цели.

Организацијата за исламска соработка во своето досегашно дејствување вметна многу елементи од шеријатското право. Но, меѓу самите земји - членки постојат големи разлики во неговото сфаќање и практикување, кои имаат големо влијание како врз нивните меѓусебни односи, така и врз Организацијата за исламска соработка, во која доминантно е влијанието на Саудиска Арабија, чиј правен и политички систем е заснован исклучиво врз шеријатот и која, користејќи ја својата привилегирана позиција, се труди со сите сили да ги инкорпорира шеријатските начела и во самата Организација. Тоа, пак, кај голем број земји - членки, посебно оние кои се секуларни како Турција, но и оние кои се декларираат како шиитски, како што е Иран, ваквите нејзини напори наидуваат на отворен отпор и отфрлање.

Повеќе од очигледно е дека проширувањето на регионалните, секташките, етничките и економските поделби меѓу муслиманите, кои во некои муслимански средини доведоа до појава на верски ектремизам и милитантен екстремизам, уште повеќе ја влоши кризата во муслиманскиот свет. И покрај тоа што повеќето самити на Организацијата за исламска соработка секогаш акцентот го ставаа врз конфликтите и споровите со кои се соочуваат земјите - членки, сепак, дејствувањето на Организацијата беше ограничено само на донесување резолуции и декларации без какви било видливи резултати на теренот. Токму затоа што никогаш досега немаше можност да учествува во решавањето на конфликти, таа е далеку од тоа да биде ефикасен актер и иницијатор на меѓународната арена, бидејќи постојано им го препушта решавањето на конфликтите на други меѓународни организации, пред сé, на Обединетите нации.

Нејзиниот кредибилитет дополнително беше намален поради нејзиното недејствување во конфликтите во Чеченија, Мјанмар, Босна и Херцеговина и Сомалија, а како посебно тажни примери за нејзината пасивност и неефикасност се војната во Авганистан и инвазиите на западните земји, предводени од Соединетите Американски Држави, врз Либија и Ирак, како и граѓанските војни во Сирија и во Јемен, каде што таа место да биде еден од главните фактори во изнаоѓањето мирно решение, дури и застана зад некои од страните во конфликтите. Таа немаше видлива улога и во тнр. Арапска пролет, како и во повеќето предизвици со кои се соочува муслиманскиот свет во моментов. Сево ова придонесе таа да ја загуби важноста на светската политичката сцена, што е повеќе од тажно за втората транснационална организација во светот, која стана помалку ефективна од многу помали регионални организации во смисла на решавање на конфликти. Најголемата причина за тоа е непостоењето силна политичка волја на земјите - членки во областа на разрешувањето на конфликтите, како и недостатокот на единство меѓу нејзините членки, особено во арапскиот свет.

Поради сево ова, Организацијата за исламска соработка денес се соочува со огромни предизвици, пред сé, од политички, безбедносен, економски, образовен, научен и технолошки, медиумски, како и структурен карактер, кои влијаат врз нејзината способност за резрешување конфликти. Притоа, за неа сериозен проблем претставува и појавата на исламистичкиот тероризам, кој се рефлектира преку тнр. Исламска држава и сериите терористички напади во повеќе европски земји кои, покрај зголемувањето на исламофобијата и ксенофобијата, сериозно го нарушуваат угледот како на исламот како религија и на муслиманскиот свет во целина, така и на Организацијата за исламска соработка, која освен декларативните осуди на речиси секој состанок на нејзините органи, нема преземено ништо конкретно во борбата против ова најголемо зло на денешницата.

Затоа, е неопходно таа да изгради сопствен прагматичен пристап во решавањето на конфликтите со што ќе ги ослободи земјите - членки од канџите на Обединетите нации, како и заедничка надворешна политика, која ќе помогне во одбегнувањето на конфликтни ситуации меѓу муслиманските земји. Таа мора да се транформира во институција која ќе биде способна да ги брани своите права и да спречи надворешна или внатрешна закана која може

да им наштети како на нејзините, така и на интересите на нејзините членки, до толку повеќе што муслиманскиот свет постојано е изложен на воени интервенции од западните сили, како и на внатрешни конфликти. Неопходен услов за тоа е таа да креира исламски мировни сили кои ќе ѝ помогнат да се справувањето со проблемите во муслиманскиот свет без надворешна интервенција. Но, притоа таа треба да води строга сметка да не застанува на која било страна во споровите, туку да задржи строга неутралност. Зашто, во спротивно таа многу лесно може да стане инструмент на одделни влијателни членки, како што впрочем сега е случај со Саудиска Арабија, а тоа неминовно ќе води кон натамошни поделби и непријателства, што може да биде погубно за нејзиниот опстанок.

Впрочем, тоа најдобро го потврди последниот Тринаесетти исламски самит одржан во април 2016 година во Истанбул кој, според аналитичарите, е досега најлош собир на врвот на муслиманскиот свет. Зашто, на него место да се покажат единство и солидарност за правда и мир, како што впрочем гласеше неговото основно мото, тој на светлина ја покажа огромната поделеност меѓу земјите - членки и уште повеќе го продлабочи и онака длабокиот јаз меѓу нив, пред сѐ меѓу шиитски Иран, од една, и блокот сунитски земји, предводен од Саудиска Арабија. И затоа имаат право оние кои сѐ почесто го поставуваат прашањето дали Организацијата за исламска соработка е во состојба да формира вистински колективен дијалог меѓу нејзините земји - членки со кој би се надминале секташките поделби или не и ако не дали тогаш можеби би било посоодветно да се зборува за „Организација на сунитска исламска соработка".

Иако Организацијата за исламска соработка беше формирана со единствена цел да ги обедини муслиманските држави во една меѓународна организација, која ќе ги претставува и застапува како нивните, така и интересите на исламскиот свет, истражувањето покажа дека таа не поседува капацитет да претставува ниту мобилизирачки и ниту обединувачки фактор на исламските држави во насока на надминување меѓурелигиски конфликт.

## БИБЛИОГРАФИЈА

1. Clive Archer, *International organization*, Routledge, 3 edition, London & New York, 16 avgust 2001.

2. Bassiouni Cherif, Beetham David, Justice M. Fathima, Boue Kader A bd-el, *Democracy: Its principles and achievement*, Geneva, Inter-parlamentary Union, 1998.

3. Betts Brenton Robert, *The Sunni – Shi'a divide Islams internal divisions and their global consequences*, Washington D. C., Potomac books, 2013.

4. Ванковска Билјана, *Меѓународна безбедност: критички пристап*, Скопје, Филозофски факултет, 2011.

5. *Верски алманах на Република Македонија – Religious almanac of Republic of Macedonia*, Скопје, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, 2010.

6. Вујаклија Милан, *Лексикон страних речи и израза*, Београд, Просвета, 1991.

7. Георгиева Лидија, *Творење на мирот – мирот, безбедноста и конфликтите по Студената војна*, Скопје, Филозофски факултет, 2007.

8. Георгиева Лидија, *Европска безбедност*, Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Филозофски факултет, 2010.

9. Karić Enes, *Ljudska prava u kontekstu islamsko - zapadne debate*, Pravni centar, Sarajevo, 1996.

10. Котовчевски Митко, *Национална безбедност на Република Македонија*, (*Втор дел: Внатрешни извори на загрозување на националната безбедност*), Скопје, Македонска цивилизација, 2000.

11. Котовчевски Митко, *Етиологија на вооружените конфликти*, Скопје, 2007.

12. *Куран со превод*, превод Хасан Џило, Медина, КСА, Комплекс Мелик Фахд.

13. Morgan M. Patrick, *International security problems and solutions*, Division of Congressional Quarterly Inc.,Washington D.C., 2006.

14. Мурџева - Шкариќ Олга, *Ненасилна трансформација на конфликти*, Скопје, Филозофски факултет, 2007.

15. Nasr Vali, *The Shia revival, (How conflicts within Islam will shape the future)*, New York, W.W. Norton & Company, 2006.

16. Neuman R. Peter, *Terrorism in the 21 century*, Berlin, Friedrich Ebert Stiftung, 2008.

17. Potežica Oliver, *Organizacija islamske konferencije: verske osnove strukture OIK-a*, Beograd, Službeni glasnik, 2008.

18. *Religije svijeta*, Zagreb, Kršćanska sadašnjost, Grafički zavod Hrvatske, 1991.

19. Русо Жан Жак, *Општествениот договор*, Скопје, Мисла, Култура, Наша книга, Комунист, Македонска книга, 1978.

20. Сидовски Стефан, Темков Кирил, *Филозофија*, учебник на IV година на реформираното гимназиско образование, (III издание) Скопје, Просветно дело АД, 2007.

21. *The Charlie Hebdo effect in the Balkans*, The Civil Society Facility Media Freedom and Accountability Programme, European Union, 2013.

22. Tibi Bassam, *Ballot and bullet the politisation of Islam to Islamism*, Department of Political Science Aarhus University, Denmark, 2009.

23. Хангтинтон Ф. Семјуел, *Судирот на цивилизации и преобликувањето на светскиот поредок*, Скопје, Евро - балкан пресс, 2010.

24. Harvey David, *A brief history of neoliberalism*, New York, USA, Oxford University press, 2005.

25. Huntington P. Samuel, *Who are we? America's Great Debate*, London Free Press, 2005.

26. Human rights watch, *Perpetual Minors, Human Rights Abuses Stemming from Male Guardianship and Sex Segregation in Saudi Arabia*, april 19, 2008.

27. Fukuyama Francis, *State - building Governance and world order in the twenty - first century*, Profile books.

28. *Salafism: Politics and the puritanical,* The Economist. 27 June 2015. Retrieved 29 June 2015.

29. Walberg Eric, *From postmodernism to postsecularism, (Re-emerging Islamic civilization)*, Atlanta. GA, Clarity press, 2013.

30. Walz N. Kennet, *Man, the state and war, a theoretical analysis*, New York, Columbia University press, 2001.

31. Wiktorowicz Quintan, *Anatomy of the Salafi Movement*, Washington, D.C, USA, 2006.

**Интернет:**

1. *Charter of the Organisation of Islamic Cooperation,*
http://www.oic-oci.org/ oicv2/page/?p_id=53&p_ref=27&lan=en

2. Duraković Elvir: *Deklaracije o Ljudskim Pravima u Islamu*, Jun 11, 2015,
http://documents.tips/documents/deklaracije-o-ljudskim-pravima-u-islamu-elvir duranovic.html#

4. Ilishev G. Ildus, *The Iran-Saudi Arabia Conflict and its Impact on the Organization of Islamic Cooperation*, Jun 30, 2016
https://www.wilsoncenter.org/publication/the-iran-saudi-arabia-conflict-and-its-impact-the organization-islamic-cooperation

5. Moghadam Assaf, *The Salafi-jihad as a religious ideology*, February 15, 2008.
https://www.ctc.usma.edu/posts/the-salafi-jihad-as-a-religious-ideology

6. Potežica Oliver, *Organizacija islamske konferencije*, Nova srpska politička misao,
http://starisajt.nspm.rs/Debate/2006_opotezica-oik.htm

7. Potežica Oliver: *Organizacija islamske konferencije OIK*,
http://www.islambosna.ba/forum/politika-i-aktuelnosti/oliver-potezica-organizacija-islamske-konferencije - oik/ ? wap2

8. Dallas M. Roark, *Women in the Qur'an*, Answering Islam,
http://www.answering-islam.org/authors/roark/women.html

9. B.G.Ramcharan, *How universal are human rights*,
http://library.fes.de/pdf-files/ipg/ipg-1998-4/debate.pdf

10. Cairo Declaration on Human Rights in Islam,Aug. 5, 1990, U.N. GAOR, World Conf. on Hum. Rts., 4th Sess., Agenda Item 5, U.N. Doc. A/CONF.157/PC/62/Add.18 (1993) [English translation].
http://www1.umn.edu/humanrts/ instree/cairodeclaration.html

11. Hassan al – Banna, *Peace in Islam*, Prelude Ltd, 1997,
http://www.nsw.islamicbulletin.org/ free_downloads/resources/peace_in_islam.pdf

12. Steven Emerson, *Report on the roots of violent islamist extremism and efforts to counter it: the muslim brotherhood,* Senate Committee of Homeland Security and Govermental Affairs, 2008.
http://www.investigativeproject.org/documents/testimony/353.pdf

13. The clarion project, *Human rights in Iran Fact sheet*,
https://www.clarionproject.org/sites/default/files/Human%20Rights%20in%20Iran%20%20Factsheet

14. Valentić Branka, *Sufizam*,
http://nova-akropola.com/kulture-i-civilizacije/religije-i-kultovi/sufizam/

15. Abdul Rahman Dimashqiah, *Hiwar Hadi bayna Sunnah wa Shia – a calm dialogue between sunnah & shia,* Ahlussunnah-wal-Jamah Publications, 2010. http://www.muslimlibrary.com/dl/books/english_A_Calm_Dialogue_between_Sunnah_and_ Shia.

16. Panel discussion, *The growing divide between the sunni and shia worlds* , New York University, Centar for dialogues Islamic world, 2014, http://centerfordialogues.org/pdfs_Islam_and_the_West/The-Growing-Divide-between-the-Sunni-and-Shia-Worlds.pdf

17. „Islamophobia and anti-muslim hatred: causes& remedies", Arches quarterly, Vol.4 Ed.7, The Cordoba Faundation, 2010, http://www.thecordobafoundation.com/attach/ARCHES_ Vol%204 _Edition%207.PDF

18. *Cairo Declaration on Human Rights in Islam - Diverges from the Universal Declaration of Human Rights in key respects,* EuropeNews December 01 2007, http://en.europenews.dk/Cairo-Declaration-on-Human-Rights-in-Islam-Diverges-from-the-Universal-Declaration-of-Human-Rights-in-key-respects-78272.html

19. Kayaoğlu Turan, *It's Time to Revise The Cairo Declaration of Human Rights in Islam,* April 23, 2012, https://www.brookings.edu/opinions/its-time-to-revise-the-cairo-declaration-of-human-rights-inislam/

20. M. Ihsan Qadir and M. Saifur Rehman, *Organization of Islamic Co-operation (OIC) and Prospects of Yemeni Conflict Resolution: Delusion or Plausible Reality,* Journal of Political Studies, Vol. 22, Issue - 2, 2015, http://pu.edu.pk/images/journal/pols/pdf-files/2%20%20IHSAN_v22_2_wint2015.pdf

21. *Perceptions of discrimination and islamophobia, Voices from members of muslim communities in the European Union,* European Monitoring Centar on Racism and Xenophobia, 2006. http://www.oicun.org/uploads/files/articles/Perceptions_EN.pdf

22. Abul A'la Maududi, *Jihad in islam* ,The Holy Koran Publiching House, Beirut, Lebanon, 2006, http://muhammadanism.com/Terrorism/jihah_in_islam/jihad_in_islam.pdf

23. *The Cairo declaration on human rights in islam,* Organisation of Islamic Cooperation, http://www.oic-oci.org/english/article/human.htm

24. *Cairo Declaration on Human Rights in Islam - Diverges from the Universal Declaration of Human Rights in key respects,* EuropeNews, December 01 2007, http://en.europenews.dk/Cairo-Declaration-on-Human-Rights-in-Islam-Diverges-from-the-Universal-Declaration-of-Human-Rights-in-key-respects-78272.html

25. Deborah Weiss, *The organization of Islamic cooperation's jihad on free speech*, Center for Security Policy Press,North Charleston, SC, 2015, https://www.centerforsecuritypolicy.org/ wp content/uploads/2015/07/OIC_Free_Speech_Jihad.pdf

26. *The organization of the Islamic Conference (OIC) – Overview and analysis*, http://fimforum.org/f/library/OIC_Overview_and_Analysis.pdf

27. *Ten year programme of action , to meet the challenges facing the muslim immah in the 21 centry, third extraordinary session of the islamic summit conference*, http://www.oic-oci.org/ex-summit/english/10-years-plan.htm

28. *The OIC - 2025 Programme of action*, http://www.oic-oci.org/poa/poa_v4_en.pdf

29. *Sve o ratu u Jemenu: Ko je ko u sukobu i zašto je počelo krvoproliće?*", 27 mart 2015,http://www.telegraf.rs/vesti/1497250-sve-o-ratu-u-jemenu-ko-je-ko-u-sukobu-i-zasto-je-pocelo-krvoprolice-foto-video

30. Robert Bubalo, *Alaviti su muslimani koji piju vino i ljevičari koji vladaju Sirijom*, Večernji list, Zagreb, 22.9.2015, http://www.vecernji.hr/svijet/alaviti-su-muslimani-koji-piju-vino-i-ljevicari-koji-vladaju-sirijom-3-1026175

31. *Alevism*, Harvard divinity school, http://rlp.hds.harvard.edu/faq/alevism

32. Lazar Paščanović, *Druzi, čuvari tajne*, 31. 3. 2007, Klub putnika, http://www.klubputnika.org/zbirka/putoskop/24-druze-cuvari-tajne

33. Hashem Ahelbarra, *Yemen crisis explained: As Yemen plunges deeper into chaos, Al Jazeera Hashem Ahelbarra explains who the key players are in the conflict,* Al Jazeera, http://www.aljazeera.com/news/middleeast/2015/01/yemen-crisis 201512010294461878.html

34. *Saudi eases Yemen blockade 'to allow raid wounded evacuation',* 12 october 2016, http://www.al-monitor.com/pulse/afp/2016/10/yemen-conflict-saudi blockade.html#ixzz4R9ZzhjsQ